Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија
на Република Северна Македонија
СКОПЈЕ

Примено:	03.07.2026		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02-	4972/1		

Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија на Република Северна Македонија

Единечни финансиски извештаи
за годината што завршува
на 31 декември 2025 и
Извештај на независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 6
Единечен извештај за сеопфатната добивка	7
Единечен извештај за финансиската состојба	8
Единечен извештај за промените во главнината	9
Единечен извештај за паричните текови	10
Белешки кон единечните финансиски извештаи	11 – 40
Прилог 1 – Единечен годишен извештај	
Прилог 2 – Единечна годишна сметка	

forvis mazars

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: + 389 (0) 2 3166 156
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

Извештај за ревизијата на единечните финансиски извештаи

Воздржување од мислење

Ние бевме ангажирани да извршиме ревизија на единечните финансиски извештаи на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија („Друштвото"), кои се состојат од единечниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година и единечниот извештај за сеопфатната добивка, единечниот извештај за промените во главнината и единечниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и белешките кон единечните финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Ние не изразуваме мислење за придружните единечни финансиски извештаи на Друштвото. Поради значајноста на прашањата што се опишани во делот Основи за воздржување од мислење од нашиот извештај, не бевме во можност да собереме доволни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за ревизорско мислење за овие единечни финансиски извештаи.

Основи за воздржување од мислење

Како што е обелоденето во Белешките 3.6 и 12 кон придружните единечни финансиски извештаи, недвижностите и опремата на 31 декември 2025 година изнесувале 699,413 илјади денари, од кои средствата во подготовка изнесувале 596,128 илјади денари, кои се однесувале на видеолотариски терминали и нивна придружна опрема набавени во текот на 2024 година, но до датумот на овој Извештај истите не биле активирани и биле складирани во магацински простории. Нивната идна употреба останала неизвесна, имајќи го предвид автентичното толкување на член 7 од Законот за игри на среќа и забавни игри, донесено од Собранието на Република Северна Македонија на 13 август 2024 година и објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 168/2024 од 14 август 2024 година, според кое приредувањето на електронските и интернет игри на среќа можело да се врши само од едно трговско друштво, а правото за вршење на оваа дејност на територијата на Република Северна Македонија веќе било доделено на друго друштво. Дополнително, во врска со околностите поврзани со набавката и можноста за користење на наведената опрема се воделе постапки пред надлежните органи, чиј исход не можел да се утврди до датумот на овој Извештај. Притоа, Друштвото не извршило и не доставило на располагање тестирање, односно проверка дали средствата во подготовка се обезвреднети на 31 декември 2025 година, односно дали нивната надоместлива вредност е помала од вредностите искажани во единечните финансиски извештаи, во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 36 „Обезвреднување на средства" што е во примена во Република Северна Македонија. Дополнително, Друштвото не располагало со воспоставен системски регистар на недвижности и опрема и нематеријални средства во рамките на сметководствениот информациски систем. Евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства не била централизирана, ниту била обезбедена соодветна поврзаност помеѓу аналитичката евиденција и главната книга. Поради тоа, пресметката на акумулираната амортизација на 31 декември 2025 година во износ од 290,590 илјади денари и пресметката на амортизацијата за 2025 година во износ од 17,517 илјади денари не се вршеле директно преку сметководствениот систем, туку врз основа на вонсистемски помошни евиденции. Ваквиот начин на водење на евиденцијата ја ограничува можноста за целосно следење и потврдување на набавната вредност, акумулираната амортизација и сегашната вредност на средствата по поединечно средство, особено во однос на состојбите и движењата пренесени од претходни периоди, и можел да доведе до неконзистентност во примената на амортизационите стапки и методи. Понатаму, утврдените разлики по пописот, односно кусоците и вишоците, не биле евидентирани во материјалната и финансиската евиденција согласно Извештајот за извршен попис на средствата од 10 март 2026 година. Било какви разлики кои би биле идентификувани доколку било извршено целосно усогласување на евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства, би можеле да имаат материјално значаен ефект врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година и за годината што тогаш завршува. Поради сето ова, а имајќи ја предвид природата на евиденциите на Друштвото, ние не бевме во можност да ги утврдиме ефектите врз вредноста на недвижностите и опремата и нематеријалните средства во единечните финансиските извештаи на Друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и евентуалните ефекти на нето резултатот и потенцијалните даночни ефекти за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешките 14 и 19 кон придружните единечни финансиски извештаи, вложувањата во подружници на 31 декември 2025 година изнесувале 801,396 илјади денари. За истиот износ Друштвото евидентирало и премии на акции за удели во трговски друштва. Овие вложувања произлегуваат од основање и учество во подружници во кои Друштвото има контролен удел, при што како придонес е внесено одредено право чија вредност не била поткрепена со соодветна документација, независна проценка или друг објективен и мерлив критериум врз основа на кој би можело да се утврдат евидентираните износи. Отсуството на соодветна правна и фактичка основа за внесувањето и вреднувањето на вложувањата укажувало дека вложувањето било извршено спротивно на важечките законски прописи и на основните начела на законито и одговорно работење. Следствено, утврдената незаконитост не се однесувала само на начинот на сметководствено евидентирање, туку и на самото преземање и реализирање на вложувањето. Како резултат на тоа, не бевме во можност да се увериме дали вредноста на вложувањата во подружниците е соодветно утврдена и призната во единечните финансиски извештаи. Дополнително, евидентирањето на премија на акции за истиот износ не било поткрепено со трансакција која претставува емисија на акции на Друштвото, ниту ни беше ставена на располагање документација врз основа на која би можеле да се увериме во природата, основата и точноста на евидентираниот износ. Дополнително, на 24 септември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледала Информацијата во врска со потребата за престанување на подружниците и го одобрила работењето на Управниот одбор на Друштвото во врска со отпочнувањето на постапката за престанување на истите во кои Друштвото е содружник. До датумот на овој Извештај, постапката за престанување е целосно завршена само за НОВО ВЛТ ДОО Скопје, додека постапките за останатите друштва биле во тек. Друштвото не извршило детална проценка на нивната надоместлива вредност и не направило тест за обезвреднување на вложувањето во подружниците. Поради тоа, не бевме во можност да утврдиме дали евидентираните вложувања во подружници и премиите на акции се соодветно признати, вреднувани и презентирани во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија.

Како што е обелоденето во Белешката 16 кон придружните единечни финансиски извештаи, побарувањата од купувачи на 31 декември 2025 година изнесувале 121,816 илјади денари. Во рамките на овие побарувања биле вклучени побарувања од екстерни агенти во износ од 71,150 илјади денари, кои не биле усогласени со евиденциите на екстерните агенти, ниту биле адекватно потврдени преку конфирмации. Дополнително, за овие побарувања Друштвото не располагало со соодветна старосна анализа, поради што не бевме во можност да се увериме дали е потребна исправка на вредност на 31 декември 2025 година. Понатаму, во рамките на побарувањата од купувачи биле евидентирани салда во износ од 26,425 илјади денари кои произлегуваат од интерни трансакции со сопствени продажни места на Друштвото, како и салда врз основа на приредување на игрите Кено во вкупен износ од 23,451 илјади денари. Врз основа на нивната природа и економска суштина, овие салда не би требало да претставуваат побарувања од купувачи бидејќи не произлегуваат од договорен однос кој создава право на Друштвото да прими парични средства од друга страна, согласно дефиницијата за финансиско средство во МСС 32 „Финансиски инструменти: Презентирање“ и критериумите за признавање од МСС 39 „Финансиски инструменти: Признавање и мерење“. Сепак, поради ограничувањата во расположливата документација и евиденциите, не бевме во можност да го утврдиме точниот ефект од нивното усогласување, порамнување, рекласификација или евентуално отпишување. Како резултат на наведеното, не бевме во можност да се увериме во постоењето, точноста, вреднувањето и соодветната презентација на побарувањата од купувачи на 31 декември 2025 година, ниту да го утврдиме потенцијалниот ефект кој евентуалните исправки на вредност, рекласификации или други корекции би го имале врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 16 кон придружните единечни финансиски извештаи, останатите побарувања на 31 декември 2025 година изнесувале 189,187 илјади денари, од кои побарувања поврзани со приредувањето интернет игри на среќа преку онлајн платформата „Мегавин" изнесувале 106,794 илјади денари. Врз основа на природата на работењето преку онлајн платформата „Мегавин", кое се одвива со уплати и исплати на безготовинска основа, како и начинот на водење на евиденцијата, депозитите на играчите, неисплатените добивки и поврзаните безготовински движења не би требало да претставуваат побарувања на Друштвото. Понатаму, во рамките на останатите побарувања биле евидентирани аванси за исплата на мали добивки во износ од 26,504 илјади денари, кои во најголемиот дел се однесувале на средства дадени на уплатно – исплатни места од примарната продажна мрежа на Друштвото за потребите на тековното работење и исплата на добивки. Со оглед дека уплатно – исплатни места на Друштвото не претставуваат посебни правни субјекти, ваквите салда по својата економска суштина не претставуваат побарувања од трети лица и не требало да бидат евидентирани како побарувања. Дополнително, наведените салда не биле усогласени со евиденциите на продажните места, ниту ни беше ставена на располагање соодветна документација врз основа на која би можеле да се увериме во нивната точност, постоење и соодветна класификација. Исто така, во рамките на останатите побарувања биле евидентирани спорни ненаплатени дневни пазари во износ од 6,628 илјади денари, кои согласно расположливата документација и изјавите на раководството биле неусогласени, а нивната наплатливост била неизвесна. Поврзано со сето горенаведено, во сметководствената евиденција биле вршени значајни преноси и прекнижувања помеѓу сметките за депозити на играчи, неисплатени добивки, парични средства, преодни конта, интерни задолжувања и други поврзани салда, без јасна економска основа и без соодветна поткрепувачка документација спротивно на барањата на МСС 32 „Финансиски инструменти: Презентирање" и МСС 39 „Финансиски инструменти: Признавање и мерење". Како резултат на тоа, не бевме во можност да се увериме дека наведените салда претставуваат реални побарувања на Друштвото, ниту да го утврдиме точниот ефект кој нивното усогласување, рекласификација или евентуална корекција би го имале врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

Како што е обелоденето во Белешката 20 кон придружните единечни финансиски извештаи, обврските кон добавувачите на 31 декември 2025 година изнесувале 122,794 илјади денари и истите не беа адекватно конфирмирани. Како резултат на тоа, како и поради природата на документацијата на Друштвото, ние не бевме во состојба да ја потврдиме состојбата на обврските кон добавувачите на 31 декември 2025 година со други ревизорски постапки.

Како што е обелоденето во Белешките 15 и 20 кон придружните единечни финансиски извештаи, останатите обврски на 31 декември 2025 година изнесувале 1,331,508 илјади денари, од кои обврските за фонд на добивки изнесувале 399,721 илјади денари. Обврските за фонд на добивки се директно поврзани со евиденцијата на залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на инстант лозовите усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, врз основа на извршениот увид во сметководствената евиденција на Друштвото, добиените информации од централниот online систем и спроведените аналитички постапки, утврдивме дека постои неусогласеност во износот на неисплатениот фонд на добивки помеѓу централниот online систем и сметководствената евиденција на 31 декември 2025 година, при што неисплатениот фонд на добивки во сметководствената евиденција е помал за износ од 75,690 илјади денари. Дополнително, залихите на инстант лозовите не биле усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари. Како резултат на наведеното, како и поради меѓусебната поврзаност на евиденцијата на залихите на грепки и фондот на добивки, не бевме во можност да се увериме во точноста, комплетноста и соодветната презентација на обврските за фонд на добивки на 31 декември 2025 година, ниту да го утврдиме целосниот ефект кој усогласувањето на овие состојби би го имало врз залихите, останатите обврски, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 17 кон придружните единечни финансиски извештаи, краткорочните позајмици изнесувале 282,543 илјади денари и вклучувале краткорочни позајмици од минати години во износ од 252,543, кој имале рок на доспевање од 3 до 6 месеци, повеќекратно пролонгиран. До датумот на овој Извештај, позајмиците биле со истечен рок на доспевање и биле склучени анекси кон договорите со кој се утврдил рокот на враќање на позајмиците, при што Друштвото имало последователно наплатено само 10,000 илјади денари од АД Електрани на Република Северна Македонија, од кои се очекувало целосна наплата до крајот на 2026 година, а од останатите друштва немало реализирана наплата, ниту постоеле утврдени планови или договорена динамика за нивно подмирување. Наведените околности укажуваат на постоење на значајна неизвесност во однос на наплатливоста на овие побарувања. Како резултат на тоа, ние не бевме во состојба да ги утврдиме ефектите од потенцијалното обезвреднување на 31 декември 2025 година, ниту ефектите врз нето резултатот и потенцијалниот данок на добивка за годината што тогаш завршува.

Како што е обелоденето во Белешката 5 кон придружните единечни финансиски извештаи, вкупните приходи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесувале 2,260,026 илјади денари, од кои 369,467 илјади денари се приходи од лотариски игри на среќа. Врз основа на спроведените ревизорски процедури, идентификувавме дека при предавањето на дневниот пазар од вработените на продажните места не се подготвувала соодветна документација како потврда за извршената трансакција, ниту се подготвувал документ со кој се потврдувал приемот на готовината од одговорните лица. Исто така, не бил воспоставен соодветен систем на благајничка евиденција и следење на дневните парични текови кое би овозможило целосна трага од остварениот промет до неговото конечно депонирање на банкарските сметки на Друштвото. Дополнително, поради начинот на евидентирање и архивирање на документацијата, не ни беше доставена поткрепувачка документација за ревизорскиот примерок на избрани трансакции, вклучително и за трансакции реализирани преку безготовинска уплата. Исто така, врз основа на расположливите информации утврдивме дека уплатите на дневен пазар во банка биле направени групно само на три датуми до јули 2025 година, при што истовремено со евидентираните уплати биле евидентирани и значајни повлекувања и преноси на средства преку благајна и разни преодни конта. За овие трансакции не ни беше ставена на располагање документација која би обезбедила доволна трага за фактичкото движење на готовината, нејзиното физичко примање, понатамошна употреба и крајно порамнување. Исто така, утврдивме дека дел од дневниот пазар бил евидентиран преку сметководствени преноси и затворања на салда помеѓу побарувања од сопствени продажни места, преодни конта, фонд на добивки и други поврзани сметки, без соодветна поткрепувачка документација за економската основа на таквите евидентирања. Дополнително, не била обезбедена соодветна сегрегација на должности во процесот на управување, евидентирање и контрола на готовината, имајќи предвид дека функцијата финансиски директор истовремено била поврзана и со благајничкото работење. Поради наведеното, не бевме во можност да утврдиме дали сите остварени приходи од лотариски игри на среќа биле целосно и точно евидентирани, дали соодветните парични средства биле фактички применети од Друштвото, како и дали поврзаните парични средства, побарувања, обврски и други билансни позиции биле соодветно евидентирани на 31 декември 2025 година. Како резултат на тоа, не бевме во можност да стекнеме доволни и соодветни ревизорски докази во однос на приходите од лотариски игри на среќа, поврзаните парични средства и парични текови, резултатот од работењето, финансиската состојба и потенцијалните даночни ефекти за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Како што е обелоденето во Белешката 18 кон придружните единечни финансиски извештаи, парите и паричните еквиваленти на 31 декември 2025 година изнесувале 898,822 илјади денари. Овој износ вклучува и средства за исплата на добивки од игри на среќа во износ од 62,500 илјади денари кои во текот на првата половина од 2025 година биле повлечени од жиро-сметка на Друштвото во неколку наврати и кои на 31 декември 2025 година сè уште се евидентирани на преодни сметки. Меѓутоа, за овие средства не ни беше доставена соодветна поткрепувачка документација дека истите претставуваат расположливи парични средства на 31 декември 2025 година, ниту истите биле потврдени со попис на парични средства на тој датум. Дополнително, парите во благајна вклучуваат негативен износ од 18,014 илјади денари кој произлегувал од користење на преодни сметки, неусогласени побарувања и обврски и други привремени книжења, без соодветна поткрепувачка документација. Како резултат на тоа, ние не бевме во можност да стекнеме доволни и соодветни ревизорски докази во однос на парите и паричните еквиваленти на 31 декември 2025 година, ниту за паричните текови за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 3.11 кон придружните единечни финансиски извештаи, за годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото склучило 48 договори за набавка на услуги, стоки и градежни работи во вкупен износ од 172,384 илјади денари, без данокот на додадена вредност. Меѓутоа, не ни беше доставена целокупната документација за спроведените постапки за јавни набавки за избраниот ревизорски примерок, а кои се однесуваат на набавки на маркетинг и медиумски услуги, осигурување, изнајмување софтвер за лотариски систем, одржување, комуникациски услуги за APN мрежа и услуги за закуп на компјутерски ресурси за резервна локација, службени возила, нафта, лиценци за напредни сајбер безбедносни системи, како и други услуги и средства поврзани со редовното работење на Друштвото. Поради недостиг на доволни и соодветни ревизорски докази, не бевме во можност да утврдиме дали наведените постапки за јавни набавки биле спроведени во согласност со релевантната законска регулатива, ниту да се увериме дали поврзаните трошоци, набавени средства, обврски и потенцијални даночни ефекти се соодветно евидентирани во единечните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Како што е обелоденето во Белешките 25 и 28 кон придружните единечни финансиски извештаи, во текот на 2024, 2025 и 2026 година биле спроведени постапки од Основното јавно обвинителство Скопје, против лица за проневера во Друштвото и против лица за злоупотреба при јавни набавки во Друштвото. Постапките биле сè уште во тек.

Одговорност на раководството за единечните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на единечните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на единечните финансиски извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине неговото работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на единечните финансиски извештаи

Наша одговорност е да извршиме ревизија на единечните финансиски извештаи на Друштвото во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“) и да издадеме ревизорски извештај. Сепак, поради прашањата што се опишани во делот Основи за воздржување од мислење од нашиот извештај, ние не бевме во можност да собереме доволни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за ревизорско мислење за овие единечни финансиски извештаи.

Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на единечните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија.

(продолжение)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на единечен годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на единечниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во единечната годишна сметка и ревидираните единечни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во единечниот годишен извештај за работењето на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во единечната годишна сметка и ревидираните единечни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје • Друштво за ревизија
forvis mazars

Јане Иванов
Овластен ревизор

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

26 јуни 2026 година

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
Приходи од продажба	5	2,260,026	1,725,299
Останати приходи		659	913
		2,260,685	1,726,212
Трошоци за суровини, материјали и енергија	6	(26,493)	(18,282)
Трошоци за услуги	7	(1,318,899)	(1,158,363)
Трошоци за вработени	8	(107,167)	(92,779)
Амортизација	12, 13	(31,747)	(17,517)
Останати трошоци од работењето	9	(646,671)	(503,703)
		(2,130,977)	(1,790,644)
Добивка / (загуба) од оперативно работење		129,708	(64,432)
Финансиски приходи, нето	10	611,268	611,973
Добивка пред оданочување		740,976	547,541
Данок на добивка	11	(15,768)	-
Нето добивка за годината		725,208	547,541
Останата сеопфатна добивка по оданочување		-	-
Вкупна сеопфатна добивка за годината		725,208	547,541
Заработувачка по акција во денари			
основна		16,116	12,168
разводната		16,116	12,168

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешки	31 декември 2025	31 декември 2024
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	12	1,342	1,457
Недвижности, постројки и опрема	12	699,413	710,583
Средства со право на користење	13	24,445	-
Вложување во подружници	14	801,397	1,115,084
		1,526,597	1,827,124
Тековни средства			
Залихи	15	336,081	470,039
Побарувања од купувачи	16	121,816	82,428
Останати побарувања	16	189,187	215,290
Краткорочни позајмици	17	282,543	252,543
Пари и парични еквиваленти	18	898,822	279,806
		1,828,449	1,300,106
ВКУПНО СРЕДСТВА		3,355,046	3,127,230
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
ГЛАВНИНА			
Основна главнина	19	276,355	276,355
Премии на емитирани акции		801,396	1,115,084
Законски резерви		55,271	55,271
Акумулирана добивка		739,330	547,541
		1,872,352	1,994,251
Нетековни обврски			
Обврски за наем	21	14,363	-
Тековни обврски			
Обврски кон добавувачи	20	122,794	137,581
Останати обврски	20	1,331,508	995,398
Тековен дел на обврски за наем	21	14,029	-
		1,468,331	1,132,979
ВКУПНО ГЛАВНИНА ОБВРСКИ		3,355,046	3,127,230

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Овие единечни финансиски извештаи извештаи беа одобрени од страна на раководството на Друштвото на 26 јуни 2026 година.

Одобрено од:

Проф. Д-р Александар Климовски
Генерален директор

Елеонора Марковска
Директор на сектор за финансии
и сметководство
Овластен сметководител

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија * СКОПЈЕ

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Основна главнина	Премија на акции	Законски резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба на 1 јануари 2024	276,355	698,061	55,271	487,043	1,516,730
Добивка за годината	-	-	-	547,541	547,541
Учество во вложување во подружници	-	417,023	-	-	417,023
Распределба за дивиденда	-	-	-	(487,043)	(487,043)
Останата сеопфатна добивка по оданочување	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2024	276,355	1,115,084	55,271	547,541	1,994,251
Добивка за годината	-	-	-	725,208	725,208
Отуѓување на учество во вложување во подружници	-	(313,688)	-	-	(313,688)
Распределба за дивиденда	-	-	-	(547,541)	(547,541)
Корекција за усогласување на евиденцијата на играта Мегавин	-	-	-	14,122	14,122
Останата сеопфатна добивка по оданочување	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2025	276,355	801,396	55,271	739,330	1,872,352

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		740,976	547,541
Усогласување за:			
Амортизација		31,747	17,517
Расходи за камати, нето		919	737
Приходи од дивиденди		(612,402)	(612,784)
		161,240	(46,989)
Промени во обртниот капитал:			
Зголемување на побарувања од купувачи и останати побарувања		(13,285)	(91,152)
Зголемување на обврски спрема добавувачи и останати обврски		16,636	174,778
Намалување / (Зголемување) на залихите		133,958	(97,126)
Платени камати, нето		(919)	(737)
Платен данок на добивка		-	-
Нето парични текови од / (користени за) оперативни активности		297,630	(61,226)
Парични текови од инвестициони активности			
Набавка на опрема и нематеријални средства		(6,232)	(615,079)
Наплатена дивиденда		612,402	612,784
Нето парични текови од / (користени за) инвестициони активности		606,170	(2,295)
Парични текови од финансиски активности			
Одливи за краткорочни позајмици		(30,000)	(160,000)
Платена дивиденда		(244,501)	-
Платен наем		(10,283)	-
Нето парични текови користени за финансиски активности		(284,784)	(160,000)
Нето зголемување / (намалување) на пари и парични еквиваленти		619,016	(223,521)
Пари и парични еквиваленти на почеток на годината	18	279,806	503,327
Пари и парични еквиваленти на крајот на годината	18	898,822	279,806

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија ("Друштвото") е акционерско друштво, основано е на 26 јуни 2007 година, под ЕМБС 6436846 и со седиште на Бул. Гоце Делчев бр.8, Скопје.

Основната главнина на Друштвото се состои од 45,000 обични акции, со номинална вредност од 100 евра по акција, во сопственост на Република Северна Македонија.

Основна дејност на друштвото е коцкање и обложување. Друштвото има право за приредување:

Општи игри на среќа:

- Лото;
- Спортска прогноза;
- Лотарија;
- Инстант лотарија;
- Томбола и
- Наградни игри и

Посебни игри на среќа:

- Обложување на спортски натпревари;
- Обложување на спортски натпревари преку интернет.

На 31 декември 2025 година Друштвото има 76 вработени (2024: 75 вработени).

Членови на Управниот одбор на Друштвото се:

- проф. д-р Александар Климовски, претседател кој носи назив Генерален директор
- Ахмет Мифтари, заменик претседател кој носи назив заменик генерален директор
- Клементина Брзаковска, член
- Маринела Зафирова, член
- Коста Трифуновски, член

Членови на надзорниот одбор на Друштвото се:

- Марјанчо Тодоровски, претседател
- Елена Петрушевска, член (избран за независен)
- Горан Андриевски, член (избран за независен)
- Александар Трајковски, член
- Марин Алексов, член

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на единечните финансиски извештаи

Овие единечни финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120, 2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), како и Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (во понатамошниот текст „Правилник"), со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ том 2023"). Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ") - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди („МСС") - МСС 1 до МСС 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување („КТМСФИ") – КТМСФИ 1 до КТМСФИ 23 и применливите Толкувања на Постојаниот комитет за толкувања („ПКТ") од ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, КТМСФИ и ПКТ) се во примена во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој ќе биде во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Исто така, со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 во Република Северна Македонија стапува во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година, притоа според насоките објавени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 како што е објавен во Службен весник бр. 159/2009 останува важечки сметководствен стандард за финансиските инструменти до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, единечните финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Притоа, приложената единечна годишна сметка на Друштвото е прикажана во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка ("Службен весник" бр. 60/2014), чијашто презентација во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени биланси позиции во единечните финансиските извештаи предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните единечни финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие единечни финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во единечните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување

Со примена од 1 јануари 2025 година, Друштвото изврши преод кон примената на ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување, усвоени во Република Македонија согласно Правилникот за водење сметководство ("Службен весник" бр. 75/2024).

Преодот кон ажурираните МСФИ не претставува прва примена на МСФИ, туку преод помеѓу различни верзии на МСФИ. Согласно тоа, Друштвото ги применуваше преодните одредби утврдени во поединечните стандарди, без примена на МСФИ 1 – Прва примена на МСФИ.

Ефектите од примената на новите и изменетите стандарди, доколку ги има, се признаени во почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, во согласност со релевантните преодни одредби на поединечните стандарди.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми

Влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми, кој е ефективен за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година.

МСФИ 16 – Наеми воведува нови или изменети барања во однос на сметководственото евидентирање на наемите. Стандардот носи значајни промени во сметководството кај закупопримачите, со тоа што ја укинува разликата помеѓу оперативен и финансиски наем и бара признавање на средство со право на користење и обврска врз основа на наем на датумот на започнување на наемот, за сите наеми, освен за краткорочни наеми и наеми на средства со ниска вредност, кога се применуваат исклучоци од признавање. За разлика од сметководството кај закупопримачите, барањата за сметководството кај закуподавачите остануваат во голема мера непроменети. Подетално објаснување на новите барања, како и влијанието од усвојувањето на МСФИ 16 – Наеми врз единечните финансиски извештаи на Друштвото, се прикажани подолу.

Датумот на првична примена на МСФИ 16 – Наеми за Друштвото е 1 јануари 2025 година. Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми за договори за наем кои претходно биле класифицирани како оперативни договори за наем, врз основа на точка B8(б) од МСФИ 16 – Наеми, односно:

- Призна обврска за наеми на датумот на прва примена за наемот кој претходно бил класифициран како оперативен наем со примена на МСС 17 – Наеми. Друштвото ја измери таа обврска за наеми според сегашната вредност на преостанатите плаќања врз основа на наеми, дисконтирани со користење на инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на прва примена.
- Призна средство за право на користење на датумот на прва примена кај договори за наеми кои претходно биле класифицирани како оперативни наеми со примена на МСС 17 – Наеми, кое е еднакво на обврската за наем.

Овој пристап не бара повторно прикажување на споредбените периоди.

Влијание од новата дефиниција на наем

Друштвото ја применува дефиницијата за наем и поврзаните насоки утврдени во МСФИ 16 – Наеми на сите договори за наеми склучени или изменети на или по 1 јануари 2025 година (без разлика дали Друштвото е закупопримач или закуподавач во договорот). Како подготовка за првичната примена на МСФИ 16 – Наеми, Друштвото спроведе проект за имплементација. Проектот покажа дека новата дефиниција во МСФИ 16 – Наеми нема значително да го промени опфатот на договорите кои ги исполнуваат условите за признавање како договори за наем за Друштвото.

Сметководствено влијание

(i) Поранешни оперативни наеми

МСФИ 16 – Наеми го менува начинот на кој Друштвото ги евидентира наемите што претходно беа класифицирани како оперативни согласно МСС 17 – Наеми. Со примена на МСФИ 16 – Наеми, за сите наеми, Друштвото:

а) Признава средства со право на користење и обврски врз основа на наем во извештајот за финансиска состојба, првично мерени по сегашна вредност на идните плаќања врз основа на наем, согласно МСФИ 16:B8(b);

б) Признава амортизација на средствата со право на користење и камата на обврските врз основа на наем во извештајот за сеопфатната добивка;

в) Ги раздвојува вкупните исплати во готовина на дел за главнина (прикажан во рамки на готовинските текови од финансиски активности) и дел за камата (исто така прикажан во финансиски активности) во извештајот за паричните текови.

Согласно МСФИ 16 – Наеми, средствата со право на користење се предмет на тестирање за обезвреднување согласно МСС 36 – Обезвреднување на средства.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми (продолжение)

Влијание од новата дефиниција на наем

(ii) Поранешни финансиски наеми

За наемите кои беа класифицирани како финансиски согласно МСС 17 – Наеми, сметководствената вредност на средствата добиени преку наем и обврските врз основа на финансиски наем измерени согласно МСС 17 – Наеми непосредно пред датумот на првична примена се рекласифицирани во средства со право на користење и обврски врз основа на наем, без дополнителни прилагодувања, освен во случаи кога Друштвото одлучува да ја примени олеснителната опција за наеми со ниска вредност.

Финансиско влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Пондерираниот просечен трошок применет на обврските врз основа на наеми признати во извештајот за финансиската состојба на 1 јануари 2025 година изнесува 4.65%. Друштвото на 1 јануари 2025 година призна средства со право на користење во износ од 34,732 илјади денари и обврски врз основа на наеми во истиот износ при транзицијата на МСФИ 16 – Наеми, при што нема разлика за признавање во акумулираната добивка на тој датум. Следната табела ги прикажува обврските врз основа на наеми, средствата со право на користење и влијанието задржаната добивка, признати во единечниот извештај за финансиската состојба на датумот на првичната примена.

	На 1 јануари 2025	На 31 декември 2024
Обврски врз основа на наеми	34,732	-
Средства со право на користење	34,732	-
Акумулирана добивка	-	-

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Влијание од првичната примена на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи, кој е во примена за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година. МСФИ 15 воведе пристап во 5 чекори за признавање на приходите:

1) Идентификување на договор со купувач;
2) Идентификување на обврските за извршување во договорот;
3) Утврдување на цената на трансакцијата;
4) Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5) Признавање приход кога (или откако) ќе биде исполнета обврската за извршување.

Новиот стандард воспоставува модел на признавање на приход заснован на пренос на контрола и обезбедува дополнителни насоки во многу области кои претходно не беа детално регулирани, вклучувајќи го начинот на сметководствено третирање на договори кои содржат повеќе обврски за извршување, променливи цени, права на рефундација, опции за повторно откупување од добавувачот и други вообичаени комплексни трансакции.

Главните извори на приходи на Друштвото кои спаѓаат во делокругот на МСФИ 15 се однесуваат на следните категории:

- Приходи од лотариски игри на среќа,
- Приходи од интернет игри на среќа,
- Приходи од електронски игри на среќа.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи (продолжение)

При анализата на примената на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи, Друштвото утврди дека начинот на признавање на приходите согласно ажурираните барања на стандардот е во суштина конзистентен со сметководствениот третман применуван во претходните периоди.

Врз основа на извршената анализа, раководството утврди дека примената на МСФИ 15 немаше материјално влијание врз признавањето, мерењето и временската распределба на приходите, ниту врз почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година.

Како резултат на тоа, примената на МСФИ 15 не резултираше со корекции на почетните салда при преодот кон ажурираните МСФИ.

2.2 Принцип на континуитет

Единечните финансиски извештаи на 31 декември 2025 година се подготвени врз основа на претпоставката дека Друштвото ќе продолжи да работи според принципот на континуитет и дека истото ќе продолжи со својата работа во предвидлива иднина.

Друштвото ги превзема сите неопходни активности за прилагодување кон микро и макро економските состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирано на одржување на квалитетот на работењето, ефикасно управување со трошоците, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој.

Друштвото ги следи сите услови во државата, макроекономските показатели и глобалните случувања. Врз основа на спроведените анализи според тековните случувања, Друштвото утврди дека во моментов не се очекуваат дополнителни тешкотии во работењето поврзани со ликвидност и сервисирањето на обврските спрема добавувачите.

Долгорочно гледано, можни се последици на обемот на продажбите, паричните текови и профитабилноста. Без разлика на тоа, на датумот на издавање на единечните финансиски извештаи Друштвото ги исполнува своите обврски во рокот на доспевање и продолжение да го применува принципот на континуитет како сметководствена претпоставка за подготовка на единечните финансиски извештаи.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 Признавање на приходи

Друштвото евидентира договор со купувач доколку се исполнети сите од следните критериуми:

- Договорот е одобрен од страните во договорот (писмено, усно или во согласност со друга вообичаена деловна пракса) и се посветени на исполнување на своите обврски;
- Друштвото може да ги идентификува правата на секоја од страните во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Друштвото може да ги идентификува условите за плаќање во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Договорот има комерцијална суштина (т.е. ризикот, периодот или износот на идните готовински текови на Друштвото се очекува да се променат како резултат на договорот); и
- Веројатно е дека Друштвото ќе добие надомест на кој ќе има право во замена за добрата или услугите што ќе му бидат пренесени на купувачот. Кога прави проценка на тоа дали е веројатна наплатливоста на определен износ на надомест, Друштвото ги зема предвид способноста и намерата на купувачот да го плати износот на надомест тогаш кога ќе доспее. Износот на надомест на кој Друштвото ќе има право може да биде помал од цената што е наведена во договорот доколку надоместокот е варијабилен затоа што Друштвото може да му понуди ценовен попуст на купувачот.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.1 Признавање на приходите (продолжение)

Друштвото ги признава приходите кога контролата врз услугата е пренесена на клиентите, односно кога е исполнета обврската за извршување поврзана со организирање и спроведување на игрите на среќа. Приходите се мерат по фер вредност на надоместокот кој Друштвото очекува да го наплати, намалени за исплатени добивки, бонуси и други директни одбитоци. Приходите од игри на среќа се признаваат на нето основа, односно како разлика помеѓу остварените уплати и исплатените добивки.

Приходи од лотариски игри на среќа

(а) Приходи од Лото и Џокер
Приходите од игрите Лото и Џокер се признаваат во моментот на извлекување на резултатите, кога Друштвото ја исполнува својата обврска за извршување. Приходот се утврдува како разлика помеѓу остварените уплати и исплатените добивки.

(б) Приходи од инстант грепки
Приходите од инстант грепки се признаваат во моментот на продажба на грепките, кога играчот добива право на учество и потенцијално добивање. Исплатените добивки се признаваат како намалување на приходот.

Приходи од интернет игри на среќа

Приходите од интернет играта на среќа, Мегавин, се признаваат во моментот кога секоја игра е завршена и резултатот е познат. Приходот претставува разлика помеѓу влоговите на играчите и исплатените добивки.

Приходи од електронски игри на среќа

Приходите од Кено се признаваат во моментот на извлекување на резултатите за секој поединечен круг на игра. Приходот се утврдува како нето износ од вкупните уплати намалени за исплатени добивки.

3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на единечниот извештај за финансиска состојба. Нето позитивни и негативни курсни разлики, кои произлегуваат од конверзија на износите искажани во странска валута, се вклучуваат во единечниот извештај за сеопфатна добивка во периодот на настанување.

3.3 Наеми

Друштвото како закупопримач

Друштвото оценува дали договорот претставува или содржи елементи на наем на датумот на неговото склучување. Друштвото признава средство со право на користење и соодветна обврска врз основа на наеми за сите договори за наем во кои се јавува како закупопримач, освен за краткорочни наеми (дефинирани како наеми со рок до 12 месеци) и наеми на средства со ниска вредност (како таблет-уреди, персонални компјутери, мали парчиња канцелариски мебел и телефони). За овие наеми, Друштвото ги признава плаќањата врз основа на наеми како оперативен расход на линеарна основа за времетраењето на наемот, освен ако друга систематски основа не е порепрезентативна за употреба на економските користи од средството.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.3 Наеми (продолжение)

Друштвото како закупопримач (продолжение)

Првично мерење на обврската врз основа на наем

Обврската врз основа на наем се мери првично по сегашна вредност на обврските за плаќање на наем што не се подмирени на датумот на започнување на наемот, дисконтирани со:

- каматната стапка имплицитна во наемот, или
- ако оваа стапка не може лесно да се утврди — инкременталната стапка на задолжување на закупопримачот.

Плаќања врз основа на наем вклучени во мерењето на обврската:

- Фиксни плаќања, намалени за сите примени стимулативни услови од наемот;
- Променливи плаќања кои зависат од индекс или стапка, првично мерени со користење на индексот или стапката на датумот на започнување;
- Износот кој се очекува да биде платен во рамки на гарантирана остаточна вредност;
- Цена за купување доколку закупопримачот е разумно сигурен дека ќе ја искористи опцијата за купување;
- Казни за раскинување на наемот, доколку рокот на наемот го рефлектира користењето на опцијата за раскинување.

Обврската врз основа на наем се прикажува како посебна ставка во извештајот за финансиската состојба.

Последователно мерење на обврската врз основа на наеми

Обврската врз основа на наеми се мери последователно:

- со зголемување на сметководствената вредност за признавање на камата (применувајќи го методот на ефективна каматна стапка), и
- со намалување на сметководствената вредност за извршените плаќања врз основа на наеми.

Повторно мерење на обврската врз основа на наеми

Друштвото повторно ја мери обврската врз основа на наеми (и соодветно го прилагодува средството со право на користење) секогаш кога:

- Ќе се промени рокот на наемот или се случи значаен настан или промена на околности кои ја менуваат проценката за искористување на опцијата за купување. Во овие случаи, обврската врз основа на наеми повторно се мери со дисконтирање на ревидираните плаќања по нова дисконтна стапка.
- Ќе се променат плаќањата врз основа на наеми поради промени во индекс, стапка или очекувани плаќања по гарантирана остаточна вредност. Во овие случаи се применува иста дисконтна стапка, освен доколку промената се должи на промена во плаќањата врз основа на варијабилна каматна стапка, кога се применува ревидирана дисконтна стапка.
- Договорот за наем е изменет и измената не претставува засебен наем. Во такви случаи, обврската повторно се мери користејќи ревидирани плаќања дисконтирани со ревидирана дисконтна стапка на датумот на ефективност на измената.

Друштвото не изврши такви прилагодувања во периодите што се презентирани.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.3 Наеми (продолжение)

Средства со право на користење

Средствата со право на користење вклучуваат:

- почетно признавање на обврската по основ на наем.
- уплати по основ на наем направени на или пред датумот на започнување на наемот, намалени за било какви добиени стимулации (lease incentives);
- сите првични директни трошоци поврзани со договорот за наем.

Правото на користење средства се мери последователно по цена на чинење намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување. Доколку Друштвото е должно да го демонтира или отстрани изнајмениот имот или да го врати во првобитна состојба согласно договорот за наем се признава резервација согласно МСС 37 – Провизии, условни обврски и условни средства. Во делот во кој овие трошоци се однесуваат на средството со право на користење, тие се вклучуваат во неговата сметководствена вредност, освен ако не се поврзани со производство на залихи.

Средствата со право на користење се амортизираат во тек на пократкиот период од рокот на наемот и корисниот век на основното средство. Доколку со наемот се пренесува сопственоста или доколку постои разумна сигурност дека Друштвото ќе ја искористи опцијата за купување, амортизацијата се врши во тек на корисниот век на средството. Амортизацијата започнува на денот на отпочнување на наемот.
Средствата со право на користење се презентираат како посебна ставка во билансот на состојба.

Друштвото го применува МСС 36 – Обезвреднување на средства за да утврди дали постојат индикации за обезвреднување на средствата со право на користење и ги признава сите утврдени загуби од обезвреднување.
Практична олеснителна одредба

Како практично олеснување, МСФИ 16 му дозволува на закупопримачот да не ги раздвојува компонентите на наем од компонентите кои не се наем, туку да го третира целиот договор како еден аранжман. Друштвото не го користи ова практично олеснување. За договори кои содржат компонента на наем и една или повеќе дополнителни компоненти (закупни или незакупни), Друштвото го распределува надоместокот од договорот на секоја компонента на наем врз основа на релативната самостојна продажна цена на компонентата на наем и збирната самостојна продажна цена на другите компоненти.

Сметководствени политики применливи пред 1 јануари 2025 година

Наемите се класифицираа како финансиски наеми кога условите на договорот пренесуваа суштински дел од ризиците и користите од сопственоста на закупопримачот. Сите останати наеми се класифицираа како оперативни наеми.

Друштвото како закупопримач (политики согласно МСС 17)

Средствата обезбедени со финансиски наеми се признаваа како средства на Друштвото по нивната објективна вредност или, доколку е пониска, по сегашна вредност на минималните плаќања по основ на наем, определени на датумот на започнување на наемот. Соодветната обврска кон закуподавачот се вклучуваше во извештајот за финансиска состојба како обврска по основ на финансиски наем.

Плаќањата по финансиски наем се распределуваа меѓу финансиски расход и намалување на обврската, така што се постигнуваше постојана стапка на камата врз остатокот на обврската. Финансиските расходи се признаваа веднаш во добивка или загуба, освен ако не беа директно атрибутивни на квалификувачки средства, при што се капитализираа согласно општата политика на Друштвото за трошоци за заеми.

Наемите што се плаќаат по основ на оперативни наеми се признаваат како расход на линеарна основа за периодот на траење на соодветниот наем, освен кога друг посистематски основ е попрепрепрезентативен за моделот на консумирање на економските придобивки од средството предмет на наем.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.4 Оданочување

Тековен данок на добивка

Тековниот данок на добивка е пресметан според пропишаните даночни прописи и стапки кои биле на сила на денот на подготвување на единечниот извештај за финансиска состојба. Крајниот данок за 2025 година се пресметува по стапка од 10% на добивката утврдена во единечниот извештај за сеопфатна добивка коригирана за одредени непризнати трошоци согласно законските одредби.

Одложен данок на добивка

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во единечниот извештај за финансиска состојба за сите временски разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во единечните финансиски извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните временски разлики и ефектите од даночните загуби, кои се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочлива добивка со цел да се овозможи одбитните временски разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени. Во овие единечни финансиски извештаи не постојат значајни временски разлики кои би се јавиле како основа за одложен данок на добивка.

3.5 Користи за вработените

Друштвото учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите кои зависат од висината на платите се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Во Друштвото не постојат дополнителни обврски во однос на пензиските планови.

Друштвото, исто така, исплаќа двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Друштвото нема резервирано средства за ваквите отпремнини бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз единечните финансиски извештаи. Друштвото нема резервирано средства за отпремнини за технолошки вишок бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз единечните финансиски извештаи.

3.6 Недвижности, опрема и нематеријални средства

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и загубата поради обезвреднување, доколку постои. Почетното признавање ги вклучува фактурната вредност, увозните царински трошоци, други давачки при набавката кои се без право на враќање и сите други трошоци кои се прават со цел средството да се стави во работна состојба.

Нематеријалните средства се состојат од лиценца за приредување на посебни игри на среќа и софтвер. Набавната вредност се амортизира во текот на проценетиот корисен век на нематеријалните средства. Амортизацијата на лиценцата за приредување игри на среќа е во текот на времетраењето на лиценцата, согласно со периодот за кој се доделува од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Амортизацијата се пресметува на праволиниска основа по пропишани стапки со цел набавната вредност на опремата и нематеријалните средства да се алоцира во текот на нивниот проценет корисен век. Амортизација на автоматите за приредување на игри на среќа и опремата се пресметува од моментот кога средствата се стават во употреба.

Применетите годишни стапки на амортизација за 2025 и 2024 година се следните:

Недвижности	2.5%
Компјутери, апарати, казино опрема и опрема за телекомуникација	10-25%
Софтвер	25%
Лиценци	25%
Возила	25%

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.6 Недвижности, опрема и нематеријални средства (продолжение)

На средствата кои немаат сегашна вредност, а сé уште се во употреба, не им се пресметува амортизација.

Добивките или загубите кои произлегуваат од отуѓувањето или повлекувањето од употреба на опремата и нематеријалните средства се определуваат како разлика меѓу приливите од отуѓувањето и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат како приходи или расходи во единечниот извештај за сеопфатна добивка. Трошоците за редовно одржување и поправки на опремата и нематеријалните средства се евидентираат на товар на деловните трошоци во моментот на нивното настанување.

3.7. Залихи

Залихите главно се состојат од грепки за игри на среќа и при иницијалното признавање се евидентираат по нивната набавна вредност. Делот од вредноста на грепките што согласно правилата на играта е наменет за исплата на добивки се издвојува и се признава како обврска за фонд на добивки, додека преостанатиот дел претставува пресметана нереализирана добивка за Друштвото. Залихите се вреднуваат по пониската меѓу нивната сметководствена вредност и нето реализационата вредност. Трошокот на продадени грепки се признава во периодот во кој е остварен соодветниот приход од игрите на среќа.

3.8. Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овој инструмент. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

3.8.1 Пари и парични еквиваленти

За целите на единечниот извештај за паричните текови, парите и паричните еквиваленти се состојат од денарски и девизни средства во банка и депозити во банки со договорен период на доспевање до три месеци.

3.8.2 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачи и останатите побарувања почетно се признаваат по трансакциската цена. Последователно тие се мерат по амортизирана набавна вредност, користејќи го методот на ефективна каматна стапка, намалена за исправка на вредноста поради обезвреднување. Исправка на вредноста на побарувањата се врши кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите долгови според првичните услови на побарувањата.

3.8.3 Финансиски пласмани

Финансиските пласмани се одобруваат на трети страни и се признаваат по нивната номинална вредност, што не е во согласност со МСС 39 – Финансиски инструменти признавање и мерење, кој е во примена во Република Северна Македонија и кој бара истите да бидат признати по амортизирана набавна вредност, со користење на методот на ефективна каматна стапка, намалени за евентуалното обезвреднување. Проценка на раководството на Друштвото е дека евентуалното отстапување од МСС 39 нема материјален ефект врз приложените единечни финансиски извештаи.

3.8.4 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачите и другите обврски се прикажуваат според објективната вредност, при што по иницијалното признавање обврските последователно се водат по амортизирана набавна вредност. Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизирана набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.9. Подружници

Подружниците се правни лица над кои Друштвото има контрола. Контрола постои кога Друштвото има право на варијабилни приноси од својата вклученост во подружницата и има способност да влијае врз тие приноси преку својата моќ над подружницата. Во овие единечни финансиски извештаи, вложувањата во подружници се евидентираат по нивната набавна вредност, која ја претставува објективната вредност на даденото средство на датумот на стекнување, намалена за евентуално обезвреднување. Вложувањата во подружници претставуваат капитална инвестиција во Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (51.00% сопственост), 77 БИТС ДОО Скопје (74.55% сопственост), ВЕЗУВ ДОО Скопје (74.55% сопственост) и МОЗЗАРТ ДОО Скопје (74.55% сопственост). Постапката за престанување на НОВО ВЛТ ДОО Скопје заврши во 2025 година (2024: Друштво има 51.00% сопственост) (Белешка 14).

3.10. Дивиденди

Друштвото ги евидентира обврските по дивиденди кон акционерот, по одобрување на обврската за дивиденда на годишното Собрание.

3.11. Јавни набавки

Трансакциите поврзани со јавните набавки се евидентираат согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25) и интерна процедура за спроведување на јавните набавки на Друштвото. Јавните набавки се спроведуваат врз основа на претходно усвоен Годишен план за јавни набавки, кој е усогласен со финансискиот план и расположивите буџетски средства.

Набавките се евидентираат според нивната набавна вредност, која ја вклучува фактурната вредност и сите директно поврзани трошоци неопходни за набавка на средствата или услугите.

Авансните плаќања поврзани со јавните набавки се признаваат како побарувања сè до моментот на нивно порамнување преку прием на стоки или услуги, по што се признава соодветен расход или средство.

Друштвото води евиденција за склучените договори, рамковните спогодби и нивната реализација, при што се врши контрола на искористеноста на договорената вредност, роковите и квалитетот на испораката, согласно договорните одредби. Друштвото воспоставува систем на контроли во процесот на јавните набавки, кој вклучува повеќестепено одобрување, следење на реализацијата и обезбедување целосна документација, со цел обезбедување законитост, транспарентност и ефикасно користење на средствата.

За годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото склучи 48 договори за набавка на услуги, стоки и градежни работи во вкупен износ од 172,384 илјади денари, без данокот на додадена вредност.

Измените на договорите за јавни набавки се признаваат само доколку се во согласност со законските одредби и соодветно се евидентираат преку корекција на обврските и набавките.

Набавките на услуги се признаваат во единечниот извештај за сеопфатна добивка во периодот кога се настанати.

3.12. Споредбени информации

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата во тековната година, одредени ставки беа рекласифицирани за компаративни цели. Таквите рекласификации не резултираа во значајни промени на содржината и формата на финансиските информации презентирани во единиечните финансиски извештаи.

4. КРИТИЧНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на единечните финансиски извештаи бара од Раководството на Друштвото да врши најдобри проценки и да користи разумни претпоставки кои имаат влијание на: износите на средствата и обврските, обелоденувањата на потенцијалните обврски и побарувања на датумот на подготовка на единечните финансиски извештаи како и во однос на приходите и расходите кои произлегуваат во сметководствениот период. Овие проценки и претпоставки базираат на достапните информации на датумот на подготовка на единечните финансиски извештаи. Меѓутоа, реалните резултати може да варираат на база на овие проценки. Основните претпоставки кои се однесуваат на идни настани и останатите значајни извори на неизвесност во спроведувањето на проценки на датумот на единечниот извештај за финансиската состојба, кои носат ризик што може да доведе до корекција на нето вредноста на средствата и обврските во последователната година се следните:

4.1 Објективна вредност

Во Република Северна Македонија не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на побарувањата како и на другите финансиски средства и обврски со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации. Како резултат на ова објективната вредност не може соодветно и веродостојно да се одреди во отсуство на активен пазар. Раководството ја проценува целосната изложеност на ризици и во случаи кога проценките за објективната вредност на средствата не се реализираат, се признава резервација. Мислењето на раководството е дека обелоденетите сметководствени вредности се валидни во однос на тековните услови на пазарот. Објективната вредност на финансиските инструменти со кои што не се тргува на активниот пазар се одредува со користење на техники на вреднување. Објективната вредност на краткорочните побарувања од купувачите и другите побарувања и објективната вредност на обврските кон добавувачите и другите обврски е приближна на нивната сметководствена вредност намалена за проценетите исправки на вредноста земајќи ги во предвид историските податоци и фактот дека достасуваат за краток период. Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски за целите на обелоденување е одредена со дисконтирање на идните договорни готовински текови со употреба на тековните пазарни каматни стапки кои се на располагање на Друштвото за слични финансиски инструменти.

4.2 Корисен век на средствата

Одредувањето на корисниот век на средствата се заснова на искуството за слични такви средства, како и очекуваниот технолошки развој и промени во поширокатa економија, индустриските фактори или локалните пазари. Соодветноста на проценката на корисните векови се прегледува на годишна основа, или во било кој момент кога ќе постои индикација за значајна промена во употребените претпоставки.

4.3 Обезвреднување на финансиските средства

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова на проценетите загуби од неможноста на третите страни да ги исполнат своите договорни обврски. Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувања и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на комитентите, како и промените во услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати. Доколку се влоши финансиската способност на комитентите, реалните отписи на сегашните побарувања може да бидат поголеми отколку очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради обезвреднување. Раководството проценува дека не е потребно дополнително зголемување на резервациите за загуби поради обезвреднување од веќе прикажаните во единечните финансиски извештаи.

5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Приходи од лотариски игри на среќа:		
- приходи од Лото	198,169	266,337
- приходи од Џокер	30,676	32,946
- приходи од инстант грепки	140,622	134,456
- приходи од среќни топчиња	-	-
	369,467	433,739
Приходи од интернет игри на среќа:		
- приходи од Мегавин (започнува од декември 2023 година)	1,801,141	1,174,477
Приходи од електронски игри на среќа:		
- приходи од Кено	87,141	114,249
Приходи од поврзани страни	2,277	2,834
	2,260,026	1,725,299

6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Потрошена енергија	3,205	3,286
Потрошени материјали	21,466	11,524
Потрошено гориво	1,713	2,960
Ситен инвентар	109	512
	26,493	18,282

7. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Провизија од игри на среќа	205,739	202,802
Реклама и пропаганда	126,805	131,142
Маркетинг услуги	46,988	68,580
Транспортни и комунални услуги	39,537	40,805
Одржување	27,103	37,741
Закупнина	4,942	34,072
Наем на софтвер за игри на среќа	863,005	621,377
Трошоци за продукција	2,490	21,104
Останати услуги	2,290	740
	1,318,899	1,158,363

8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Нето плати	63,250	52,247
Придонеси на плати	26,835	22,215
Даноци од плати	5,858	4,877
Трошоци за регрес за годишни одмори	4,526	4,162
Останати трошоци за вработени	6,698	9,329
	107,167	92,830

9. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Надоместок за електронски и интернет игри на среќа	255,440	170,127
Персонален дакон од игра на среќа – Мегавин	215,780	117,213
Спонзорства и донации	70,990	84,967
Договор на дело	49,965	50,276
Посебна давачка за лотариски игри на среќа	34,824	38,735
Утврдени трошоци од УЈП контрола	-	14,810
Надоместоци на членови на Управен и Надзорен одбор	1,850	1,774
Репрезентација	2,275	4,386
Професионални услуги	4,514	2,836
Членарини и административни такси	1,842	1,442
Осигурување	691	120
Банкарски провизии	7,139	6,475
Отпис на побарувања	-	391
Кусок од попис	-	7,486
Останато	1,361	2,665
	646,671	503,703

Во согласност со постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник бр.24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16, 90/17 и 251/22):

- за приредување на лотариските игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови, на месечна основа.
- за приредување на електронските игри на среќа, приредувачот на игрите плаќа надоместок во износ од 30 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, месечно по терминал.
- за приредување на интернет игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 0.5% од вкупната вредност на уплатите, на месечна основа, до 15 во месецот за претходниот месец.

10. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ, НЕТО

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Негативни курсни разлики	(316)	(81)
Расходи по камати	(5,496)	(4,376)
	(5,812)	(4,457)
Позитивни курсни разлики	101	7
Приходи од камати	4,577	3,639
Приходи од дивиденда	612,402	612,784
	617,080	616,430
	611,268	611,973

11. ДАНОК НА ДОБИВКА

Во 2025 година, данокот на добивка се пресметува по законска стапка од 10% на утврдената добивка од Единечниот извештај за сеопфатна добивка, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби и износот на непризнати трошоци за даночни цели.

Усогласувањето на данокот на добивка за годината што завршува на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Добивка пред оданочување	740,976	547,541
Непризнати расходи за даночни цели	29,110	20,800
Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник	(612,402)	(612,784)
Даночна основа	157,684	(44,443)
Пресметан данок на добивка (10%)	15,768	-
Ефективна даночна стапка	2.13%	-

12. НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади денари

	Градежни објекти	Компјутерска опрема за игри на среќа	Возила	Средства во подготовка	Вкупно материјални средства	Софтвер за игри на среќа	Останати софтвери и лиценци	Вкупно нематеријални средства
Набавна вредност								
Состојба, 1 јануари 2024	112,893	181,138	10,434	-	304,465	57,413	8,156	65,569
Набавки	-	26,813	-	596,128	622,941	-	1,573	1,573
Продажба и отписи	-	(9,329)	(106)	-	(9,435)	-	-	-
Состојба, 31 декември 2024	112,893	198,622	10,328	596,128	917,971	57,413	9,729	67,142
Набавки	-	425	5,807	-	6,232	-	-	-
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2025	112,893	199,047	16,135	596,128	924,203	57,413	9,729	67,142
Исправка на вредност								
Состојба, 1 јануари 2024	37,653	142,597	9,737	-	189,987	57,413	8,156	65,569
Трошок за годината	2,811	14,432	158	-	17,401	-	116	116
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2024	40,464	157,029	9,895	-	207,388	57,413	8,272	65,685
Трошок за годината	2,811	14,433	158	-	17,402	-	115	115
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2025	43,275	171,462	10,053	-	224,790	57,413	8,387	65,800
Сметководствена вредност - 31 декември 2025	69,618	27,585	6,082	596,128	699,413	-	1,342	1,342
Сметководствена вредност - 31 декември 2024	72,429	41,593	433	596,128	710,583	-	1,457	1,457

12. НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (продолжение)

Средствата во подготовка во износ од 596,128 илјади денари се однесуваат на видеолотариски терминали и нивна придружна опрема набавени во текот на 2024 година, но до датумот на овие финансиски извештаи истите не беа активирани и беа складирани во магацински простории. Нивната идна употреба остана неизвесна, имајќи го предвид автентичното толкување на член 7 од Законот за игри на среќа и забавни игри, донесено од Собранието на Република Северна Македонија на 13 август 2024 година и објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 168/2024 од 14 август 2024 година, според кое приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да се врши само од едно трговско друштво, а правото за вршење на оваа дејност на територијата на Република Северна Македонија веќе е доделено на друго друштво. Дополнително, во врска со околностите поврзани со набавката и можноста за користење на наведената опрема се водат постапки пред надлежните органи, чиј исход не може да се утврди до датумот на овие финансиски извештаи. Притоа, Друштвото не изврши и нема на располагање тестирање, односно проверка дали средствата во подготовка се обезвреднети на 31 декември 2025 година, односно дали нивната надоместлива вредност е помала од вредностите искажани во единечните финансиски извештаи, во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 36 „Обезвреднување на средства" што е во примена во Република Северна Македонија.

Дополнително, Друштвото не располага со воспоставен системски регистар на недвижности и опрема и нематеријални средства во рамките на сметководствениот информациски систем. Евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства не е централизирана, ниту е обезбедена соодветна поврзаност помеѓу аналитичката евиденција и главната книга. Поради тоа, пресметката на акумулираната амортизација на 31 декември 2025 година во износ од 290,590 илјади денари и пресметката на амортизацијата за 2025 година во износ од 17,517 илјади денари не се вршат директно преку сметководствениот систем, туку врз основа на вонсистемски помошни евиденции.

Понатаму, утврдените разлики по пописот, односно кусоците и вишоците, не беа евидентирани во материјалната и финансиската евиденција согласно Извештајот за извршен попис на средствата од 10 март 2026 година.

13. СРЕДСТВА СО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ

	Градежни објекти	Вкупно,
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари 2025 Ефект од почетна примена на МСФИ 16 - Договори за наем	34,732	34,732
Зголемување	3,943	3,943
Состојба на 31 декември 2025	38,675	38,675
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари 2024	-	-
Трошок за годината	14,230	14,230
Состојба на 31 декември 2025	14,230	14,230
Нето сметководствена вредност на: 31 декември 2025	24,445	24,445

14. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПОДРУЖНИЦИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (51.00% сопственост)	384,373	384,373
НОВО ВЛТ ДОО Скопје (51.00% сопственост)	-	313,688
77 БИТС ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,008	139,008
ВЕЗУВ ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,008	139,008
МОЗЗАРТ ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,007	139,007
	801,396	1,115,084

За износот на уделите во подружниците од 801,396 илјади денари, Друштвото евидентираше премии од акции за удели во трговски друштва (Белешка 19). Овие вложувања произлегуваат од основање и учество во подружници во кои Друштвото има контролен удел, при што како придонес е внесено одредено право чија вредност не е поткрепена со соодветна документација, независна проценка или друг објективен и мерлив критериум врз основа на кој може да се утврдат евидентираните износи. Отсуството на соодветна правна и фактичка основа за внесувањето и вреднувањето на вложувањата укажува дека вложувањето е извршено спротивно на важечките законски прописи и на основните начела на законито и одговорно работење. Следствено, утврдената незаконитост не се однесува само на начинот на сметководствено евидентирање, туку и на самото преземање и реализирање на вложувањето.

На 24 септември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа Информацијата во врска со потребата за престанување на друштвото НОВО ВЛТ ДОО Скопје и друштвата МОЗЗАРТ ДОО Скопје, 77 БИТС ДОО Скопје и ВЕЗУВ ДОО Скопје и го одобри работењето на Управниот одбор на Друштвото во врска со отпочнувањето на постапката за престанување на овие трговски друштва за приредување на електронски игри на среќа, во кои Друштвото е содружник. До датумот на одобрување на овие единечни финансиски извештаи, постапката за престанување е целосно завршена само за НОВО ВЛТ ДОО Скопје, додека постапките за останатите друштва се во тек. Друштвото не изврши детална проценка на нивната надоместлива вредност и не направи тест за обезвреднување на вложувањето во подружниците.

Поради очекуваните измени во Законот, Владата на Република Северна Македонија на 169-та седница одржана на 5 мај 2026 година, ја разгледа Информацијата за постапката за истапување на Друштвото од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа и укажува на Друштвото, преку своите надлежни органи, да ги преземе сите потребни правни, статусни и договорни дејствија за спроведување на постапката за истапување, да изврши усогласување на договорната и корпоративната документација, да ги донесе потребните одлуки и други правни акти и да ја подготви и поднесе потребната документација до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Исто така, му укажа на Друштвото да достави до Владата посебна информација за правните постапки поврзани со избор на деловен соработник за контрола и организација на продажната мрежа за уплата на влогови преку видеолотариски терминали, по пат на објава на јавен повик. (Белешка 28).

15. ЗАЛИХИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
Материјали и суровини	3,343	3,686
Залиха на грепки од игри на среќа	332,738	466,353
	336,081	470,039

Обврските за фонд на добивки во износ од 399,721 илјади денари се директно поврзани со евиденцијата на залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на инстант лозовите усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, според сметководствената евиденција на Друштвото за неисплатениот фонд на добивки на 31 декември 2025 година, износот е помал од износот во централниот online систем за 75,690 илјади денари.

15. ЗАЛИХИ (продолжение)

Дополнително, залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија не се усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари (Белешка 20).

16. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
Побарувања од купувачи во земјата	4	4
Побарувања од екстерни агенти	71,150	50,080
Побарувања од интерни трансакции со сопствени продажни места	26,425	11,809
Побарувања од игрите Кено	23,451	20,419
Побарувања од поврзани страни	786	116
	121,816	82,428
Побарување од гарантен депозит	1,149	1,149
Побарувања поврзани со играта Мегавин	106,794	84,790
Аванси за мали добивки	26,504	42,190
Спорни ненаплатени дневни пазари	6,628	12,636
Побарувања од вработени	320	607
Однапред платени трошоци	46,707	72,836
Останато	1,085	1,082
	189,187	215,290
	311,003	297,718

Побарувањата од купувачи во износ од 121,816 илјади денари вклучуваат побарувања од екстерни агенти во износ од 71,150 илјади денари, кои не се усогласени со евиденциите на екстерните агенти. Дополнително, за овие побарувања Друштвото не располага со соодветна старосна анализа на 31 декември 2025 година. Понатаму, во рамките на побарувањата од купувачи се евидентирани салда во износ од 26,425 илјади денари кои произлегуваат од интерни трансакции со сопствени продажни места на Друштвото, како и салда врз основа на приредување на игрите Кено во вкупен износ од 23,451 илјади денари. Врз основа на нивната природа и економска суштина, овие салда не произлегуваат од договорен однос кој создава право на Друштвото да прими парични средства од друга страна.

Останатите побарувања во износ од 189,187 илјади денари вклучуваат побарувања поврзани со приредувањето интернет игри на среќа преку онлајн платформата „Мегавин во износ од 106,794 илјади денари. Врз основа на природата на работењето преку онлајн платформата „Мегавин", кое се одвива со уплати и исплати на безготовинска основа, како и начинот на водење на евиденцијата, депозитите на играчите, неисплатените добивки и поврзаните безготовински движења, не треба да претставуваат побарувања на Друштвото. Понатаму, во рамките на останатите побарувања се евидентирани аванси за исплата на мали добивки во износ од 26,504 илјади денари, кои во најголемиот дел се однесуваат на средства дадени на уплатно – исплатни места од примарната продажна мрежа на Друштвото за потребите на тековното работење и исплата на добивки, а уплатно – исплатни места на Друштвото не претставуваат посебни правни субјекти и ваквите салда по својата економска суштина не претставуваат побарувања од трети лица. Дополнително, наведените салда не се усогласени со евиденциите на продажните места. Исто така, во рамките на останатите побарувања се евидентирани спорни ненаплатени дневни пазари во износ од 6,628 илјади денари, кои се неусогласени, а нивната наплатливост е неизвесна. Поврзано со сето горенаведено, во сметководствената евиденција се вршени значајни преноси и прекнижувања помеѓу сметките за депозити на играчи, неисплатени добивки, парични средства, преодни конта, интерни задолжувања и други поврзани салда, без јасна економска основа и без соодветна поткрепувачка документација.

Однапред платените трошоци во износ од 46,707 илјади денари на 31 декември 2025 година (2024: 72,836 илјади денари), се однесуваат на набавени станови, автобомили, скутери и други средства, наменети за стокови добивки од инстант лотариски игри на среќа, кои сеуште не се доделени.

17. КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ

	Во илјади денари 31 декември 2025	31 декември 2024
АД Електрани на Република Северна Македонија,	92,543	92,543
ЈП Комуналец Битола	10,000	10,000
Пошта на Република Севера Македонија	180,000	150,000
	282,543	252,543

Краткорочните позајмици во износ од 282,543 илјади денари се бескаматни и имаат договорен рок на доспевање од 3-12 месеци. Овие позајмици вклучуваат краткорочни позајмици од минати години во износ од 252,543, кои имаат рок од 3-6 месеци, повеќекратно пролонгиран. До датумот на овие финансиски извештаи, позајмиците се со истечен рок на доспевање и склучени се анекси кон договорите со кој се утврдил рокот на враќање на позајмиците, при што Друштвото има последователно наплатено само 10,000 илјади денари од АД Електрани на Република Северна Македонија, од кои се очекува целосна наплата до крајот на 2026 година. Од останатите друштва нема реализирана наплата, ниту постојат утврдени планови или договорена динамика за нивно подмирување.

18. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади денари 31 декември 2025	31 декември 2024
Тековна сметка:		
- во денари	854,161	278,755
Средства за исплата на добивки од игра на среќа	62,500	-
Пари во благајна:		
- во денари	(18,014)	1,018
- во странска валута	175	33
	898,822	279,806

Средствата за исплата на добивки од игра на среќа во износ од 62,500 илјади денари, во текот на првата половина од 2025 година беа повлечени од жиро-сметка на Друштвото во неколку наврати за исплата на добивки од игри на среќа и на 31 декември 2025 година сè уште се евидентирани на преодни сметки. Меѓутоа, овие средства не претставуваат расположливи парични средства на 31 декември 2025 година, ниту истите се потврдени со попис на парични средства на тој датум. Дополнително, парите во благајна вклучуваат и негативен износ од 18,014 илјади денари, кој произлегува од користење на преодни сметки, неусогласени побарувања и обврски и други привремени книжења, без соодветна поткрепувачка документација.

19. ГЛАВНИНА

Основна главнина

Согласно регистрацијата во Централен регистар на Република Северна Македонија, основната главнина на 31 декември 2025 година изнесува 4,500,000 евра, односно 276,355 илјади денари (2024: 4,500,000 евра, односно 276,355 илјади денари), од кои 1,000,000 евра се паричен влог, а 3,500,000 евра се непаричен влог. Основната главнина е распоредена на 45.000 обични акции кои ги поседува единствениот акционер, Република Северна Македонија, со номинална вредност од 100 евра по акција.

Премии на емитирани акции

Врз основа на Статутот на Друштвото (Службен весник на Република Северна Македонија, 10/2020), премијата на издадените акции е во износ од 6,244,898 евра, или 384,373 илјади денари, кој претставува основачки влог во подружницата Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје. Овој износ не е усогласен со сметководствената евиденција на премиите на емитирани акции, во износ од 1,115,084 илјади денари, а кој ги вклучува и вложувањата во останатите подружници (Белешка 13).

19. ГЛАВНИНА (продолжение)

Законски резерви

Во согласност со локалната законска регулатива, Друштвото е обврзано секоја година да издвојува задолжителна резерва, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши додека резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. До достигнување на законскиот минимум оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум вишокот може да се користи за исплата на дивиденди.

20. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
Обврски кон добавувачи во земјата	47,823	73,332
Обврски кон добавувачи во странство	74,614	63,901
Обврски кон поврзани страни	357	348
	122,794	137,581
Обврска за примени аванси	7,711	1,598
Посебна давачка од игри на среќа	3,039	1,803
Обврски за паушали за игри на среќа	24,118	9,276
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
Обврска за дивиденда	790,083	487,043
Обврска за ДДВ	21,972	30,362
Обврска за данок на добивка	31,548	11
Обврски за останати даноци	37,501	1,092
Пресметани трошоци	13,829	8,385
Останати обврски	867	802
	1,331,508	995,398
	1,454,302	1,132,979

Обврските за фонд на добивки во износ од 399,721 илјади денари се директно поврзани со евиденцијата на залихите на грепки за игри на среќа, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на грепките усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, според сметководствената евиденција на Друштвото за неисплатениот фонд на добивки на 31 декември 2025 година, износот е помал од износот во централниот online систем за 75,690 илјади денари. Дополнително, залихите на грепки за игри на среќа не се усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари (Белешка 15).

На 25 септември 2025 година, Друштвото исплати 244,501 илјади денари од обврската за дивиденда на сопственикот Република Северна Македонија. Понатаму, во согласност со Заклучоците од 167-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 април 2026 година, на Друштвото му е укажано да обезбеди финансиски средства во износ од 300,000 илјади денари од нераспределената дивиденда, наменети за спонзорирање на настани по повод одбележувањето на 35 години од независноста на државата. Во насока на реализација на оваа обврска, Друштвото спроведе постапка за избор на реализатор и склучи договор за спонзорство со друштвото СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, врз основа на јавен повик и донесена одлука за избор на најповолен понудувач. На 11 мај 2026 година, Друштвото изврши исплата на 300,000 илјади денари на СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, и за истиот износ ја намали обврската за дивиденда кон сопственикот Република Северна Македонија (Белешка 28).

21. ОБВРСКИ ЗА НАЕМ

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
Долгорочни	14,363	-
Краткорочни	14,029	-
	28,392	-

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
До 3 месеци	3,507	-
Од 3 месеци до 1 година	10,522	-
Од 1 до 5 години	14,363	-
	28,392	-

22. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Поврзани страни на Друштвото се неговите подружници. Трансакциите се извршуваат во нормален тек на работење и нивната вредност не се разликува значително од условите кои преовладуваат во пазарните трансакции:

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	2024
Продажби на поврзани страни		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје	2,277	2,834
	2,277	2,834
Приходи од дивиденда:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје	612,402	612,784
	612,402	612,784

	Во илјади денари 31 декември 2025	2024
Побарувања од поврзани субјекти:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопј	786	116
	786	116
Обврски кон поврзани субјекти:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопј	357	348
	357	348
Побарувања за краткорочни позајмици		
АД Електрани на Република Северна Македонија,	92,543	92,543
ЈП Комуналец Битола	10,000	10,000
Пошта на Република Севера Македонија	180,000	150,000
	282,543	252,543

22. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ (продолжение)

Обврски за дивиденда:		
Влада на Република Северна Македонија	790,083	487,043
	790,083	487,043

Вкупните исплати за членовите на Управен одбор и Надзорен одбор изнесуваат 1,850 илјади денари (2024: 1,774 илјади денари).

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

23.1 Управување со ризикот на капиталот

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

Структурата на главнината на Друштвото се состои од основна главнина, законски резерви и реинвестирана и акумулирана добивка.

Показател на задолженост

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, Раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

Показателот на задолженост е како што следува:

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Пари и парични еквиваленти	(898,822)	(279,806)
Нето долг	(898,822)	(279,806)
Вкупно главнина	1,872,352	1,994,251
Показател на задолженост	-	-

23.2 Категории на финансиски инструменти

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Финансиски средства		
Пари и парични еквиваленти	898,822	279,806
Побарувања од купувачи	121,816	82,428
Краткорочни позајмици	282,543	252,543
	1,303,181	614,777
Финансиски обврски		
Обврски кон добавувачи	122,794	137,581
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
Обврски за наем	28,392	-
	552,026	592,607

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.3 Цели на управување со финансиските ризици

Финансиските ризици го вклучуваат пазарниот ризик (девизен ризик и каматен ризик), кредитен ризик и ликвидносен ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа, и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Друштвото на овие ризици. Друштвото не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

23.4 Пазарен ризик

Во текот на своето работење Друштвото е изложено првенствено на финансиските ризици од промена на курсот на странските валути и каматните стапки. Изложеноста на пазарниот ризик се следи преку анализата на сензитивноста. Немаше промена во изложеноста на Друштвото на пазарните ризици или начинот на кој Друштвото управува или го мери ризикот.

23.5 Управување со девизниот ризик

Друштвото е изложено на девизен ризик првенствено од орочените краткорочни депозити во банка и долгорочните обврски по основ на лиценци, како и обврските кон добавувачите и парите и паричните еквиваленти кои се деноминирани во странска валута. Друштвото не употребува посебни финансиски инструменти за намалувањето на овој ризик бидејќи таквите инструменти не се вообичаени во употреба во Република Северна Македонија.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следува:

	Во илјади денари			
	СРЕДСТВА 31 декември 2025	ОБВРСКИ 31 декември 2025	СРЕДСТВА 31 декември 2024	ОБВРСКИ 31 декември 2024
ЕУР	175	74,614	33	63,901
	175	74,614	33	63,901

Анализа на сензитивноста на странски валути

Друштвото е единствено изложено на ЕУР. Следнава табела детално ја прикажува осетливоста на 10% зголемување и намалување на денарот во споредба со ЕУР. Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот износ подолу означува зголемување на добивката или на останатиот капитал и се јавува во случај доколку денарот ја зголеми својата вредност во однос на странската валута за 10%, додека негативниот износ означува намалување на добивката или на останатиот капитал и се јавува во случај доколку денарот ја намали својата вредност во однос на странската валута за 10%.

	Во илјади денари	
	Години што завршуваат на 31 декември	
	2025	2024
Добивка/(Загуба)	(7,444)	(6,387)

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.6 Управување со каматниот ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки првенствено од депозитите во банки со променливи каматни стапки. Друштвото управува со овој ризик преку следење на движењето на каматните стапки на пазарот и обновување на договорите со деловните банки.

	31 декември 2025	Во илјади денари 31 декември 2024
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
- Пари и парични еквиваленти	898,822	279,806
- Побарувања од купувачи	121,816	82,428
- Краткорочни позајмици	282,543	252,543
	1,303,181	614,777
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
Обврски кон добавувачи	122,794	137,581
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
	523,634	592,607
Фиксна каматна стапка:		
Обрски за наем	28,392	-
	552,026	592,607

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Друштвото на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на единечниот извештај за финансиска состојба. За финансиските инструменти со варијабилни каматни стапки, анализата е подготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При подготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на раководството за можните промени на каматните стапки.

На 31 декември 2025 и 2024 година Друштвото нема каматоносни финансиски инструменти.

23.7 Управување со кредитниот ризик

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало во финансиски загуби за Друштвото.

Сметководствената вредност на финансиските средства презентирани во овие финансиски извештаи ја претставува максималната изложеност на друштвото на кредитен ризик. Финансиските средства не се обезбедени со било каков колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Бруто изложеност	Исправка на вредноста	Во илјади денари Нето изложеност
Доспеани, но необезвреднети побарувања	121,816	-	121,816
Доспеани, обезвреднети побарувања	12,364	(12,364)	-
	134,180	(12,364)	121,816

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.7 Управување со кредитниот ризик (продолжение)

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2024 година е како што следува:

Во илјади денари

	Бруто изложеност	Исправка на вредноста	Нето изложеност
Доспеани, но необезвреднети побарувања	82,428	-	82,428
Доспеани, обезвреднети побарувања	12,364	(12,364)	-
	94,792	(12,364)	82,428

Друштвото не располага со старосна анализа на доспеаните, но необезвреднетите побарувања за годината што завршува на 31 декември 2025 и 2024.

23.8 Управување со ликвидносниот ризик

Табели за ликвидносен и каматоносен ризик

Следните табели детално ја прикажуваат преостаната договорна доспеаност на недериватните финансиски обврски. Табелите се изготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

Во илјади денари
31 декември 2025

	Просечна пондер. ефект. каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Со фиксна каматна стапка	4.65%	1,169	2,338	10,522	14,363	-	28,392
Некаматоносни	0%	523,634	-	-	-	-	523,634
		524,803	2,338	10,522	14,363	-	552,026

Во илјади денари
31 декември 2024

	Просечна пондер. ефект. каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Некаматоносни	0%	592,607	-	- -	- -	-	592,607
		592,607	-	- -	- -	-	592,607

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.9 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- Објективната вредност на останатите финансиски средства и финансиски обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

Сметководствена вредност во споредба со објективната вредност

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност е како што следува:

	31 декември 2025		Во илјади денари 31 декември 2024	
	Сметко-водствена вредност	Објективна вредност	Сметко-водствена вредност	Објективна вредност
Финансиски средства				
Пари и парични еквиваленти	898,822	898,822	279,806	279,806
Побарувања од купувачи	121,816	121,816	82,428	82,428
Краткорочни позајмици	282,543	282,543	252,543	252,543
	1,303,181	1,303,181	614,777	614,777
Финансиски обврски				
Обврски кон добавувачи	122,794	122,794	137,581	137,581
Фонд на добивки	399,721	399,721	454,019	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,119	1,007	1,007
Обврски за наем	28,392	28,392	-	-
	552,026	552,026	592,607	592,607

Претпоставки користени при одредувањето на објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски

Со оглед на фактот дека не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на финансиските средства и обврски, како и со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации, за целите на обелоденувањата поврзани со објективната вредност на финансиските средства и обврски, Друштвото ја користеше техниката на анализа на дисконтираните готовински текови. При ваквата техника на вреднување се користат каматните стапки за финансиски инструменти со слични карактеристики, со цел да се добијат релевантни проценки на цените од тековните пазарни трансакции. Земајќи ја предвид краткорочноста на побарувањата не постои значајно отстапување на нивната сметководствена вредност во однос на нивната објективна вредност.

24. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони, кои се воведени од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход и останати даноци. Освен тоа, регулативите кои се однесуваат на овие даноци не беа на сила подолг период, спротивно на сличната легислатива во развиените пазарни економии. Дополнително, регулативите кои ја дефинираат имплементацијата на овие закони, често се нејасни или воопшто не постојат. Постојат спротивставени мислења, кои се однесуваат на правното толкување на регулативата, помеѓу различни министерства и државни организации. На тој начин се креираат неизвесности, како и правни конфликти. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали.

Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на Раководството. Како резултат на тоа, трансакциите можат да бидат оспорени од даночните власти и од Друштвото може да биде побарано да плати дополнителни даноци, пенали и камати, кои можат да бидат значајни. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од пет години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од пет години од настанувањето на даночната обврска. Горенаведените објаснувања создаваат даночни ризици во Република Северна Македонија, кои се суштински позначајни од оние кои се вообичаени во земјите со повеќе развиени даночни системи.

Друштвото остварува значајни трансакции со поврзаните страни. Исто така, раководството на Друштвото смета дека поседува доволна и адекватна документација во врска со трансферните цени, но постои одредена неизвесност во поглед на барањата и толкувањата на даночните и другите органи кои можат да се разликуваат од оние на раководството. Раководството на Друштвото смета дека различните толкувања нема да имаат значајни ефекти врз единечните финансиски извештаи на Друштвото.

25. СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ОД ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ

Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје на 16 декември 2025 година донесе Наредба за спроведување истражна постапка за проневера во Друштвото, против две лица за кои постои основано сомнение дека како соизвршители сториле кривично дело - Проневера во службата од член 354 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. За уште четири лица е поведена постапка за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 5 во врска со став 4 и став 1 од Кривичниот законик.

На 26 декември 2025 година, Основното јавно обвинителство Скопје, постапувајќи по кривична пријава од Управата за финансиска полиција, поведе постапка против две физички и едно правно лице за злоупотреба при јавни набавки во Друштвото.

26. РЕВИЗИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Актуелното раководство на Друштвото, со допис број 02-6328/1 од 12 септември 2024 година, се обрати до Државниот завод за ревизија поради утврдени неправилности и нерегуларности во финансиското работење на Друштвото, со барање да се изврши ревизија на работењето во претходниот период. По спроведената ревизија, во периодот од април до крајот на октомври 2025 година, во Извештајот на Државниот завод за ревизија беа констатирани сериозни и системски неправилности во финансиското работење на Друштвото, настанати во периодот на управување од страна на поранешното раководство.

Заради воспоставување засилена внатрешна контрола, обезбедување законито, транспарентно и одговорно постапување, како и спречување на повторување на исти или слични неправилности во иднина, Генералниот директор на Друштвото донесе соодветни Протоколи со кои се уредуваат постапките, надлежностите, одговорностите и механизмите за контрола при финансиското и административното работење на Друштвото. Со донесувањето и примената на овие Протоколи се воспоставува јасна трага на постапување, се зајакнува системот на внатрешни контроли и се обезбедуваат услови за навремено откривање, спречување и санкционирање на евентуални неправилности.

27. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември се следните:

	Во денари	
	31 декември 2025	31 декември 2024
ЕУР	61.4950	61.4950

28. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Спроведување на истражна постапка

Во врска со спроведувањето истражна постапка за проневера во Друштвото (Белешка 23), на 23 февруари 2026 година, излезе соопштение од Основното јавно обвинителство Скопје дека второосомничениот, осомничен заедно со уште пет лица, доброволно се пријавил на органите на прогонот и изразил подготвеност да соработува со надлежните органи. Основното јавно обвинителство Скопје ќе ја продолжи постапката за истиот со цел донесување на јавнообвинителска одлука. На барање на второосомничениот, преку неговата одбрана, истиот беше спроведен пред надлежниот обвинител каде вршеше увид во списите на предметот, но поради обемноста на доказниот материјал увидот ќе продолжи, по што на второосомничениот ќе му биде овозможено да ја даде својата одбрана.

Обврска за дивиденда

Во согласност со Заклучоците од 167-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 април 2026 година, на Друштвото му е укажано да обезбеди финансиски средства во износ од 300,000 илјади денари од нераспределената дивиденда, наменети за спонзорирање на настани по повод одбележувањето на 35 години од независноста на државата. Во насока на реализација на оваа обврска, Друштвото спроведе постапка за избор на реализатор и склучи договор за спонзорство со друштвото СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, врз основа на јавен повик и донесена одлука за избор на најповолен понудувач. На 11 мај 2026 година, Друштвото изврши исплата на 300,000 илјади денари на СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, и за истиот износ ја намали обврската за дивиденда кон сопственикот Република Северна Македонија (Белешка 20).

Истапување од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје

Во Република Северна Македонија се работи на измени на Законот за игри на среќа, при што Владата на Република Северна Македонија, поднесе Предлог на закон за игрите на среќа и за забавните игри до Собранието на Република Северна Македонија на 12 мај 2026 година. Една од значајните предлог измени се однесува на член 7 од Законот, според кој приредувањето на игрите на среќа и забавните игри е право на Република Северна Македонија, односно, лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, електронските и интернет игрите на среќа Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е единствен акционер. Трговското друштво интернет игрите на среќа ќе ги приредува врз основа на добиена лиценца за приредување на интернет игри на среќа. За целите за приредување на електронски и интернет игри на среќа, трговското друштво може да ангажира надворешни правни лица избрани преку јавен повик.

28. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ (продолжение)

Истапување од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (продолжение)

Поради очекуваните измени во Законот, Владата на Република Северна Македонија на 169-та седница одржана на 5 мај 2026 година, ја разгледа Информацијата за постапката за истапување на Друштвото од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа и ја усвои со следните заклучоци:

- Се укажува на Друштвото, преку своите надлежни органи, да ги преземе сите потребни правни, статусни и договорни дејствија за спроведување на постапката за истапување, да изврши усогласување на договорната и корпоративната документација, да ги донесе потребните одлуки и други правни акти и да ја подготви и поднесе потребната документација до Централниот регистар на Република Северна Македонија.
- Се укажува на Друштвото да достави до Владата посебна информација за правните постапки поврзани со избор на деловен соработник за контрола и организација на продажната мрежа за уплата на влогови преку видеолотариски терминали, по пат на објава на јавен повик (Белешка 14).

Престанок на подружниците на Друштвото

Во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 24 септември 2024 година за престанок на подружниците (Белешка 13), постапките за нивен престанок се наоѓаат во следните фази:

- Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС" ДОО Битола се наоѓа во фаза на одлучување пред второстепениот суд, по жалбата изјавена од туженото друштво против првостепената пресуда со која во целост е усвоено тужбеното барање на Друштвото и е изречен престанок на туженото друштво.
- Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ" ДОО Скопје се наоѓа во завршна фаза. Имајќи го предвид дотогашниот тек на постапката, се очекува донесување пресуда со која тужбеното барање на Друштвото ќе биде усвоено во целост и ќе биде изречен престанок на туженото друштво.
- На 26 јуни 2026 година, во писарницата на Државна лотарија е примена Пресудата 58 ТС1-289/24 на Основниот граѓански суд Скопје, со која во целост е усвоено тужбеното барање на Друштвото и е изречен престанок на Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ" ДОО Скопје.

Друштвото продолжува да го следи текот на постапките и да ги презема потребните правни дејствија за заштита на своите права и интереси. Имајќи ги предвид донесените првостепени пресуди и дотогашниот тек на постапките, се очекува нивно завршување со позитивен исход за Друштвото.

Нема други настани по периодот на известување кои бараат корекција или дополнително обелоденување во единечните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

ПРИЛОГ 1 – ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА

ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
ЗА ДЕЛОВНАТА 2025 ГОДИНА

Скопје, јуни 2026 година

С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД 3

ИСТОРИЈАТ НА ДРУШТВОТО 4

ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ И ОСНОВНА ЦЕЛ НА ДРУШТВОТО ..... 5.

ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО..... 6

АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ..... 7.

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ..... 7

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО ..... 9.

СТРАТЕГИЈА И МИСИЈА НА ДРУШТВОТО 15

ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ НА ДРУШТВОТО..... 16

ПРОДАЖБА И ПРОДАЖНА МРЕЖА 22

КОМЕРЦИЈАЛНИ И ЛОГИСТИЧКИ РАБОТИ..... 24

КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА И МАРКЕТИНГ 26

ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ..... 31

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ НАБАВКИ.....38

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО.....39

СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ.....52.

КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ.....57

ЗАКЛУЧОК.....61

ВОВЕД

Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2025 година, претставува систематизиран и сеопфатен приказ на работењето, остварените резултати и развојните определби на Друштвото во текот на извештајниот период.

Во Извештајот се опфатени историјатот на Друштвото, предметот на работење и неговата основна цел, главните фактори и околности што влијаеле врз работењето во текот на 2025 година, акционерскиот капитал и сопственичката структура, органите на управување и надзор, како и организациската поставеност на Друштвото.

Посебно се разработени стратегијата и мисијата на Друштвото, постигнувањата и перспективите за натамошен развој, активностите во областа на продажбата и продажната мрежа, маркетиншката соработка и промоцијата, како и финансиските резултати од работењето.

Извештајот содржи и осврт на активностите поврзани со спречувањето перење пари и финансирање тероризам, како и на корпоративната општествена одговорност, преку која Друштвото го остварува својот придонес кон проекти и иницијативи од поширок јавен и општествен интерес.

Во завршниот дел се содржани заклучни согледувања за работењето на Друштвото во 2025 година, со осврт на постигнатите резултати, предизвиците во извештајниот период и основните насоки за неговиот натамошен развој.

I. ИСТОРИЈАТ НА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост – Државна лотарија на Република Северна Македонија е основано како акционерско друштво во целосна сопственост на Република Северна Македонија. Друштвото е запишано во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија на 17 декември 2008 година, а со организирано приредување игри на среќа официјално започнува во 2010 година.

Во периодот што следува, Друштвото бележи континуиран институционален и деловен развој, преку воведување нови видови игри на среќа, унапредување и модернизација на постојните производи, како и континуирано приспособување на своето работење кон современите технолошки, пазарни и регулаторни барања. Посебно внимание се посветува на обезбедувањето транспарентност, регуларност и сигурност во сите фази на приредувањето на игрите на среќа.

Паралелно со развојот на производното портфолио и продажната мрежа, Друштвото континуирано ги унапредува техничките, информациските и безбедносните системи, со цел обезбедување сигурно, доверливо и контролирано приредување на игрите на среќа, како и соодветна заштита на интересите на учесниците и на јавниот интерес.

Од почетокот на 2016 година, Државната лотарија започнува со засилена промоција и практична примена на концептот на одговорно играње, преку реализација на едукативни и информативни кампањи, воспоставување соработка со релевантни институции и организации и подигнување на јавната свест за одговорното учество во игрите на среќа. Во истиот период беше воспоставен и нов корпоративен визуелен идентитет, насочен кон унапредување на имиџот на Друштвото и зголемување на препознатливоста и конзистентноста на брендот.

Почнувајќи од 5 август 2024 година, Државната лотарија влегува во нова фаза на стратешка и организациска трансформација, насочена кон унапредување на деловната ефикасност, воведување иновативни решенија, јакнење на корпоративното управување и општествената одговорност, како и обезбедување долгорочна финансиска, оперативна и институционална одржливост.

Во рамките на своето работење, Државната лотарија континуирано ги применува начелата и стандардите на законитост, безбедност, транспарентност, отчетност и контрола на регуларноста, со цел обезбедување квалитетна, сигурна и професионална услуга за сите корисници. Овие принципи претставуваат основа на довербата што Друштвото ја гради и одржува во јавноста и се од суштинско значење за неговиот понатамошен развој и институционален интегритет

Следејќи ги добрите практики на европските и светските лотариски организации, Државната лотарија посветува особено внимание на натамошното унапредување на принципите на одговорно играње. Преку едукативни активности, информативни кампањи, институционална соработка и поддршка на општествено значајни иницијативи, Друштвото придонесува кон подигнување на јавната свест за социјалните аспекти на игрите на среќа и кон заштитата на јавниот интерес во Република Северна Македонија.

II. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ И ОСНОВНА ЦЕЛ НА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија е основано како акционерско друштво во целосна сопственост на државата и е регистрирано за вршење на основната дејност со шифра 92.000 – Дејности на коцкање и обложување.
Основната дејност на Друштвото е организирање и приредување игри на среќа во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива на Република Северна Македонија, Статутот и општите акти на Друштвото, при доследна примена на високи стандарди на регуларност, транспарентност, безбедност, отчетност и одговорност во работењето.

Основната цел на основањето и функционирањето на Друштвото е обезбедување одржлив, законски уреден и општествено одговорен модел на приредување игри на среќа, кој, од една страна, создава можности за забава и рекреација на граѓаните, а од друга страна придонесува кон развојот на заедницата и остварувањето на поширокиот јавен интерес.
Преку вршењето на својата дејност, Друштвото остварува приходи што претставуваат значаен извор на средства за Буџетот на Република Северна Македонија. На тој начин, работењето на Државната лотарија има пошироко економско и општествено значење, надминувајќи ја исклучиво комерцијалната димензија на приредувањето игри на среќа.

Дел од средствата што се обезбедуваат преку приредувањето игри на среќа се насочуваат кон финансирање програми и активности од јавен и општествен интерес, вклучително и активности на здруженија и организации што работат со лица со попреченост, организации што придонесуваат за развојот и унапредувањето на спортот, како и хуманитарни активности и иницијативи, меѓу кои и поддршката на Црвениот крст на Република Северна Македонија.
Дополнително, Друштвото е посветено на промовирање одговорно играње, подигнување на јавната свест за социјалните аспекти на игрите на среќа и обезбедување висококвалитетна, етичка и општествено прифатлива услуга.

На овој начин, Државната лотарија не само што извршува економски и законски значајна функција, туку активно учествува и во создавањето позитивни општествени вредности, поддршката на проекти од јавен интерес и унапредувањето на квалитетот на животот во заедницата.

III. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА

Деловната 2025 година се одвиваше во сложено и динамично економско окружување, обележано со продолжено влијание на глобалните економски, геополитички и пазарни неизвесности. Нивните ефекти се одразуваа врз меѓународната трговија, ценовната стабилност, пазарот на трудот, финансиските текови, како и врз фискалните и монетарните политики.
Економските активности во текот на 2025 година беа под влијание на сè уште заострените глобални финансиски услови, умерениот раст на меѓународната трговија и променливата доверба кај деловните субјекти и потрошувачите. Геополитичките тензии, нарушувањата во синџирите на снабдување и нестабилноста на енергетските и суровинските пазари дополнително придонесуваа кон создавање неизвесно и комплексно деловно окружување.

Секторот на игрите на среќа, како составен дел од поширокиот економски и општествен амбиент, исто така беше изложен на влијанието на овие фактори. Промените во потрошувачките навики, зголемените оперативни трошоци, забрзаниот технолошки развој и растечките очекувања на корисниците наметнаа потреба од навремено приспособување, внимателно планирање и стратешко управување со расположливите ресурси.

Во такви услови, Државната лотарија како приоритет ги постави одржувањето на тековната ликвидност, финансиската стабилност, континуитетот на деловните процеси и законитото и ефикасно извршување на основната дејност.Преку преземање навремени, внимателно планирани и одговорни мерки, Друштвото во текот на 2025 година обезбеди континуитет во работењето и реализација на активностите во согласност со утврдените цели и надлежности. И покрај сложените надворешни околности, Друштвото ја заврши деловната година со изразена институционална и оперативна отпорност, одговорност и доследност во остварувањето на својата мисија.

IV. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

Основната главнина на Друштвото изнесува 276.345.000 денари, односно 4.500.000 евра, од кои 3.500.000 евра претставуваат непаричен влог, согласно со проценка извршена од овластен проценител, додека 1.000.000 евра претставуваат паричен влог, пресметан според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и уплатен при уписот на Друштвото.

Основната главнина е поделена на 45.000 обични акции, во сопственост на акционерот Република Северна Македонија. Номиналната вредност на секоја акција изнесува 100 евра, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, објавен еден ден пред денот на усвојувањето на Одлуката за изменување на Статутот.

Управно-административното седиште на Државната лотарија се наоѓа во Скопје, на булевар „Гоце Делчев" бр. 8.

V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Управувањето и надзорот над работењето на Друштвото се остваруваат преку статутарно утврдените органи, во согласност со нивните права, обврски и надлежности определени со Законот за трговските друштва, Законот за игрите на среќа и забавните игри, Статутот на Друштвото и другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Органи на Друштвото се Собранието, Надзорниот одбор и Управниот одбор.

Во рамките на корпоративното управување, активностите на органите на Друштвото се спроведуваат врз основа на соодветна фактичка, правна и документарна основа, со почитување на начелата на законитост, отчетност, транспарентност, финансиска одржливост и оперативна ефикасност.

Собрание на Друштвото

Собранието е највисок орган на Друштвото.

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Северна Македонија, во својство на претставник на единствениот акционер – Република Северна Македонија.

Надзорен одбор

Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на Друштвото, како и надзор и контрола над работењето и управувањето што го врши Управниот одбор, во рамките на надлежностите утврдени со закон и со Статутот на Друштвото.

Согласно со Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор го сочинуваат пет члена, од кои двајца се независни членови. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на Друштвото, односно Владата на Република Северна Македонија.

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор го сочинуваа пет члена, избрани од Собранието на Друштвото. Во текот на деловната 2025 година, Надзорниот одбор одржа вкупно 9 (девет) состаноци. Во рамките на своите законски и статутарни надлежности, на состаноците беа разгледувани прашања од значење за законитото, финансиски одржливото и оперативно ефикасното работење на Друштвото, како и актуелни прашања и предизвици со кои Друштвото се соочуваше во извештајниот период.

Сите состаноци на Надзорниот одбор беа навремено и стручно подготвени, при што на членовите им беа доставувани соодветни пишани материјали поврзани со предложениот дневен ред.

За секој одржан состанок се водеа записници, кои беа потпишани од присутните членови на Надзорниот одбор и претставуваат составен дел од архивскиот и документарниот материјал создаден во текот на 2025 година во Друштвото.

Во текот на извештајниот период, Надзорниот одбор донесе повеќе акти и одлуки од значење за работењето на Друштвото, во согласност со своите законски и статутарни надлежности. Надзорниот одбор, исто така, даваше мислења, предлози и насоки на органите на управување и раководење на Друштвото во однос на правците на развој и реализација на активностите поврзани со приредувањето на игрите на среќа и другите сегменти од работењето на Друштвото.

Управен одбор

Управниот одбор го сочинуваат пет члена. Согласно со член 12 од Статутот на Друштвото и одредбите од Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор.

Согласно со Статутот на Друштвото, претседателот на Управниот одбор го носи називот генерален директор на Друштвото, додека заменик-претседателот на Управниот одбор го носи називот заменик-генерален директор на Друштвото.

Во текот на деловната 2025 година, Управниот одбор одржа вкупно 21 (дваесет и еден) состанок.

На состаноците на Управниот одбор беа разгледувани и се одлучуваше за прашања од значење за редовното, финансиското, развојното и оперативното работење и функционирање на Друштвото.
Работењето на Управниот одбор во извештајниот период се одликуваше со професионален и одговорен пристап, како и со активна вклученост на членовите во разгледувањето и одлучувањето за прашањата од нивна надлежност.

Сите состаноци на Управниот одбор беа навремено и стручно подготвени, при што на членовите им беа доставувани пишани материјали поврзани со точките од предложениот дневен ред.За секој одржан состанок се водеа записници, кои беа потпишани од присутните членови на Управниот одбор и претставуваат составен дел од архивскиот и документарниот материјал на Друштвото.
Во периодот опфатен со овој Извештај, Управниот одбор донесе повеќе акти и одлуки од значење за законитото, ефикасното и непречено работење на Друштвото.

Стручната, правната и административната подготовка на материјалите за органите на Друштвото придонесуваше одлуките да се донесуваат врз основа на соодветна правна аргументација, целосна документарна основа и формално-правна усогласеност, што е од особено значење за правната сигурност, транспарентноста и отчетноста во корпоративното управување.

VI. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост – Државна лотарија на Република Северна Македонија е организирано врз принципот на функционално и стручно извршување на следните групи работи:

- работи поврзани со организирањето и приредувањето игри на среќа;
- материјално-финансиски работи;
- комерцијални и продажни работи;
- нормативно-правни работи и работи од областа на управувањето со човечките ресурси;
- стручно-аналитички работи;
- информатичко-комуникациски работи;
- стручно-административни работи; и
- оперативни и други работи неопходни за непречено вршење на дејноста на Друштвото.

Заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, рационално организирање на работата и работните процеси, како и обезбедување сеопфатно следење, координација и контрола на деловните активности, работењето на Друштвото е организирано во сектори и служби.

Со секторите раководат директори на сектори, додека со службите раководат соодветно определени раководни лица. Раководните лица за својата работа, законитото и навремено извршување на задачите и реализацијата на утврдените цели му одговараат на генералниот директор на Друштвото.
Организациската поставеност на Друштвото е насочена кон обезбедување јасна распределба на надлежностите и одговорностите, функционална поврзаност на организационите единици, навремено донесување и спроведување на деловните одлуки, како и целосна следливост и документираност на работните процеси.

На 31 декември 2025 година, во Друштвото беа вработени вкупно 96 (деведесет и шест) лица, со следната квалификациска структура:

Степен на стручна подготовка	**Број на вработени**
Средна стручна подготовка – ССС	28
Виша стручна подготовка – ВШС	/
Висока стручна подготовка – ВСС	68
Вкупно	96

Согласно со склучениот менаџерски договор, бруто-платата на генералниот директор е утврдена во износ од 199.653,00 денари.
Согласно со склучениот менаџерски договор со заменик-генералниот директор, неговата бруто-плата е утврдена во износ од 169.705,00 денари.
Месечниот нето-надоместок на членовите на органите на управување и надзор на Државната лотарија, за периодот од 1 јануари 2025 до 31 декември 2025 година, изнесуваше:

Управен одбор

Функција	**Месечен нето - надоместок**
Претседател	18.000,00 денари
Член	15.000,00 денари

Надзорен одбор

Функција	Месечен нето - надоместок
Претседател	10.310,00 денари
Член	10.310,00 денари

Имајќи предвид дека успешноста, стабилноста и развојот на Друштвото во значителна мера зависат од професионалноста, стручноста и ангажираноста на неговите вработени, Државната лотарија од почетокот на своето работење континуирано воспоставува и поддржува високи стандарди на интегритет, одговорност, професионалност и етичко однесување.

Вработените во Државната лотарија континуирано се поттикнуваат да ја имаат предвид важноста на своите работни задачи, овластувања и одговорности, да постапуваат совесно и професионално и да придонесуваат кон законито, транспарентно, ефикасно и одговорно работење на Друштвото.

Преку доследно почитување на професионалните и етичките стандарди, вработените непосредно придонесуваат за одржување и натамошно зголемување на довербата во Државната лотарија, за заштита на нејзиниот институционален углед и за обезбедување квалитетно извршување на дејноста од јавен интерес.

Друштвото континуирано го насочува своето внимание кон унапредување на корпоративната култура, стручното усовршување на вработените, развивањето на нивните професионални компетенции и обезбедувањето безбедни, достоинствени и соодветни услови за работа.

На овој начин се создаваат предуслови Друштвото да постапува во согласност со принципите на корпоративното управување, деловната и професионалната етика, нормативната усогласеност и општествената одговорност. Доследната примена на овие принципи придонесува кон јакнење на институционалниот углед, финансиската стабилност, оперативната ефикасност и долгорочната одржливост на Друштвото.

Во текот на 2025 година, Секторот за правни работи преземаше активности поврзани со подготовка, правна обработка, проверка и усогласување на договори и анекси кон договори од значење за работењето на Друштвото.

Овие активности опфаќаа договорни односи од повеќе области, меѓу кои:

- договори и анекси поврзани со финансиски односи и обезбедување на средства;
- договори за деловна соработка поврзани со продажната мрежа и реализацијата на игрите на среќа;
- договори поврзани со обезбедување софтверски и онлајн платформски услуги со играчки содржини за приредување интернет игри на среќа;
- договори за спонзорства и донации;
- договори поврзани со закуп и други потреби за редовно функционирање на Друштвото;
- други договори и правни инструменти произлезени од одлуките на надлежните органи.
-

Посебно значење во договорното работење имаше подготовката и правното следење на договорите за деловна соработка преку кои се обезбедува функционалноста на продажната мрежа на Друштвото. Со овие договорни односи се уредуваат прашања поврзани со приемот на уплати за игрите на среќа што ги приредува Друштвото, исплатата на добивките до законски дозволениот износ, административните и сметководствените работи поврзани со продажбата и исплатата на добивките, како и други активности поврзани со продажбата на игрите на среќа согласно со насоките и правилата на Друштвото.

Правната обработка на договорите беше спроведувана со цел да се обезбеди јасно утврдување на правата и обврските на договорните страни, заштита на интересите на Друштвото, контрола на потенцијалните договорни ризици и создавање сигурна правна основа за реализација на деловните активности.

СУДСКИ И ДРУГИ ПОСТАПКИ И ПРАВНА ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ДРУШТВОТО

Важен сегмент од работењето на Секторот за правни работи во извештајниот период претставуваше следењето и координацијата на судските и другите постапки што се водат пред надлежните судови, државни органи и институции, а во кои Друштвото има својство на странка, учесник или субјект од кој се бара определено постапување.

Во рамките на оваа функција, Секторот:

- водеше и ажурираше евиденција за судските и другите предмети;
- обезбедуваше прибирање, подготвување и систематизирање на потребната документација;
- остваруваше континуирана координација со ангажираните правни застапници на Друштвото;

- учествуваше во подготовка на правни информации, мислења и одговори поврзани со конкретни предмети;
- се грижеше за навремено и уредно постапување по барања и достави од надлежни органи.

Ваквиот пристап овозможуваше навремена правна реакција, подобра контрола на предметите и соодветна заштита на правните и имотните интереси на Друштвото. Истовремено, систематското следење на предметите придонесува кон управување со правниот ризик и обезбедување институционална подготвеност за постапување во секој конкретен случај.

Во текот на извештајниот период беа преземени активности за престанок на учеството на АД Државна лотарија во НОВО ВЛТ ДОО Скопје. Како модел за спроведување на постапката беше утврдена статусна промена преку поделба, согласно член 517 и член 518 од Законот за трговските друштва. Беа одржани повеќе средби и преговори со содружникот ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, кој поседува удел од 49%, заради усогласување на правната форма, условите и временската динамика на постапката. Беше изработен План за поделба на НОВО ВЛТ ДОО Скопје, со кој беше предвидена комбинирана поделба со раздвојување со основање и раздвојување со преземање, основање ново друштво ДООЕЛ НГДМ Скопје во 100% сопственост на ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, како и повлекување и преземање на непаричниот влог на АД Државна лотарија.

За спроведување на постапката беа изготвени потребните правни акти и прилози, вклучително и Изјава за основање и Изјава за преземање на влог.

На собирот на содружниците, одржан на 14.11.2025 година, беа разгледани Планот за поделба, Изјавата за основање на ДООЕЛ НГДМ Скопје и одлуките поврзани со престанокот на НОВО ВЛТ ДОО Скопје.

Со спроведувањето на статусната промена, НОВО ВЛТ ДОО Скопје престанува да постои, непаричниот влог на АД Државна лотарија се враќа, а членството и учеството на АД Државна лотарија во друштвото престануваат.

Во текот на извештајниот период беа преземени активности во врска со можноста АД Државна лотарија да го преземе уделот од 49% што Друштвото за приредување игри на среќа „Касинос Аустриа Интернатионал Македонија" ДОО Скопје го поседува во Друштвото за приредување игри на среќа „Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа" ДОО Скопје. Државна лотарија поседува удел од 51% во основната главнина и во правото на одлучување во Државна видеолотарија, додека преостанатиот удел од 49% го поседува „Касинос Аустриа Интернатионал Македонија" ДОО Скопје.

Предложеното преземање на уделот беше насочено кон стекнување целосна сопственост и контрола врз Државна видеолотарија, зголемување на економската ефикасност, задржување на целокупната остварена добивка во рамките на државниот систем и трансформација на друштвото во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице. Во таа насока беше подготвена и доставена Информација до Владата на Република Северна Македонија, во која беа образложени финансиските, правните и стратешките аспекти на предложеното преземање, како и постапката што требаше да се спроведе согласно Законот за трговските друштва, Статутот на Државна лотарија и актите на друштвото.

Паралелно со доставувањето на Информацијата, беа водени преговори со „Касинос Аустриа Интернатионал Македонија" ДОО Скопје за утврдување на условите под кои би се извршило пренесувањето и преземањето на уделот. Во текот на преговорите не беше постигната согласност меѓу страните во однос на условите за пренос на уделот, поради што предложената постапка за негово преземање не беше реализирана.

Во текот на 2025 година пред надлежните судови продолжија постапките за престанок на Друштвото за приредување електронски игри на среќа „Нова Државна Видео Лотарија – НОВО ВЛТ" ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ" ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС" ДОО Битола и Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ" ДОО Скопје.

Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС" ДОО Битола се наоѓа во фаза на одлучување пред второстепениот суд, по жалбата изјавена од туженото друштво против првостепената пресуда со која во целост е усвоено тужбеното барање на Државна лотарија и е изречен престанок на туженото друштво.

Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ" ДОО Скопје се наоѓа во завршна фаза. Согласно дотогашниот тек на постапката, се очекува донесување пресуда со која тужбеното барање на Државна лотарија ќе биде усвоено и ќе биде изречен престанок на туженото друштво.

Со Пресудата 58 ТС1-289/24 на Основниот граѓански суд Скопје, со која во целост е усвоено тужбеното барање на Државна лотарија и е изречен престанок на Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ" ДОО Скопје.

Надлежните служби на Друштвото продолжуваат континуирано да го следат текот на наведените постапки и да ги преземаат сите потребни правни дејствија за заштита на интересите на Државна лотарија. Имајќи ги предвид донесените првостепени пресуди и досегашниот тек на постапките, се очекува нивно завршување со позитивен исход за Друштвото.

VII. СТРАТЕГИЈА И МИСИЈА НА ДРУШТВОТО

Стратегиската определба на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија, е насочена кон обезбедување долгорочно, стабилно, законито и општествено одговорно работење, преку современо и контролирано приредување игри на среќа, создавање одржливи извори на приходи и обезбедување средства наменети за поддршка и финансирање проекти и активности од јавен интерес.

Друштвото ја остварува својата дејност имајќи ја предвид нејзината поширока економска и општествена димензија. Преку приредувањето игри на среќа, Државната лотарија, од една страна, им овозможува на учесниците пристап до разновидни, современи и атрактивни содржини за забава и рекреација, а од друга страна, создава вредност што придонесува кон реализацијата на општествено значајни проекти и унапредувањето на јавниот интерес.

Во таа насока, трајна определба на Друштвото е промовирањето на солидарноста, хуманоста и филантропијата, како вредности преку кои дел од средствата создадени со приредувањето игри на среќа се насочуваат кон поддршка на лицата и категориите на кои помошта им е најпотребна, како и кон развој на спортот, културата, образованието, науката, здравството, хуманитарните активности и други области од пошироко општествено значење.

Мисијата на Државната лотарија е да приредува игри на среќа на законит, сигурен, транспарентен и одговорен начин, обезбедувајќи квалитетна и доверлива услуга за учесниците, при истовремено создавање средства и вредности што придонесуваат кон општото добро и развојот на заедницата.
Во остварувањето на својата мисија, Друштвото се раководи од принципите на законитост, професионалност, интегритет, отчетност, транспарентност, сигурност и општествена одговорност. Овие принципи претставуваат основа за градење и одржување на довербата на учесниците, акционерот, надлежните институции, деловните соработници и поширокаата јавност.
Стратегијата на Друштвото е насочена кон континуирано унапредување на квалитетот и ефикасноста на работењето, развој и модернизација на производното портфолио, воведување нови и иновативни игри на среќа, примена на современи технолошки решенија, развој и унапредување на продажната мрежа, како и обезбедување висок степен на достапност, функционалност и квалитет на услугите.

Посебно значење во реализацијата на стратегиските цели има развојот на стручни, професионални и ефикасни човечки ресурси, способни да ги следат современите трендови во индустријата на игрите на

среќа, технолошките промени, пазарните движења и зголемените очекувања на корисниците. Континуираното стручно усовршување на вработените, унапредувањето на корпоративната култура и јасното утврдување на надлежностите и одговорностите претставуваат значајни предуслови за успешно остварување на мисијата и долгорочните цели на Друштвото.

Државната лотарија настојува да ја зацврсти својата позиција како институција препознатлива по сигурноста, доверливоста, професионалноста и регуларноста на работењето. Во таа смисла, Друштвото континуирано ги унапредува системите за контрола, техничката и информациската инфраструктура, внатрешните процедури и механизмите за следење на деловните процеси, со цел обезбедување целосна заштита на интегритетот на игрите на среќа и интересите на учесниците.

Во своето работење, Државната лотарија применува високи стандарди на сигурност, контрола и транспарентност во сите фази на приредувањето игри на среќа, настојувајќи да обезбеди професионална, навремена и беспрекорна услуга за своите корисници. Истовремено, Друштвото е насочено кон континуирано унапредување на корпоративното управување, финансиската дисциплина, нормативната усогласеност и институционалната отчетност.

Следејќи ги добрите практики и искуствата на европските и светските лотариски организации, Државната лотарија посветува особено внимание на создавањето и унапредувањето на предусловите за одговорно играње. Овој концепт претставува составен дел од стратегиското и оперативното работење на Друштвото и подразбира информирање и едукација на јавноста, заштита на ранливите категории, поттикнување умерено и одговорно учество во игрите на среќа и развивање свест за потенцијалните ризици поврзани со прекумерното играње.

Преку континуирано промовирање на принципите на одговорно играње, Друштвото придонесува кон развојот на свеста на граѓаните за социјалниот аспект на игрите на среќа и кон воспоставување рамнотежа меѓу забавниот карактер на игрите, економските резултати од дејноста и заштитата на јавниот интерес.
Долгорочната визија на Државната лотарија е да биде модерно, стабилно, технолошки напредно и општествено одговорно друштво, кое преку законито, транспарентно и ефикасно работење создава трајна вредност за акционерот, учесниците, вработените и целокупната заедница. Остварувањето на оваа визија подразбира континуирано приспособување кон современите деловни и технолошки трендови, внимателно управување со ризиците, унапредување на квалитетот на услугите и доследно почитување на највисоките професионални и етички стандарди.

VIII. ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ НА ДРУШТВОТО

Во текот на 2025 година, Друштвото беше насочено кон натамошно унапредување и проширување на обемот на приредување игри на среќа, збогатување на разновидноста на понудените производи и подобрување на нивната достапност за граѓаните на Република Северна Македонија.

Активностите во извештајниот период се реализираа во согласност со стратегиските определби на Друштвото, со посебен акцент на развојот и модернизацијата на портфолиото на игри на среќа, примената на современи технолошки решенија, унапредувањето на квалитетот на услугите и обезбедувањето сигурно, транспарентно и одговорно приредување на игрите.

Остварените резултати во 2025 година укажуваат на значително зголемување на вкупниот обем на работење на Друштвото. Вкупната уплата од сите игри на среќа изнесуваше 6.856.716.341 денар, што претставува зголемување од 40 проценти во однос на 2024 година. Вкупната исплата изнесуваше 4.509.156.365 денари и бележи раст од 39 проценти, додека вкупниот приход достигна 2.347.559.976 денари, односно беше зголемен за 42 проценти во споредба со претходната година.
Наведените резултати претставуваат значајно деловно постигнување и ја потврдуваат способноста на Друштвото да обезбеди раст, континуитет и финансиска стабилност во услови на динамично пазарно и технолошко окружување.
Во текот на 2025 година, Друштвото ги приредуваше следните игри на среќа:

Лото 7/37

Играта на среќа Лото 7/37 се приредуваше со цена од 30 денари за една комбинација. Во текот на 2025 година беа приредени вкупно 104 редовни кола.

Вкупната уплата од оваа игра изнесуваше 403.510.650 денари, исплатата на добивки изнесуваше 141.159.515 денари, додека остварениот приход изнесуваше 262.351.135 денари.
И покрај намалувањето на вкупната уплата во однос на 2024 година, приходот од оваа игра беше зголемен за 4 проценти, што укажува на поповолен однос меѓу уплатата и исплатените добивки во текот на извештајниот период.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	531.599.520	278.682.540	252.916.980
2025	403.510.650	141.159.515	262.351.135
Промена	намалување од 24%	намалување од 49%	зголемување од 4%

Џокер

Играта Џокер се приредуваше во рамките на играта Лото 7/37, со цена од 30 денари за една комбинација. Во текот на 2025 година беа приредени вкупно 104 кола.
Вкупната уплата изнесуваше 54.933.510 денари, исплатата на добивки изнесуваше 23.749.196 денари, додека остварениот приход изнесуваше 31.184.314 денари.
Во споредба со 2024 година, кај оваа игра беше забележано намалување на уплатата и исплатата за 18 проценти, додека приходот беше намален за 17 проценти.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	66.735.630	29.138.570	37.597.060
2025	54.933.510	23.749.196	31.184.314
Промена	намалување од 18%	намалување од 18%	намалување од 17%

Инстант лотарија

Во текот на 2025 година, инстант лотаријата беше застапена со 14 различни видови инстант лозови, со што на учесниците им беше понуден разновиден и достапен асортиман на производи.
Вкупниот промет од инстант лозовите изнесуваше 389.554.610 денари, исплатата на добивки изнесуваше 224.893.279 денари, додека остварениот приход изнесуваше 164.661.331 денар.

Во однос на 2024 година, уплатата беше зголемена за 5 проценти, исплатата за 6 проценти, а приходот за 5 проценти, што укажува на стабилен и континуиран раст на овој сегмент од работењето.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	369.326.870	212.989.708	156.337.162
2025	389.554.610	224.893.279	164.661.331
Промена	зголемување од 5%	зголемување од 6%	зголемување од 5%

Електронски игри- Кено

Електронските игри Кено опфаќаа три игри, Кено, Кено Лаки и Кено Рејсинг Дог. Игрите се приредуваа во рунди, односно извлекувања, во однапред определени временски термини и интервали.

Во текот на 2025 година, вкупната уплата од овие игри изнесуваше 553.101.861 денар, исплатата на добивки изнесуваше 470.413.811 денари, додека остварениот приход изнесуваше 82.688.050 денари.

Во однос на 2024 година, уплатата беше зголемена за 5 проценти, а исплатата за 14 проценти. Поради повисокиот раст на исплатените добивки, приходот од овој сегмент беше намален за 28 проценти.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	527.494.166	413.135.122	114.359.044
2025	553.101.861	470.413.811	82.688.050
Промена	зголемување од 5%	зголемување од 14%	намалување од 28%

Електронски игри на среќа преку видео лотариски терминали

Електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали, ВЛТ, во текот на 2025 година остварија вкупна уплата од 37.442.097 денари и исплата на добивки во износ од 31.581.142 денари, при што остварениот приход изнесуваше 5.860.955 денари.

Во споредба со 2024 година, овој сегмент оствари исклучително висок раст. Уплатата беше зголемена за 889 проценти, исплатата за 869 проценти, додека приходот беше зголемен за 1.012 проценти.

Ваквите резултати укажуваат на значително зголемување на обемот на приредување и на учеството на електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали во вкупното работење на Друштвото.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	3.785.685	3.258.481	527.204
2025	37.442.097	31.581.142	5.860.955
Промена	зголемување од 889%	зголемување од 869%	зголемување од 1.012%

Интернет игри на среќа преку платформата „Мегавин“

Интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин“ претставуваа еден од најзначајните двигатели на растот на Друштвото во текот на 2025 година.

Вкупниот износ на уплатени средства, IN, изнесуваше 5.418.173.613 денари, додека вкупниот износ на исплатени средства, OUT, изнесуваше 3.617.359.422 денари. Разликата меѓу уплатените и исплатените средства изнесуваше 1.800.814.191 денар.

Вкупниот износ на облози, BET, изнесуваше 50.977.299.856 денари, додека износот на добивки, WIN, изнесуваше 49.176.159.154 денари. Разликата меѓу вкупните облози и добивки изнесуваше 1.801.140.702 денари.

Во однос на 2024 година, износот на IN беше зголемен за 60 проценти, OUT за 58 проценти, додека разликата меѓу овие две категории беше зголемена за 64 проценти.
Истовремено, BET и WIN бележат раст од по 54 проценти, додека разликата меѓу нив е зголемена за 39 проценти.

Преглед на IN и OUT

Година	IN	OUT	Остаток
2024	3.391.628.800	2.296.281.724	1.095.347.076
2025	5.418.173.613	3.617.359.422	1.800.814.191
Промена	зголемување од 60%	зголемување од 58%	зголемување од 64%

Преглед на BET и WIN

Година	BET	WIN	Остаток
2024	33.163.470.428	31.871.780.150	1.291.690.278
2025	50.977.299.856	49.176.159.154	1.801.140.702
Промена	зголемување од 54%	зголемување од 54%	зголемување од 39%

Вкупни резултати

Споредбениот приказ на вкупните резултати од сите игри на среќа укажува на значително подобрување на обемот и финансискиот ефект од работењето на Друштвото во 2025 година.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	4.890.570.671	3.233.486.145	1.657.084.525

Година	Уплата	Исплата	Приход
2025	6.856.716.341	4.509.156.365	2.347.559.976
Промена	зголемување од 40%	зголемување од 39%	зголемување од 42%

Вкупниот приход од приредувањето на сите игри на среќа во 2025 година е зголемен за 42 проценти во однос на 2024 година. Растот во најголема мера произлегува од значителното зголемување на обемот на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", проширувањето на активностите поврзани со електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали, како и стабилниот раст на инстант лотаријата.

Позитивните резултати остварени во 2025 година претставуваат основа за понатамошен развој и модернизација на работењето на Друштвото. Во наредниот период, перспективите на Државната лотарија се поврзани со продолжување на дигиталната трансформација, развој на нови и иновативни производи, унапредување на постојните игри, проширување и оптимизација на продажната мрежа и подобрување на достапноста и квалитетот на услугите.

Посебно внимание ќе биде посветено на понатамошниот развој на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали и современите електронски канали, имајќи ги предвид променетите навики на корисниците и забрзаниот развој на дигиталните технологии.

Истовремено, Друштвото ќе продолжи да ги унапредува техничките, безбедносните и контролните системи, со цел обезбедување сигурно, транспарентно и регуларно приредување на игрите на среќа.
Во рамките на идните активности, Друштвото ќе настојува да обезбеди балансиран развој на сите сегменти од своето портфолио, со внимателно следење на пазарните движења, потребите и интересите на учесниците и финансиската оправданост на поединечните производи.

Остварувањето на идните развојни цели ќе се темели врз принципите на законитост, финансиска дисциплина, одговорно играње, технолошка иновативност, професионалност и општествена одговорност. На овој начин, Друштвото ќе продолжи да ја зацврстува својата пазарна и институционална позиција и да создава долгорочна вредност за акционерот, корисниците и пошироката општествена заедница.

X. ПРОДАЖБА И ПРОДАЖНА МРЕЖА НА ДРУШТВОТО

Во текот на деловната 2025 година, активностите во областа на продажбата и комерцијалните работи беа насочени кон унапредување на продажните резултати, проширување и модернизација на продажната мрежа, подобрување на оперативната ефикасност и зајакнување на пазарната позиција на Друштвото. Работењето во овие области се одвиваше во согласност со утврдените стратегиски цели и деловни приоритети, со посебен акцент на зголемување на достапноста на производите и услугите, подобрување на квалитетот на услугата, унапредување на логистичките и дистрибутивните процеси и создавање услови за понатамошен стабилен и одржлив раст.

Развој на продажната мрежа

Едно од позначајните постигнувања во текот на 2025 година претставуваше проширувањето на продажната мрежа преку отворање нови продажни места. Со реализацијата на овие активности се овозможи поголема територијална достапност на производите и услугите на Друштвото, подобра покриеност на пазарот и дополнително зајакнување на неговото присуство меѓу корисниците.

Новоотворените продажни места придонесоа кон зголемување на продажниот капацитет, подобрување на пристапноста на игрите на среќа и создавање услови за поефикасна комуникација и непосредна услуга на корисниците. Истовремено, проширувањето на продажната мрежа овозможи подобро позиционирање на производите на Друштвото и создаде дополнителен потенцијал за раст на продажбата и приходите.
Во рамките на продажните активности, особено внимание беше посветено на унапредувањето на квалитетот на услугата во продажните места. Во таа насока, беа преземени мерки за подобрување на професионалниот настап на продажниот персонал, стандардизација на визуелниот идентитет и создавање поуредна, препознатлива и доверлива продажна средина.

Вработените во продажните места на Државната лотарија беа униформирани, со што беше воспоставен усогласен и професионален визуелен настап. Унифицираниот изглед придонесе кон поголема препознатливост на продажниот персонал, подобрување на корпоративниот имиџ и зајакнување на довербата на корисниците во услугите на Друштвото.

Оваа активност имаше пошироко значење од самото визуелно уредување, бидејќи придонесе кон создавање корпоративна култура заснована на професионалност, уредност, одговорност и конзистентност во односот со корисниците.

Во текот на годината беа реализирани и повеќе промотивни и продажно поттикнувачки активности, насочени кон зголемување на интересот на корисниците, подобро позиционирање на производите и поддршка на продажните резултати. Промотивните активности беа планирани и спроведувани во согласност со деловните цели на Друштвото и придонесоа кон зголемување на видливоста на производите и кон остварување позитивни продажни ефекти.

Преку внимателно осмислените промотивни механизми и нивната навремена реализација, беше поттикнат интересот на корисниците, зголемена активноста во продажната мрежа и создадена дополнителна вредност за Друштвото. Остварените резултати ја потврдуваат важноста на координираното поврзување на продажните, маркетиншките и оперативните активности.

X. КОМЕРЦИЈАЛНИ И ЛОГИСТИЧКИ РАБОТИ

Комерцијалните работи во текот на 2025 година беа насочени кон обезбедување услови за непречено и ефикасно функционирање на продажната мрежа, унапредување на логистичката поддршка и рационално управување со ресурсите потребни за реализација на деловните активности. Во рамките на овие активности беше реализирана значајна обнова на возниот парк, со што се подобрија условите за транспорт, дистрибуција и теренско извршување на работните задачи.

Модернизацијата на возниот парк овозможи поголема оперативна сигурност, навремена достава на потребните материјали и производи, подобра мобилност на вработените и поефикасна поддршка на продажните места. Оваа инвестиција придонесе кон намалување на оперативните ограничувања, подобрување на организацијата на работата и зголемување на функционалноста на логистичките процеси.

Обновата на возниот парк претставува значаен сегмент од поширокаta определба на Друштвото за модернизација на работењето и создавање современи услови за извршување на деловните активности. Со подобрувањето на логистичката инфраструктура се обезбедуваат поголема сигурност, навременост и континуитет во поддршката на продажната мрежа.

Комерцијалните активности опфаќаа и континуирано следење на потребите на продажните места, координација на дистрибуцијата, обезбедување материјални и технички услови за работа, како и поддршка при реализацијата на новите деловни иницијативи.

Посебно значење имаше координацијата меѓу продажните, комерцијалните, логистичките и другите организациски функции на Друштвото. Со подобрување на меѓусебната комуникација и навремената размена на информации се овозможи поефикасно планирање, побрзо решавање на оперативните прашања и подобра реализација на утврдените деловни приоритети.

Перспективи за натамошен развој

Резултатите остварени во текот на 2025 година претставуваат стабилна основа за натамошен развој на продажбата и комерцијалните работи. Во наредниот период, активностите ќе бидат насочени кон понатамошно проширување и оптимизација на продажната мрежа, отворање нови продажни можности, модернизација на продажните места и унапредување на квалитетот и достапноста на услугите.

Посебно внимание ќе биде посветено на анализа на продажните резултати по производи и продажни канали, идентификување на пазарните потенцијали и приспособување на продажните активности кон потребите и интересите на корисниците. Ваквиот пристап ќе овозможи поефикасно планирање, рационално користење на ресурсите и навремено насочување на активностите кон сегментите со најголем развоен потенцијал.

Во областа на комерцијалните работи, перспективите се поврзани со натамошно унапредување на логистичките и дистрибутивните процеси, подобрување на техничката и материјалната поддршка на продажната мрежа и воведување поефикасни механизми за планирање, координација и контрола. Истовремено, ќе продолжат активностите за модернизација на работењето, дигитализација на деловните процеси и развој на нови производи и услуги, со цел Друштвото навремено да одговори на современите пазарни и технолошки предизвици.

Натамошниот развој ќе се темели врз јасна визија, професионален пристап, одговорно управување со ресурсите и континуирано унапредување на квалитетот на работењето. Целта е обезбедување стабилен раст, подобрување на продажните резултати, зголемување на оперативната ефикасност и создавање долгорочна вредност за Друштвото, корисниците и акционерот.

Со надградување на постигнатите резултати од 2025 година, Друштвото ќе продолжи да ги развива продажните и комерцијалните активности како значајни носители на неговата деловна стабилност, пазарна препознатливост и долгорочен развој.

XI. КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА И МАРКЕТИНГ

Стратегиските комуникации претставуваат еден од клучните предуслови за долгорочен развој, одржливо позиционирање и унапредување на вредноста на корпоративниот бренд. Преку планско, доследно и професионално комуницирање се создаваат услови за градење доверба, зголемување на препознатливоста и воспоставување трајна и позитивна поврзаност со јавноста, корисниците и учесниците во игрите на среќа.

Во рамките на Државната лотарија, активностите од областа на комуникациската стратегија и маркетингот имаат суштинско значење за обликувањето, позиционирањето и понатамошниот развој на корпоративниот бренд. Преку стратегиски пристап во планирањето и реализацијата на комуникациските и маркетиншките активности, Друштвото настојува да го зацврсти својот идентитет како сигурен, транспарентен и општествено одговорен приредувач на игри на среќа, кој создава вредност за корисниците и придонесува кон развојот на заедницата.

Растот на корпоративниот бренд, успешното позиционирање на производите и ефектите од поединечните кампањи во значителна мера зависат од внимателно осмислените стратегиски комуникации. Нивната функција е мисијата, вредностите и деловните цели на Друштвото да ги преточат во јасна, креативна, конзистентна и влијателна комуникација, приспособена на карактеристиките и очекувањата на различните целни групи.

Во текот на 2025 година, активностите во оваа област се реализираа преку континуирана индивидуална и тимска ангажираност, како и преку соработка со надворешни деловни соработници и добавувачи. Во динамично и креативно работно окружување се развиваа и имплементираа идеи, се организираа и координираа кампањи и промотивни активности и се обезбедуваше навремен одговор на потребите и барањата на пазарот, индустријата, учесниците во игрите на среќа, медиумите и поширокаата јавност.
Посебно внимание беше посветено на развојот на комуникациските концепти и содржини на корпоративниот бренд, односно на систематското обликување на приказните, пораките и визуелните решенија преку кои се претставуваат Друштвото, неговите производи и неговите општествени вредности.
Активностите опфаќаа осмислување на начинот на пласман, претставување и рекламирање на постојните игри на среќа, како и обликување на идентитетот и комуникацискиот концепт за пласман на нови игри, производи и понуди. Разновидноста на портфолиото на Друштвото наметнуваше паралелна реализација на повеќе проекти со различна содржина, целни групи и комуникациски цели, покрај редовните тековни активности.

Значаен сегмент од комуникациската стратегија претставуваше популаризацијата на учеството во игрите на среќа, претставувањето на видовите добивки и еднаквите можности за остварување добивка, како и информирањето на јавноста за карактеристиките и начинот на учество во поединечните игри. Паралелно со промотивниот аспект, континуирано се комуницираа и принципите на одговорно приредување и одговорно учество во игрите на среќа. Овие принципи претставуваат составен дел од општествената одговорност на Друштвото и се непосредно поврзани со природата и специфичноста на неговата основна дејност.

Стратегиско позиционирање на корпоративниот бренд

Функцијата на стратегиските комуникации се остварува преку двонасочна комуникација меѓу Друштвото и пазарот. Од една страна, Друштвото ги претставува своите вредности, производи, активности и резултати, додека од друга страна ги следи потребите, очекувањата и реакциите на корисниците, медиумите, деловната заедница и поширокаата јавност.

Ваквата комуникација овозможува навремено согледување на пазарните движења, приспособување на пораките кон различните целни групи и воспоставување содржински релевантна и доверлива комуникација. Корпоративните вредности на Државната лотарија се длабоко вградени во нејзината мисија, особено во делот на законитото и одговорно приредување игри на среќа, сигурноста, транспарентноста и придонесот кон јавниот интерес. Комуникацијата на овие вредности подразбира висок степен на професионална одговорност, јасност и доследност.

Истовремено, разновидноста на игрите на среќа и понудите на Друштвото бара креативен и иновативен пристап, приспособен на спецификите на секој производ и на критериумите, интересите и очекувањата на различните категории корисници.

Сите комуникациски и маркетиншки активности се реализираа во согласност со интерните правила, процедури и стандарди на Друштвото, како и со современите трендови во маркетингот на игрите на среќа и маркетингот воопшто.

Во рамките на комуникацијата меѓу брендот и пазарот, посебно значење имаше и континуираната комуникациска и промотивна поддршка на директната и индиректната продажна мрежа. Оваа поддршка овозможуваше усогласено претставување на производите, поголема видливост на продажните места и подобра информираност на корисниците.

Во текот на 2025 година, активностите беа насочени кон натамошна реализација и надградување на плановите, целите и задачите поставени во втората половина на 2024 година.
Посебен комуникациски акцент беше ставен на промоцијата на вредностите на Државната лотарија како одговорен приредувач на игри на среќа и општествено одговорно друштво, кое во 2025 година одбележа 15 години од започнувањето со приредување игри на среќа.

Јубилејот претставуваше можност да се истакнат континуираниот развој на Друштвото, инвестициите во заедницата, придонесот кон проекти од јавен интерес и бројните добитни и позитивни приказни создадени во текот на неговото работење.

По повод одбележувањето на 15 годишнината беше организиран тематски квиз, за чии потреби беа подготвени повеќе од 400 прашања и соодветни одговори. Преку забавен, интерактивен и едукативен пристап, на јавноста ѝ беа доближени значајни податоци од историјатот на Државната лотарија, нејзините корпоративни вредности и игрите на среќа што Друштвото започна да ги приредува на 23 април 2010 година.

Оваа активност овозможи јубилејот да се одбележи на начин што истовремено информира, едуцира и поттикнува позитивна поврзаност на јавноста со корпоративниот бренд.

Односи со јавноста и медиумска комуникација

Во текот на 2025 година продолжи активната и професионална соработка со претставниците на традиционалните и дигиталните медиуми. Медиумската комуникација беше насочена кон редовно, навремено и транспарентно информирање за новините во работењето, корпоративните активности, игрите на среќа, доделените добивки и проектите од општествен интерес.
Континуираните активности од областа на односите со јавноста имаа цел да го градат и заштитуваат угледот на Државната лотарија, да ја зголемуваат нејзината видливост и да ја потврдуваат мисијата на Друштвото пред пошироката јавност.

Особено значење во градењето доверба имаше транспарентното комуницирање на доделените добивки и претставувањето на добитните приказни. Средбите со добитниците овозможуваа непосредно согледување на позитивното влијание на игрите на среќа врз нивните животи и создаваа автентични содржини преку кои се потврдуваа регуларноста, сигурноста и доверливоста на Друштвото.
Организирањето на доделувањата на стоковни премии и симболични чекови за парични добивки од различни игри на среќа, како и објавувањето на добитните приказни, се реализираа исклучиво по

претходно добиена согласност од добитниците.Со ваквиот пристап се почитуваа приватноста и личниот избор на добитниците, а истовремено се обезбедуваше веродостојна и транспарентна комуникација со јавноста.Во текот на извештајниот период, преку активности од областа на односите со јавноста беа промовирани и проектите од областа на корпоративната општествена одговорност, како и бројни други деловни и организациски новини.

Соработката со релевантните медиуми придонесе кон поголема видливост на овие активности и кон појасно претставување на придонесот на Државната лотарија кон заедницата.

Маркетиншка поддршка на игрите на среќа

Значителен дел од маркетиншките активности во 2025 година беше насочен кон промоција на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", како современ и динамичен сегмент од понудата на Друштвото.

Промотивните активности имаа цел да ја зголемат информираноста на корисниците, да ги претстават разновидноста и карактеристиките на понудените содржини и да придонесат кон понатамошен развој на овој продажен и комуникациски канал.

Паралелно, се реализираа комуникациски и маркетиншки активности за постојните игри на среќа, преку кампањи приспособени на нивните специфики, целни групи и продажни цели.

Преку соодветно дизајнирани комуникациски кампањи се инвестираше во зголемување на информираноста и интересот за игрите на среќа, при што се истакнуваа можностите за учество и добивка, но и поширокиот општествен придонес што произлегува од работењето на Друштвото.

Во сите активности континуирано се промовираа начелата на умерено и одговорно учество во игрите на среќа.

Значајно место во работењето имаа и видеопроектите на Државната лотарија, за кои беа осмислувани концептите, содржините, продукциските решенија и начинот на нивната промоција и дистрибуција. Овие проекти имаа важна улога во современото визуелно претставување на игрите, корпоративните вредности и активностите на Друштвото.

Во извештајната година паралелно се реализираа активности насочени кон зајакнување на препознатливоста и вредноста на корпоративниот бренд, унапредување на начините на промоција и рекламирање на постојните игри на среќа, комуникациска поддршка на новите производи и зајакнување на присуството на Друштвото во јавноста.

Во текот на годината беа креирани и реализирани пет нови телевизиски проекти, со што беше проширено присуството на Државната лотарија во аудиовизуелниот медиумски простор и беа создадени нови можности за современо, атрактивно и содржински усогласено претставување на игрите и корпоративниот бренд.

По насоки на генералниот директор беше започнат и процесот на воспоставување на првото официјално бренд лице на Државната лотарија. Оваа активност бараше плански, сеопфатен и внимателно структуриран пристап, имајќи ја предвид улогата на бренд лицето во претставувањето на корпоративниот идентитет, вредностите и комуникациските пораки на Друштвото.

Во функција на зголемување на видливоста и промовирање на вредностите на корпоративниот бренд, претставници на Друштвото беа присутни на повеќе од 100 локации на поддржани јавни манифестации и настани. На овие локации беа поставувани соодветни материјали за брендирање и промоција, со што се обезбедуваше препознатливо и усогласено присуство на Државната лотарија.

Во текот на 2025 година беа реализирани 104 емисии од играта Лото 7/37, со што се обезбеди континуитет во телевизиското претставување и транспарентното спроведување на извлекувањата. Иако во извештајниот период не беше доделена главната добивка од категоријата лото, континуираното приредување на играта, редовното информирање и промотивните активности придонесуваа кон одржување на интересот и довербата на учесниците

Портфолиото на инстант лотаријата беше збогатено со два нови инстант лоза, за кои беа подготвени соодветни комуникациски, визуелни и промотивни решенија.

Во текот на годината беа претставени и бројни нови добитници, а нивните добитни приказни, по добиена согласност, беа документирани и споделувани со јавноста. Овие содржини придонесоа кон човечко и автентично претставување на резултатите од дејноста на Друштвото и кон дополнително зајакнување на довербата во корпоративниот бренд.

Извештајната година беше заокружена со присуство на Државната лотарија на новогодишната прослава организирана на Плоштадот „Македонија" во центарот на Скопје, поддржана од Друштвото. Со оваа активност беше обезбедена висока јавна видливост на брендот и беше потврдена определбата за поддршка на настани од интерес за граѓаните и локалната заедница.

Значаен дел од комуникациските активности беше посветен на проектите од областа на корпоративната општествена одговорност. Преку соодветно осмислени комуникациски и промотивни активности, јавноста беше информирана за поддржаните проекти, нивната цел, општественото значење и придонесот на Државната лотарија кон спортот, културата, образованието, науката, хуманитарните активности и другите области од јавен интерес. Комуникацијата на општествено одговорните активности не се сведуваше само на промоција на поединечни проекти, туку претставуваше составен дел од долгорочното позиционирање на Државната лотарија како институција која деловниот успех го поврзува со одговорност кон заедницата. Деловната 2025 година во областа на комуникациската стратегија и маркетингот беше обележана со значајни предизвици, организациско и кадровско зајакнување, висока динамика на работење и интензивна продуктивност.

Реализираните активности ја потврдија способноста за истовремено управување со повеќе сложени проекти, навремено одговарање на комуникациските и пазарните потреби и создавање содржини што придонесуваат кон растот на вредноста и препознатливоста на корпоративниот бренд.

Остварените резултати претставуваат основа за натамошно унапредување на стратегиските комуникации, развој на современи и иновативни маркетиншки решенија, поголема употреба на дигиталните комуникациски канали и дополнително зајакнување на односите со корисниците, медиумите, деловните партнери и пошироката јавност.

Посебно внимание се посветува на унапредувањето на дигиталната комуникација, следењето на современите маркетиншки трендови, подобро разбирање на потребите на различните целни групи и развој на комуникациски пристапи што бара истите истовремено бидат креативни, професионални, одговорни и мерливи. На овој начин, стратегиските комуникации и маркетингот ќе продолжат да претставуваат значаен двигател на развојот, довербата, јавната препознатливост и долгорочната вредност на Државната лотарија.

XII. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во текот на 2025 година, Друштвото, во областа на информатичките технологии, навремено и соодветно одговори на секојдневните оперативни и технолошки предизвици поврзани со одржувањето на деловниот континуитет и обезбедувањето непречена информатичка поддршка на деловните процеси.

Активностите на Секторот за информатички технологии беа насочени кон обезбедување стабилност, достапност и сигурност на лотариските онлајн систем, корпоративната компјутерска и комуникациска инфраструктура, системите за складирање и заштита на податоците, како и кон обезбедување континуирана техничка и корисничка поддршка за вработените, продажната мрежа, деловните соработници и корисниците на услугите на Друштвото.

Во извештајниот период беа преземени повеќе мерки за унапредување на безбедноста на лотариските онлајн систем и корпоративната информатичка инфраструктура. Посебно внимание беше посветено на превентивното идентификување, следење и намалување на ризиците што би можеле да влијаат врз достапноста, интегритетот и сигурноста на информатичките системи, како и врз непреченото одвивање на деловните процеси.

За таа цел беше воспоставен интерен Регистар на критични точки во Секторот за информатички технологии, во кој беа идентификувани позначајните ризични точки што потенцијално би можеле негативно да влијаат врз работењето на информатичките системи и да предизвикаат штетни последици врз работењето на Друштвото.

Врз основа на утврдените ризици и препораките содржани во Регистарот, Секторот презеде повеќе активности насочени кон нивно намалување и соодветно управување. Во таа насока се реализираа обврските од склучените договори, а Планот за јавни набавки за 2025 година беше соодветно усогласуван со потребите за набавка на стоки и услуги неопходни за намалување на оперативните и информатичко-безбедносните ризици.

Преку спроведување на соодветните постапки за јавни набавки беа обезбедени потребните стоки, услуги, лиценци, техничка опрема и одржување, со што се придонесе кон унапредување на функционалноста, безбедноста и расположливоста на информатичката инфраструктура на Друштвото.

Позначајни проекти и активности

Како позначајни проекти и активности од областа на информатичките технологии реализирани во текот на 2025 година се издвојуваат:

• набавка на комуникациски услуги за АПН мрежа и услуги за закуп на компјутерски ресурси за период од две години;

• набавка на лотариски оптички скенери;
• набавка на лиценци за напредни системи за сајбер-безбедност;
• набавка на комуникациски услуги за фиксна телефонија, VoIP и интернет;
• одржување на системот за видеонадзор, системот за евиденција на работното време и системот за контрола на пристап, со обезбедување резервни делови;
• набавка на претплатнички лиценци за информатичко-безбедносни системи;
• набавка и испорака на компјутерска галантерија;
• одржување на два високопрецизни климатизациски уреди во систем-салата, со обезбедување резервни делови;
• склучување договор за едногодишно изнајмување софтвер за лотарискиот систем;
• одржување на компјутерската и комуникациската опрема и на уредите за непрекинато напојување, УПС, во податочниот центар, со цел обезбедување деловен континуитет на Друштвото;
• одржување на мрежните преклопници;
• набавка на мултифункциски уреди и печатачи;
• одржување на противпожарниот систем FM200, со обезбедување резервни делови;
• набавка на услуги за одржување и ракување со миксерите за извлекување;
• набавка на услуги за овозможување веб-базирани сервиси потребни за проверка на валидноста и поврзаноста на податоците за трансакциска сметка и единствен матичен број на граѓанинот;
• набавка на комуникациски услуги за мобилна телефонија;
• одржување на дизел-агрегатот;
• обезбедување услуги за одржување и претплатнички лиценци за серверот за електронска пошта и заштитниот модул за електронска пошта;
• набавка на тонери и одржување на копир-апаратите.

Реализацијата на наведените проекти придонесе кон зголемување на стабилноста и расположливоста на информатичките системи, подобрување на техничката подготвеност на Друштвото, зајакнување на системите за заштита и создавање услови за непречено извршување на основните и поддржувачките деловни процеси.

Континуирано следење и одржување на информатичките системи

Во рамките на своите надлежности, Секторот за информатички технологии континуирано ги извршуваше редовните оперативни задачи поврзани со следењето, администрирањето, одржувањето и заштитата на информатичките системи.

Овие активности особено опфаќаа:

• секојдневна проверка на достапноста и функционалноста на мрежната и комуникациската опрема на онлајн системот, со цел обезбедување негово нормално и непречено функционирање;

• секојдневно обезбедување податоци во XML формат за добитниците, за потребите на надлежната организациска единица за спречување перење пари и финансирање тероризам;

• секојдневно следење и проверка на софтверот за управување со шасиите;

• секојдневно следење и проверка на системот за заштита од неовластен пристап и недозволен мрежен сообраќај преку заштитниот мрежен систем, firewall, како и конфигурирање на соодветните правила;

• секојдневно следење и проверка на системите и опремата од производителите Lenovo и Dell;

• секојдневно следење и проверка на системот за резервни копии преку tape library;

• секојдневно следење и проверка на системите за резервни копии Data Domain и Storage Compellent;

• следење и проверка на логовите од серверите, како и континуирано следење на нивната достапност;

• секојдневно следење и проверка на антивирусниот систем;

• секојдневно следење и проверка на системот за сајбер-безбедност Acronis Cyber Protect Cloud;

• секојдневна проверка на функционалноста на системот за видеонадзор и системот за евиденција на работното време;

• следење, проверка и контрола на достапноста на виртуелната околина и виртуелните машини преку vSphere Web Client;

• следење и проверка на продукциските сервери за бази на податоци;

• овозможување пристап до системите за известување BIRT и Avalon, за потребите на следењето и анализата на продажбата на игрите на среќа;

• секојдневно следење и проверка на системот за климатизација во систем-салата, составен од два редундантни високопрецизни климатизациски уреди Vertiv и еден касетен тавански климатизациски уред Vertiv;

• ажурирање на онлајн системот на продажната мрежа;

• проверка, конфигурирање и сервисирање на терминалите што се користат во продукциската околина на лотариското систем;

• секојдневна проверка, конфигурирање и техничка поддршка на печатачите и мултифункциските уреди за потребите на вработените;

• следење и проверка на системот IBM QRadar, со цел следење на сите Syslog настани во реално време и анализа на евентуални неовластени пристапи, проблеми во комуникацијата на терминалите, УПС уредите и другата поврзана опрема;

• секојдневно следење и проверка на УПС уредите Socomec и Vertiv во систем-салата;

• следење и проверка на дизел-агрегатот, со цел обезбедување непречено функционирање на опремата во систем-салата во случај на дефект или прекин во електричното напојување;

• секојдневно следење на известувањата пристигнати преку електронска пошта, вклучително и алармите за хардверската опрема и известувањата за успешно или неуспешно извршување на резервните копии.

Администрација на веб-системи, апликации и електронски услуги

Во текот на 2025 година се обезбедуваше континуирана администрација и техничка поддршка на веб-порталите, апликациите и електронските услуги што се користат во работењето на Друштвото.

Активностите во овој сегмент опфаќаа:

- секојдневна проверка, администрација и ажурирање на веб-порталот loto.mk и тестниот портал;
- секојдневна софтверска и хардверска поддршка на корпоративната компјутерска мрежа и корпоративниот информатички систем;
- комуникација и координација со надворешните партнери за потребите на софтверската поддршка;
- поддршка на мобилната апликација за уреди со оперативните системи Android и iOS;
- поддршка на апликацијата за магацинско работење со инстант лозови;
- поддршка на апликациите што ги користи Секторот за финансии, како и инсталирање на потребните дигитални сертификати;
- следење и проверка на VoIP серверот што се користи за потребите на сервисот за корисничка поддршка на порталот megawin.mk;
- соработка и техничка поддршка на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин";
- секојдневна проверка на успешноста на трансакциите меѓу банкарскиот процесорски систем и порталот loto.mk;
- администрација на Zimbra серверот за електронска пошта;
- следење на Kaspersky Mail Gateway, како систем за антивирусна и безбедносна заштита на електронската пошта;
- следење на Kaspersky Hybrid Cloud, како систем за заштита на виртуелната околина;
- секојдневно следење и проверка на резервниот хост во облачната околина на платформата Acronis Cloud;
- секојдневно следење и проверка на резервните копии на виртуелните машини од еден vCenter кон друг;
- секојдневно следење и проверка на резервните копии на базите на податоци и виртуелните машини, како и на репликациите на виртуелните машини кон оддалечената локација за опоравување од прекин или катастрофа;
- администрација на платформата е-Влада во делот што се однесува на Државната лотарија.

Техничка поддршка на продажната мрежа

Значаен дел од активностите се однесуваше на техничката и системската поддршка на продажната мрежа на Друштвото.

Во оваа област беа реализирани следните активности:

- креирање на потребните системски записи за новите продажни места, вклучително и за агентите, продажните места, продавачите и терминалите;

• активирање на нови продажни места и деактивирање на продажните места што престанале со работа;

• креирање продажни места за игрите Кено, Keno Lucky, Keno Racing и Keno Spin;

• секојдневно обезбедување поддршка на вработените ангажирани во комерцијалните активности, преку обезбедување баркодови за игрите на среќа и техничка поддршка за терминалската опрема;

• секојдневна поддршка на Инфоцентарот, за потребите на надворешните корисници на лотариски от систем, деловните соработници и играчите;

• генерирање книжни задолженија на неделна основа за надворешните соработници;

• генерирање специфични извештаи за потребите на вработените во другите организациски единици;

• креирање инстант лозови во тестната и продукциската околина;

• следење на Alcatel мрежните преклопници на вториот и осумнаесеттиот кат во просториите на Државната лотарија.

Со наведените активности се обезбедуваше континуирана техничка функционалност на продажните места, навремено системско воспоставување на новите продажни капацитети и непречена реализација на продажбата на игрите на среќа.

Техничка поддршка при извлекувањата на Лото 7/37 и Џокер

Секторот за информатички технологии обезбедуваше сеопфатна техничка и системска поддршка при подготовката и реализацијата на извлекувањата на игрите Лото 7/37 и Џокер.

Активностите во оваа област опфаќаа:

• изготвување записници за примените уплати;

• подготовка на електронски медиуми со податоци за уплатените тикети што учествуваат во извлекувањето;

• изготвување листа на сите поништени тикети што не учествуваат во извлекувањето;

• непосредно учество во извлекувањето во студиото;

• внесување на извлечените броеви во Backoffice Offline апликацијата;

• пресметка на добивките и нивно проследување до софтверот за телевизиска презентација;

• рачно внесување на извлечените броеви во Backoffice Online апликацијата, врз основа на записникот од студиото потпишан од овластената комисија;

• споредба на резултатите добиени во студиото со резултатите во Backoffice Online апликацијата;

• изготвување записник за добивките, со податоци за бројот на добитници и вредноста на добивките по поединечни категории;

• доставување на записникот за добивките до сите надлежни организациски единици и лица, за потребите на натамошната обработка и анализа на резултатите;

• подготовка и обезбедување на податоците потребни за нивно објавување на веб-страницата на Друштвото.

Со овие активности беше обезбедена техничка точност, следливост и навремена обработка на податоците поврзани со извлекувањата и добивките, како и соодветна поддршка на транспарентното и регуларно приредување на игрите.

XIII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно со член 75 од Законот за јавните набавки, („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/25), а врз основа на утврдените извори на финансирање, Друштвото донесе План за јавни набавки за вкупните потреби во текот на 2025 година, по видови стоки, услуги и работи, бр. 02-8780/3 од 30.12.2024 година, со вкупна проценета вредност од 570.140.000,00 денари без ДДВ.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, согласно со потребите на Друштвото, беа извршени две изменувања и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2025 година, и тоа:

- Изменување на Планот за јавни набавки бр. 02-1099/3 од 17.02.2025 година, со кое вкупната проценета вредност беше намалена на 474.640.000,00 денари без ДДВ;
- Изменување и дополнување на Планот за јавни набавки бр. 02-4402/5 од 09.07.2025 година, со кое вкупната проценета вредност беше зголемена на 558.020.000,00 денари без ДДВ.

Во текот на извештајниот период, од вкупно 97 планирани набавки, преку Електронскиот систем за јавни набавки, ЕСЈН, беа објавени 63 огласи за 48 набавки, со вкупна проценета вредност од 282.305.000,00 денари без ДДВ.

Две набавки беа спроведени во хартиена форма како посебни услуги, согласно со членовите 121 и 122 од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ. Една набавка беше реализирана без спроведување постапка, согласно со член 121 од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 1.500.000,00 денари без ДДВ.

Дополнително, една набавка беше реализирана без примена на постапка за јавна набавка, согласно со одредбите за општите исклучоци од член 23 став 3 алинеја в) од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ.

Врз оваа основа, во текот на 2025 година беа спроведени постапки со вкупна проценета вредност од 366.305.000,00 денари без ДДВ, по кои беа склучени договори и рамковни спогодби за јавна набавка со вкупна вредност од 348.038.416,50 денари без ДДВ.

Од објавените 63 огласи за 48 набавки, со вкупна проценета вредност од 282.305.000,00 денари без ДДВ, беа склучени договори и рамковни спогодби за јавна набавка со вкупна вредност од 264.038.416,50 денари без ДДВ, додека постапките по 15 огласи беа поништени.

Според видот на спроведената постапка, реализацијата е следна:

• Со отворена постапка беа објавени 21 постапка, со вкупна проценета вредност од 247.000.000,00 денари без ДДВ. По 15 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 236.780.832,00 денари без ДДВ, што претставува 68,03% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по шест огласи беа поништени;
• Со поедноставена отворена постапка беа објавени 27 огласи, со вкупна проценета вредност од 29.820.000,00 денари без ДДВ. По 18 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 22.251.027,50 денари без ДДВ, што претставува 6,40% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по девет огласи беа поништени;
• Со постапка за набавка од мала вредност беа објавени 15 огласи, со вкупна проценета вредност од 6.085.000,00 денари без ДДВ. По 12 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 5.006.557,00 денари без ДДВ, што претставува 1,44% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по три огласи беа поништени.

Како посебни услуги, согласно со членовите 121 и 122 од Законот за јавните набавки, во хартиена форма беа спроведени постапки за две набавки, со вкупна проценета вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ.
По спроведените постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ, што претставува 2,15% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.
За една набавка на стручни обуки и работилници за вработените, со вкупна проценета вредност од 1.500.000,00 денари без ДДВ, беше донесена Одлука за реализација без спроведување постапка, согласно со член 121 од Законот за јавните набавки. Вредноста на оваа набавка претставува 0,43% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.

Без примена на постапка за јавна набавка, согласно со одредбите за општите исклучоци од член 23 став 3 алинеја в) од Законот за јавните набавки, кои се однесуваат на термини за радио или телевизиско емитување, беа објавени два јавни повика за услуги од електронски медиуми, со вкупна проценета вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ.
По спроведените јавни повици беа склучени договори со вкупна вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ, што претставува 21,55% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.

Реализацијата на Планот за јавни набавки за 2025 година изнесува 53,61%.

XIV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Во текот на деловната 2025 година, Државната лотарија оствари финансиски резултати што го одразуваат обемот и структурата на реализираните деловни активности, како и ефектите од приредувањето на различните видови игри на среќа.

Финансиското работење на Друштвото се одвиваше во согласност со утврдените деловни цели, плански определби и принципите на одговорно и рационално управување со средствата, со посебно внимание на одржувањето на ликвидноста, финансиската стабилност и континуитетот во работењето.

Во продолжение е даден систематизиран приказ на позначајните финансиски показатели, остварените приходи и расходи, финансискиот резултат, како и другите релевантни податоци што ја отсликуваат финансиската состојба и успешноста на работењето на Друштвото во текот на 2025 година.

Во 2025 година се остварени вкупни приходи од 2.877.764.979,00 денари со следната структура

- Приходи од игри на среќа — 2.260.025.078,00 денари
- Приходи од дивиденди — 612.401.884,00 денари
- Приходи од камати — 4.577.013,00 денари
- Останати приходи — 761.004,00 денари

Во 2025 година се остварени вкупни расходи од денари со следната структура

- Вкупни расходи од работењето — 2.136.788.481,00 денари

Добивка пред оданочување за деловната 2025 година

- Вкупно — 740.976.498,00 денари

Данок на добивка по Образец ДБ

- Вкупно — 15.768.432,00 денари

Нето добивка за деловната 2025 г.

- Вкупно — 725.208.066,00 денари

Врз основа на евидентираната книговодствена состојба, изготвени се обрасците што ја сочинуваат Годишната сметка на Друштвото за деловната 2025 година, во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, како и со применливите сметководствени стандарди.

Финансиските извештаи за 2025 година се изготвени во согласност со релевантната законска регулатива и врз основа на начелата на објективност, веродостојност, конзистентност и транспарентност во финансиското известување. При нивното изготвување беа почитувани основните економски и сметководствени начела утврдени во позитивното законодавство, а беа применети и Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Доследната примена на овие стандарди претставува трајна определба на надлежната организациска единица за сметководствени и финансиски работи, со цел обезбедување целосен, реален и објективен приказ на финансиската состојба, успешноста на работењето и паричните текови на Друштвото.

Биланс на состојба

на ден 31.12.2025 година

Позиција	Износ	
	Тековна година	Предходна година
1	2	3
	a	b
АКТИВА: А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	**1.526.595.259**	1.827.124.789
I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)	**1.341.939**	1.457.362
Издатоци за развој		
Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	1.341.939	1.457.362
Гудвил		
Аванси за набавка на нематеријални средства		
Нематеријални средства во подготовка		
Останати нематеријални средства		
II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	**723.857.130**	710.583.318
Недвижности (011+012)	94.063.093	72.429.022
Земјиште		
Градежни објекти	94.063.093	72.429.022
Постројки и опрема	25.815.094	38.830.572
Транспортни средства	6.081.113	433.338
Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	1.770.210	2.762.766

Биолошки средства		
Аванси за набавка на материјални средства		
Материјални средства во подготовка	596.127.620	596.127.620
Останати материјални средства		
III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ		
IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)	**801.396.191**	1.115.084.110
Вложувања во подружници	801.396.191	1.115.084.110
Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања		1.827.124.789
Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва		1.457.362
Побарувања по дадени долгорочни заеми		
Вложувања во долгорочни хартии од вредност (027+028+029)		0
Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање		
Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба		
Вложувања во хартии од вредност според објективната вредност преку добивката или загубата		
Останати долгорочни финансиски средства		
V. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (032+033+034)		
Побарувања од поврзани друштва		
Побарувања од купувачи		
Останати долгорочни побарувања		
VI. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТАВА		
Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	**1.781.737.136**	1.227.270.067
I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	**336.077.828**	470.039.160
Залихи на суровини и материјали	3.263.338	3.685.635
Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	78.884	
Залихи на недовршени производи и полупроизводи		
Залихи на готови производи		
Залихи на трговски стоки	332.735.606	466.353.525
Залихи на биолошки средства		
II.СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА)		
III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	**264.293.873**	224.882.757
Побарувања од поврзани друштва	786.415	116.015
Побарувања од купувачи	121.030.943	82.312.279
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	1.148.885	1.148.885

Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	176.862	174.504
Побарувања од вработените	319.762	606.635
Останати краткорочни побарувања	140.831.007	140.524.439
IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058)	**282.542.500**	252.542.500
Вложувања во хартии од вредност (054+055)		0
Вложувања кои се чуваат до доспевање		
Вложувања според објективната вредност преку добивката и загубата		
Побарувања по дадени заеми од поврзани друштва		0
Побарувања по дадени заеми	282.542.500	252.542.500
Останати краткорочни финансиски средства		
V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	**898.822.936**	279.805.650
Парични средства	898.822.936	279.805.650
Парични еквиваленти		
VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	**46.714.033**	72.834.697
ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	**3.355.046.429**	3.127.229.553
В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА		
ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	**1.872.352.211**	1.994.251.055
I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	276.355.350	276.355.350
II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ	801.396.191	1.115.084.110
III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)		
IV. ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)		
V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА		
VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	**55.271.070**	55.271.070
Законски резерви		
Статутарни резерви	55.271.070	55.271.070
Останати резерви		
VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	14.121.534	
VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)		
IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	**725.208.066**	547.540.525
X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА		0
XI. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО		
XII. НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО		

Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	**1.468.865.814**	1.124.593.926
I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084)		0
Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените		
Останати долгорочни резервирања за ризици и трошоци		
II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)	14.363.024	0
Обврски спрема поврзани друштва		
Обврски спрема добавувачи		
Обврски за аванси, депозити и кауции		252.542.500
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		
Обврски по заеми и кредити		
Обврски по хартии од вредност		
Останати финансиски обврски		
Останати долгорочни обврски	14.363.024	
III. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ		
IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	**1.454.502.791**	1.124.593.926
Обврски спрема поврзани друштва	357.162	348.146
Обврски спрема добавувачи	122.436.082	137.233.950
Обврски за аванси, депозити и кауции	7.712.273	1.598.889
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати		
Обврски кон вработените	68.980	82.424
Тековни даночни обврски	91.020.897	31 117.419
Краткорочни резервирања за ризици и трошоци		
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		
Обврски по заеми и кредити		
Обврски по хартии од вредност		
Обврски по основ на учество во резултатот	790.083.025	487.043.465
Останати финансиски обврски	399.723.163	454.015.536
Останати краткорочни обврски	43.101.209	13.154.097
V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	13.828.404	8.384.572
VI. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА		
ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	**3.355.046.429**	3.127.229.553
В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА		0

Биланс на успех за период од 01.01.2025 год до 31.12.2025 год

Ред. бр.	Позиција	Износ	
		Тековна година	Предходна година
1	2	3	4
		c	b
1.	**I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)**	**2,260,684,674**	1.726.211.332
2.	Приходи од продажба	2,260,025,078	1.725.298.538
3.	Останати приходи	659,596	912.794
4.	Промена на вредноста на залихи на готови производи и недовршено производство		
4.а.	Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината		
4.б.	Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината		
5.	Капитализирано сопствени производство и услуги		
6.	**II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)**	**2,130,975,754**	1.790.644.143
7.	Трошоци за суровини и други материјали	26,493,412	18.281.851
8.	Набавна вредност на продадените стоки		
9.	Набавна вредност на продадените материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми		
10.	Услуги со карактер на материјални трошоци	1,318,902,329	1.158.362.250
11.	Останати трошоци од работењето	645,872,892	494.777.132
12.	Трошоци за вработени (214+215+216+217)	**107,166,880**	92.830.413
12.а.	Плати и надоместоци на плата (нето)	63,250,223	52.246.573
12.б.	Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	25,025,556	4.876.957
12.в.	Придонеси од задолжително социјално осигурување	7,667,044	22.214.788

12.г.	Останати трошоци за вработените	11,224,057	13.492.095
13.	Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	31,747,564	17.517.113
14.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства		
15.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	0	390.594
16.	Резервирања за трошоци и ризици		
17.	Останати расходи од работењето	792,677	8.484.790
18.	**III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)**	**617,080,305**	616.430.067
19.	Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	**612,401,884**	612.784.238
19.а.	Приходи од вложувања во поврзани друштва	612,401,884	612.784.238
19.б.	Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва		
19.в.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва		
19.г.	Останати финансиски приходи од работење со поврзани друштва		
20.	Приходи од вложувања во неповрзани друштва		
21.	Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	4,577,013	3.639.096
22.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	101,408	6.733
23.	Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства		
24.	Останати финансиски приходи		
25.	**IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)**	**5,812,727**	4.456.731
26.	Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238)		
26.а.	Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва		
26.б.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва		
26.в.	Останати финансиски расходи од поврзани друштва		
27.	Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	375,416	4.356.554
28.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	315,928	74.741
29.	Нереализирани загуба (расходи) од финансиски средства		

30.	Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања		390.594
31.	Останати финансиски расходи	5,121,383	25.436
32.	Удел во добивката на придружените друштва		
33.	Удел во загуба на придружените друштва		
34.	Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	**740,976,498**	547.540.525
35.	Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)		
36.	Нето добивка од прекинати работења		
37.	Нето загуба од прекинати работења		
38.	Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	**740,976,498**	547.540.525
39.	Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)		
40.	Данок на добивка	15,768,432	
41.	Одложени даночни приходи		
42.	Одложени даночни расходи		
43.	НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	**725,208,066**	547.540.525
44.	НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)		
45.	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)		
46.	Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12	12
47.	ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	**725,208,066**	547.540.525
47.а	Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	725,208,066	547.540.525
47.б.	Добивка која им припаѓа на неконтролирано учество		
47.в	Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво		
47.г	Загуба која се однесува на неконтролирано учество		
48.	ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА		
48.а.	Вкупна основна заработувачка по акција		
48.б.	Вкупна разводнета заработувачка по акција		
48.в.	Основна заработувачка по акција од прекинато работење		
48.г.	Разводнета заработувачка по акција од прекинато работење		25.436

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

1.	Добивка за годината	725,208,066	547.540.525
2.	Загуба за годината		
3.	Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) - (274+276+278+280+282+284)		
4.	Останата сеопфатна загуба (274+276+278+280+282+284) - (273+275+277+279+281+283)		
5.	Добивки кои произлегуваат од преведување од странско работење		
6.	Загуби кои произлегуваат од преведување од странско работење		
7.	Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба		
8.	Загуби од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба		
9.	Ефективен дел од добивки од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови		
10.	Ефективен дел од загуби од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови		
11.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (+)		
12.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (-)		
13.	Актуарски добивки на дефинирани планови за користи на вработените		
14.	Актуарски загуби на дефинирани планови за користи на вработените		
15.	Удел во останата сеопфатна добивка на придружени друштва (само за потреби на консолидација)		
16.	Удел во останата сеопфатна загуби на придружени друштва (само за потреби на консолидација)		
17.	Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка		
18.	Нето останата сеопфатна добивка (271-285)		

19.	Нето останата сеопфатна загуби (285-271) или (272+285)		
20.	Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	725,208,066	547.540.525
20.а.	Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	725,208,066	547.540.525
20.б.	Сеопфатна добивка која припаѓа на неконтролираното учество		
21.	Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)		
21.а.	Сеопфатна загуба која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		
21.б.	Сеопфатна загуба која припаѓа на неконтролираното учество		

Биланс на состојба(извештај за финансиска состојба) на ден 31.12.2025

во денари

	Средства	2025	2024
1	Парични средства и парични еквиваленти	898,822,936	279.805.650
2	Побарувања од купувачи (краткорочни побарувања)	264,293,873	224.882.757
3	Залихи	336,077,828	470.039.160
4	Краткорочни финансиски средства	282,542,500	252.542.500
5	Други тековни средства (АВР)	46,714,033	72.834.697
6	**Тековни средства(1+2+3+4+5)**	**1,828,451,169**	1.300.104.764
7	Материјални средства и вложувања во недвижности	723,857,130	710.583.318
8	Долгорочни финансиски средства	801,396,191	1.115.084.110
9	Нематеријални средства	1,341,939	1.457.362
10	Долгорочни побарувања	0	0
11	Други долгорочни средства	0	0
12	**Нетековни средства (7+8+9)**	**1,526,595,259**	1.827.124.789

Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија
на Република Северна Македонија
СКОПЈЕ

Примано:	03.07.2026		
Орг. Един.	Број:	Прилог:	Вредност:
02-	4972/1		

Акционерско друштво за приредување игри на среќа
Државна лотарија на Република Северна Македонија

Единечни финансиски извештаи
за годината што завршува
на 31 декември 2025 и
Извештај на независниот ревизор

СОДРЖИНА

	Страна
Извештај на независниот ревизор	1 – 6
Единечен извештај за сеопфатната добивка	7
Единечен извештај за финансиската состојба	8
Единечен извештај за промените во главнината	9
Единечен извештај за паричните текови	10
Белешки кон единечните финансиски извештаи	11 – 40
Прилог 1 – Единечен годишен извештај	
Прилог 2 – Единечна годишна сметка	

ул. Даме Груев бр. 7
1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 (0) 2 3166 144
Факс: +389 (0) 2 3156 156
www.forvismazars.com

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

Извештај за ревизијата на единечните финансиски извештаи

Воздржување од мислење

Ние бевме ангажирани да извршиме ревизија на единечните финансиски извештаи на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија („Друштвото"), кои се состојат од единечниот извештај за финансиската состојба заклучно со 31 декември 2025 година и единечниот извештај за сеопфатната добивка, единечниот извештај за промените во главнината и единечниот извештај за паричните текови за годината што тогаш завршува и белешките кон единечните финансиски извештаи, вклучувајќи и информации за материјалните сметководствени политики.

Ние не изразуваме мислење за придружните единечни финансиски извештаи на Друштвото. Поради значајноста на прашањата што се опишани во делот Основи за воздржување од мислење од нашиот извештај, не бевме во можност да собереме доволни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за ревизорско мислење за овие единечни финансиски извештаи.

Основи за воздржување од мислење

Како што е обелоденето во Белешките 3.6 и 12 кон придружните единечни финансиски извештаи, недвижностите и опремата на 31 декември 2025 година изнесувале 699,413 илјади денари, од кои средствата во подготовка изнесувале 596,128 илјади денари, кои се однесувале на видеолотариски терминали и нивна придружна опрема набавени во текот на 2024 година, но до датумот на овој Извештај истите не биле активирани и биле складирани во магацински простории. Нивната идна употреба останала неизвесна, имајќи го предвид автентичното толкување на член 7 од Законот за игри на среќа и забавни игри, донесено од Собранието на Република Северна Македонија на 13 август 2024 година и објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 168/2024 од 14 август 2024 година, според кое приредувањето на електронските и интернет игри на среќа можело да се врши само од едно трговско друштво, а правото за вршење на оваа дејност на територијата на Република Северна Македонија веќе било доделено на друго друштво. Дополнително, во врска со околностите поврзани со набавката и можноста за користење на наведената опрема се воделе постапки пред надлежните органи, чиј исход не можел да се утврди до датумот на овој Извештај. Притоа, Друштвото не извршило и не доставило на располагање тестирање, односно проверка дали средствата во подготовка се обезвреднети на 31 декември 2025 година, односно дали нивната надоместлива вредност е помала од вредностите искажани во единечните финансиски извештаи, во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 36 „Обезвреднување на средства" што е во примена во Република Северна Македонија. Дополнително, Друштвото не располагало со воспоставен системски регистар на недвижности и опрема и нематеријални средства во рамките на сметководствениот информациски систем. Евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства не била централизирана, ниту била обезбедена соодветна поврзаност помеѓу аналитичката евиденција и главната книга. Поради тоа, пресметката на акумулираната амортизација на 31 декември 2025 година во износ од 290,590 илјади денари и пресметката на амортизацијата за 2025 година во износ од 17,517 илјади денари не се вршеле директно преку сметководствениот систем, туку врз основа на вонсистемски помошни евиденции. Ваквиот начин на водење на евиденцијата ја ограничува можноста за целосно следење и потврдување на набавната вредност, акумулираната амортизација и сегашната вредност на средствата по поединечно средство, особено во однос на состојбите и движењата пренесени од претходни периоди, и можел да доведе до неконзистентност во примената на амортизационите стапки и методи. Понатаму, утврдените разлики по пописот, односно кусоците и вишоците, не биле евидентирани во материјалната и финансиската евиденција согласно Извештајот за извршен попис на средствата од 10 март 2026 година. Било какви разлики кои би биле идентификувани доколку било извршено целосно усогласување на евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства, би можеле да имаат материјално значаен ефект врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година и за годината што тогаш завршува. Поради сето ова, а имајќи ја предвид природата на евиденциите на Друштвото, ние не бевме во можност да ги утврдиме ефектите врз вредноста на недвижностите и опремата и нематеријалните средства во единечните финансиските извештаи на Друштвото на ден 31 декември 2025 година, како и евентуалните ефекти на нето резултатот и потенцијалните даночни ефекти за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешките 14 и 19 кон придружните единечни финансиски извештаи, вложувањата во подружници на 31 декември 2025 година изнесувале 801,396 илјади денари. За истиот износ Друштвото евидентирало и премии на акции за удели во трговски друштва. Овие вложувања произлегуваат од основање и учество во подружници во кои Друштвото има контролен удел, при што како придонес е внесено одредено право чија вредност не била поткрепена со соодветна документација, независна проценка или друг објективен и мерлив критериум врз основа на кој би можело да се утврдат евидентираните износи. Отсуството на соодветна правна и фактичка основа за внесувањето и вреднувањето на вложувањата укажувало дека вложувањето било извршено спротивно на важечките законски прописи и на основните начела на законито и одговорно работење. Следствено, утврдената незаконитост не се однесувала само на начинот на сметководствено евидентирање, туку и на самото преземање и реализирање на вложувањето. Како резултат на тоа, не бевме во можност да се увериме дали вредноста на вложувањата во подружниците е соодветно утврдена и призната во единечните финансиски извештаи. Дополнително, евидентирањето на премија на акции за истиот износ не било поткрепено со трансакција која претставува емисија на акции на Друштвото, ниту ни беше ставена на располагање документација врз основа на која би можеле да се увериме во природата, основата и точноста на евидентираниот износ. Дополнително, на 24 септември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледала Информацијата во врска со потребата за престанување на подружниците и го одобрила работењето на Управниот одбор на Друштвото во врска со отпочнувањето на постапката за престанување на истите во кои Друштвото е содружник. До датумот на овој Извештај, постапката за престанување е целосно завршена само за НОВО ВЛТ ДОО Скопје, додека постапките за останатите друштва биле во тек. Друштвото не извршило детална проценка на нивната надоместлива вредност и не направило тест за обезвреднување на вложувањето во подружниците. Поради тоа, не бевме во можност да утврдиме дали евидентираните вложувања во подружници и премиите на акции се соодветно признати, вреднувани и презентирани во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија.

Како што е обелоденето во Белешката 16 кон придружните единечни финансиски извештаи, побарувањата од купувачи на 31 декември 2025 година изнесувале 121,816 илјади денари. Во рамките на овие побарувања биле вклучени побарувања од екстерни агенти во износ од 71,150 илјади денари, кои не биле усогласени со евиденциите на екстерните агенти, ниту биле адекватно потврдени преку конфирмации. Дополнително, за овие побарувања Друштвото не располагало со соодветна старосна анализа, поради што не бевме во можност да се увериме дали е потребна исправка на вредност на 31 декември 2025 година. Понатаму, во рамките на побарувањата од купувачи биле евидентирани салда во износ од 26,425 илјади денари кои произлегуваат од интерни трансакции со сопствени продажни места на Друштвото, како и салда врз основа на приредување на игрите Кено во вкупен износ од 23,451 илјади денари. Врз основа на нивната природа и економска суштина, овие салда не би требало да претставуваат побарувања од купувачи бидејќи не произлегуваат од договорен однос кој создава право на Друштвото да прими парични средства од друга страна, согласно дефиницијата за финансиско средство во МСС 32 „Финансиски инструменти: Презентирање" и критериумите за признавање од МСС 39 „Финансиски инструменти: Признавање и мерење". Сепак, поради ограничувањата во расположливата документација и евиденциите, не бевме во можност да го утврдиме точниот ефект од нивното усогласување, порамнување, рекласификација или евентуално отпишување. Како резултат на наведеното, не бевме во можност да се увериме во постоењето, точноста, вреднувањето и соодветната презентација на побарувањата од купувачи на 31 декември 2025 година, ниту да го утврдиме потенцијалниот ефект кој евентуалните исправки на вредност, рекласификации или други корекции би го имале врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 16 кон придружните единечни финансиски извештаи, останатите побарувања на 31 декември 2025 година изнесувале 189,187 илјади денари, од кои побарувања поврзани со приредувањето интернет игри на среќа преку онлајн платформата „Мегавин" изнесувале 106,794 илјади денари. Врз основа на природата на работењето преку онлајн платформата „Мегавин", кое се одвива со уплати и исплати на безготовинска основа, како и начинот на водење на евиденцијата, депозитите на играчите, неисплатените добивки и поврзаните безготовински движења не би требало да претставуваат побарувања на Друштвото. Понатаму, во рамките на останатите побарувања биле евидентирани аванси за исплата на мали добивки во износ од 26,504 илјади денари, кои во најголемиот дел се однесувале на средства дадени на уплатно – исплатни места од примарната продажна мрежа на Друштвото за потребите на тековното работење и исплата на добивки. Со оглед дека уплатно – исплатни места на Друштвото не претставуваат посебни правни субјекти, ваквите салда по својата економска суштина не претставуваат побарувања од трети лица и не требало да бидат евидентирани како побарувања. Дополнително, наведените салда не биле усогласени со евиденциите на продажните места, ниту ни беше ставена на располагање соодветна документација врз основа на која би можеле да се увериме во нивната точност, постоење и соодветна класификација. Исто така, во рамките на останатите побарувања биле евидентирани спорни ненаплатени дневни пазари во износ од 6,628 илјади денари, кои согласно расположливата документација и изјавите на раководството биле неусогласени, а нивната наплатливост била неизвесна. Поврзано со сето горенаведено, во сметководствената евиденција биле вршени значајни преноси и прекнижувања помеѓу сметките за депозити на играчи, неисплатени добивки, парични средства, преодни конта, интерни задолжувања и други поврзани салда, без јасна економска основа и без соодветна поткрепувачка документација спротивно на барањата на МСС 32 „Финансиски инструменти: Презентирање" и МСС 39 „Финансиски инструменти: Признавање и мерење". Како резултат на тоа, не бевме во можност да се увериме дека наведените салда претставуваат реални побарувања на Друштвото, ниту да го утврдиме точниот ефект кој нивното усогласување, рекласификација или евентуална корекција би го имале врз единечните финансиски извештаи на Друштвото на 31 декември 2025 година, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

Како што е обелоденето во Белешката 20 кон придружните единечни финансиски извештаи, обврските кон добавувачите на 31 декември 2025 година изнесувале 122,794 илјади денари и истите не беа адекватно конфирмирани. Како резултат на тоа, како и поради природата на документацијата на Друштвото, ние не бевме во состојба да ја потврдиме состојбата на обврските кон добавувачите на 31 декември 2025 година со други ревизорски постапки.

Како што е обелоденето во Белешките 15 и 20 кон придружните единечни финансиски извештаи, останатите обврски на 31 декември 2025 година изнесувале 1,331,508 илјади денари, од кои обврските за фонд на добивки изнесувале 399,721 илјади денари. Обврските за фонд на добивки се директно поврзани со евиденцијата на залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на инстант лозовите усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, врз основа на извршениот увид во сметководствената евиденција на Друштвото, добиените информации од централниот online систем и спроведените аналитички постапки, утврдивме дека постои неусогласеност во износот на неисплатениот фонд на добивки помеѓу централниот online систем и сметководствената евиденција на 31 декември 2025 година, при што неисплатениот фонд на добивки во сметководствената евиденција е помал за износ од 75,690 илјади денари. Дополнително, залихите на инстант лозовите не биле усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари. Како резултат на наведеното, како и поради меѓусебната поврзаност на евиденцијата на залихите на грепки и фондот на добивки, не бевме во можност да се увериме во точноста, комплетноста и соодветната презентација на обврските за фонд на добивки на 31 декември 2025 година, ниту да го утврдиме целосниот ефект кој усогласувањето на овие состојби би го имало врз залихите, останатите обврски, потенцијалните даночни ефекти и добивката за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 17 кон придружните единечни финансиски извештаи, краткорочните позајмици изнесувале 282,543 илјади денари и вклучувале краткорочни позајмици од минати години во износ од 252,543, кој имале рок на доспевање од 3 до 6 месеци, повеќекратно пролонгиран. До датумот на овој Извештај, позајмиците биле со истечен рок на доспевање и биле склучени анекси кон договорите со кој се утврдил рокот на враќање на позајмиците, при што Друштвото имало последователно наплатено само 10,000 илјади денари од АД Електрани на Република Северна Македонија, од кои се очекувало целосна наплата до крајот на 2026 година, а од останатите друштва немало реализирана наплата, ниту постоеле утврдени планови или договорена динамика за нивно подмирување. Наведените околности укажуваат на постоење на значајна неизвесност во однос на наплатливоста на овие побарувања. Како резултат на тоа, ние не бевме во состојба да ги утврдиме ефектите од потенцијалното обезвреднување на 31 декември 2025 година, ниту ефектите врз нето резултатот и потенцијалниот данок на добивка за годината што тогаш завршува.

Како што е обелоденето во Белешката 5 кон придружните единечни финансиски извештаи, вкупните приходи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година изнесувале 2,260,026 илјади денари, од кои 369,467 илјади денари се приходи од лотариски игри на среќа. Врз основа на спроведените ревизорски процедури, идентификувавме дека при предавањето на дневниот пазар од вработените на продажните места не се подготвувала соодветна документација како потврда за извршената трансакција, ниту се подготвувал документ со кој се потврдувал приемот на готовината од одговорните лица. Исто така, не бил воспоставен соодветен систем на благајничка евиденција и следење на дневните парични текови кое би овозможило целосна трага од остварениот промет до неговото конечно депонирање на банкарските сметки на Друштвото. Дополнително, поради начинот на евидентирање и архивирање на документацијата, не ни беше доставена поткрепувачка документација за ревизорскиот примерок на избрани трансакции, вклучително и за трансакции реализирани преку безготовинска уплата. Исто така, врз основа на расположливите информации утврдивме дека уплатите на дневен пазар во банка биле направени групно само на три датуми до јули 2025 година, при што истовремено со евидентираните уплати биле евидентирани и значајни повлекувања и преноси на средства преку благајна и разни преодни конта. За овие трансакции не ни беше ставена на располагање документација која би обезбедила доволна трага за фактичкото движење на готовината, нејзиното физичко примање, понатамошна употреба и крајно порамнување. Исто така, утврдивме дека дел од дневниот пазар бил евидентиран преку сметководствени преноси и затворања на салда помеѓу побарувања од сопствени продажни места, преодни конта, фонд на добивки и други поврзани сметки, без соодветна поткрепувачка документација за економската основа на таквите евидентирања. Дополнително, не била обезбедена соодветна сегрегација на должности во процесот на управување, евидентирање и контрола на готовината, имајќи предвид дека функцијата финансиски директор истовремено била поврзана и со благајничкото работење. Поради наведеното, не бевме во можност да утврдиме дали сите остварени приходи од лотариски игри на среќа биле целосно и точно евидентирани, дали соодветните парични средства биле фактички применети од Друштвото, како и дали поврзаните парични средства, побарувања, обврски и други билансни позиции биле соодветно евидентирани на 31 декември 2025 година. Како резултат на тоа, не бевме во можност да стекнеме доволни и соодветни ревизорски докази во однос на приходите од лотариски игри на среќа, поврзаните парични средства и парични текови, резултатот од работењето, финансиската состојба и потенцијалните даночни ефекти за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Како што е обелоденето во Белешката 18 кон придружните единечни финансиски извештаи, парите и паричните еквиваленти на 31 декември 2025 година изнесувале 898,822 илјади денари. Овој износ вклучува и средства за исплата на добивки од игри на среќа во износ од 62,500 илјади денари кои во текот на првата половина од 2025 година биле повлечени од жиро-сметка на Друштвото во неколку наврати и кои на 31 декември 2025 година сè уште се евидентирани на преодни сметки. Меѓутоа, за овие средства не ни беше доставена соодветна поткрепувачка документација дека истите претставуваат расположливи парични средства на 31 декември 2025 година, ниту истите биле потврдени со попис на парични средства на тој датум. Дополнително, парите во благајна вклучуваат негативен износ од 18,014 илјади денари кој произлегувал од користење на преодни сметки, неусогласени побарувања и обврски и други привремени книжења, без соодветна поткрепувачка документација. Како резултат на тоа, ние не бевме во можност да стекнеме доволни и соодветни ревизорски докази во однос на парите и паричните еквиваленти на 31 декември 2025 година, ниту за паричните текови за годината што тогаш завршува.

(продолжува)

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Основи за воздржување од мислење (продолжение)

Како што е обелоденето во Белешката 3.11 кон придружните единечни финансиски извештаи, за годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото склучило 48 договори за набавка на услуги, стоки и градежни работи во вкупен износ од 172,384 илјади денари, без данокот на додадена вредност. Меѓутоа, не ни беше доставена целокупната документација за спроведените постапки за јавни набавки за избраниот ревизорски примерок, а кои се однесуваат на набавки на маркетинг и медиумски услуги, осигурување, изнајмување софтвер за лотариски систем, одржување, комуникациски услуги за APN мрежа и услуги за закуп на компјутерски ресурси за резервна локација, службени возила, нафта, лиценци за напредни сајбер безбедносни системи, како и други услуги и средства поврзани со редовното работење на Друштвото. Поради недостиг на доволни и соодветни ревизорски докази, не бевме во можност да утврдиме дали наведените постапки за јавни набавки биле спроведени во согласност со релевантната законска регулатива, ниту да се увериме дали поврзаните трошоци, набавени средства, обврски и потенцијални даночни ефекти се соодветно евидентирани во единечните финансиски извештаи на Друштвото за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

Како што е обелоденето во Белешките 25 и 28 кон придружните единечни финансиски извештаи, во текот на 2024, 2025 и 2026 година биле спроведени постапки од Основното јавно обвинителство Скопје, против лица за проневера во Друштвото и против лица за злоупотреба при јавни набавки во Друштвото. Постапките биле сè уште во тек.

Одговорност на раководството за единечните финансиски извештаи

Раководството е одговорно за подготвувањето и објективното презентирање на единечните финансиски извештаи во согласност со сметководствените стандарди што се во примена во Република Северна Македонија, како и за интерната контрола за која раководството смета дека е неопходна за подготвувањето на единечните финансиски извештаи кои не содржат материјално погрешно прикажување, без разлика дали тоа е резултат на измама или грешка.

При подготвувањето на единечните финансиски извештаи, раководството е одговорно да ја процени способноста на Друштвото да продолжи да работи согласно претпоставката за континуитет, како и, кога е применливо, да ги обелодени прашањата поврзани со континуитетот и да ја примени сметководствената основа на континуитет, освен во случаи кога раководството има намера да го ликвидира Друштвото или да го прекине неговото работење, или кога не постои друга реална алтернатива освен тоа.

Одговорност на ревизорот за ревизијата на единечните финансиски извештаи

Наша одговорност е да извршиме ревизија на единечните финансиски извештаи на Друштвото во согласност со Меѓународните стандарди за ревизија („МСР“) и да издадеме ревизорски извештај. Сепак, поради прашањата што се опишани во делот Основи за воздржување од мислење од нашиот извештај, ние не бевме во можност да собереме доволни и соодветни ревизорски докази за да обезбедиме основа за ревизорско мислење за овие единечни финансиски извештаи.

Ние сме независни од Друштвото во согласност со Меѓународниот кодекс за етика на професионални сметководители (вклучувајќи ги и меѓународните стандарди за независност) („Кодексот на ОМСЕС“) на Меѓународниот одбор за стандарди за етика на сметководители кои се во примена во Република Северна Македонија заедно со етичките барања кои се релевантни за нашата ревизија на единечните финансиски извештаи во Република Северна Македонија и ги исполнивме сите останати етички одговорности во согласност со овие барања и Кодексот на ОМСЕС што е во примена во Република Северна Македонија.

(продолжение)

ИЗВЕШТАЈ НА НЕЗАВИСНИОТ РЕВИЗОР

До сопственикот и раководството на Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија (продолжение)

Извештај за други правни и регулативни барања

Раководството на Друштвото е одговорно за подготвување на единечен годишен извештај за работењето на Друштвото за 2025 година во согласност со Законот за трговските друштва. Наша одговорност е да изразиме мислење за конзистентноста на единечниот годишен извештај, со историските финансиски информации објавени во единечната годишна сметка и ревидираните единечни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, во согласност со МСР, како и во согласност со барањата на член 34, став 1, точка (д) од Законот за ревизија.

Нашето мислење е дека, историските финансиски информации објавени во единечниот годишен извештај за работењето на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува, се конзистентни, во сите материјални аспекти, со информациите објавени во единечната годишна сметка и ревидираните единечни финансиски извештаи на Друштвото со состојба на 31 декември 2025 и за годината што тогаш завршува.

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје

Јане Иванов
Управител

ФОРВИС МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје
Друштво за ревизија
forvis mazars

Јане Иванов
Овластен ревизор

ул. Даме Груев бр. 7, 1000, Скопје

26 јуни 2026 година

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНАТА ДОБИВКА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
Приходи од продажба	5	2,260,026	1,725,299
Останати приходи		659	913
		2,260,685	1,726,212
Трошоци за суровини, материјали и енергија	6	(26,493)	(18,282)
Трошоци за услуги	7	(1,318,899)	(1,158,363)
Трошоци за вработени	8	(107,167)	(92,779)
Амортизација	12, 13	(31,747)	(17,517)
Останати трошоци од работењето	9	(646,671)	(503,703)
		(2,130,977)	(1,790,644)
Добивка / (загуба) од оперативно работење		129,708	(64,432)
Финансиски приходи, нето	10	611,268	611,973
Добивка пред оданочување		740,976	547,541
Данок на добивка	11	(15,768)	-
Нето добивка за годината		725,208	547,541
Останата сеопфатна добивка по оданочување		-	-
Вкупна сеопфатна добивка за годината		725,208	547,541
Заработувачка по акција во денари			
основна		16,116	12,168
разводната		16,116	12,168

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ФИНАНСИСКАТА СОСТОЈБА
На 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешки	31 декември 2025	31 декември 2024
СРЕДСТВА			
Нетековни средства			
Нематеријални средства	12	1,342	1,457
Недвижности, постројки и опрема	12	699,413	710,583
Средства со право на користење	13	24,445	-
Вложување во подружници	14	801,397	1,115,084
		1,526,597	1,827,124
Тековни средства			
Залихи	15	336,081	470,039
Побарувања од купувачи	16	121,816	82,428
Останати побарувања	16	189,187	215,290
Краткорочни позајмици	17	282,543	252,543
Пари и парични еквиваленти	18	898,822	279,806
		1,828,449	1,300,106
ВКУПНО СРЕДСТВА		3,355,046	3,127,230
ГЛАВНИНА И ОБВРСКИ			
ГЛАВНИНА			
Основна главнина	19	276,355	276,355
Премии на емитирани акции		801,396	1,115,084
Законски резерви		55,271	55,271
Акумулирана добивка		739,330	547,541
		1,872,352	1,994,251
Нетековни обврски			
Обврски за наем	21	14,363	-
Тековни обврски			
Обврски кон добавувачи	20	122,794	137,581
Останати обврски	20	1,331,508	995,398
Тековен дел на обврски за наем	21	14,029	-
		1,468,331	1,132,979
ВКУПНО ГЛАВНИНА ОБВРСКИ		3,355,046	3,127,230

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Овие единечни финансиски извештаи извештаи беа одобрени од страна на раководството на Друштвото на 26 јуни 2026 година.

Одобрено од:

Проф. Д-р Александар Климовски
Генерален директор

Елеонора Марковска
Директор на сектор за финансии
и сметководство
Овластен сметководител

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија * СКОПЈЕ

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПРОМЕНИТЕ ВО ГЛАВНИНАТА
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Основна главнина	Премија на акции	Законски резерви	Акумулирана добивка	Вкупно
Состојба на 1 јануари 2024	276,355	698,061	55,271	487,043	1,516,730
Добивка за годината	-	-	-	547,541	547,541
Учество во вложување во подружници	-	417,023	-	-	417,023
Распределба за дивиденда	-	-	-	(487,043)	(487,043)
Останата сеопфатна добивка по одаточување	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2024	276,355	1,115,084	55,271	547,541	1,994,251
Добивка за годината	-	-	-	725,208	725,208
Отуѓување на учество во вложување во подружници	-	(313,688)	-	-	(313,688)
Распределба за дивиденда	-	-	-	(547,541)	(547,541)
Корекција за усогласување на евиденцијата на играта Мегавин	-	-	-	14,122	14,122
Останата сеопфатна добивка по одаточување	-	-	-	-	-
Состојба на 31 декември 2025	276,355	801,396	55,271	739,330	1,872,352

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија

ЕДИНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА ПАРИЧНИТЕ ТЕКОВИ
Година што завршува на 31 декември 2025
(Во илјади денари)

	Белешка	2025	2024
Парични текови од оперативни активности			
Добивка пред оданочување		740,976	547,541
Усогласување за:			
Амортизација		31,747	17,517
Расходи за камати, нето		919	737
Приходи од дивиденди		(612,402)	(612,784)
		161,240	(46,989)
Промени во обртниот капитал:			
Зголемување на побарувања од купувачи и останати побарувања		(13,285)	(91,152)
Зголемување на обврски спрема добавувачи и останати обврски		16,636	174,778
Намалување / (Зголемување) на залихите		133,958	(97,126)
Платени камати, нето		(919)	(737)
Платен данок на добивка		-	-
Нето парични текови од / (користени за) оперативни активности		297,630	(61,226)
Парични текови од инвестициони активности			
Набавка на опрема и нематеријални средства		(6,232)	(615,079)
Наплатена дивиденда		612,402	612,784
Нето парични текови од / (користени за) инвестициони активности		606,170	(2,295)
Парични текови од финансиски активности			
Одливи за краткорочни позајмици		(30,000)	(160,000)
Платена дивиденда		(244,501)	-
Платен наем		(10,283)	-
Нето парични текови користени за финансиски активности		(284,784)	(160,000)
Нето зголемување / (намалување) на пари и парични еквиваленти		619,016	(223,521)
Пари и парични еквиваленти на почеток на годината	18	279,806	503,327
Пари и парични еквиваленти на крајот на годината	18	898,822	279,806

Белешките кон единечните финансиски извештаи
претставуваат интегрален дел на овие единечни финансиски извештаи.

1. ОСНОВАЊЕ И ДЕЈНОСТ

Акционерско друштво за приредување игри на среќа Државна лотарија на Република Северна Македонија ("Друштвото") е акционерско друштво, основано е на 26 јуни 2007 година, под ЕМБС 6436846 и со седиште на Бул. Гоце Делчев бр.8, Скопје.

Основната главнина на Друштвото се состои од 45,000 обични акции, со номинална вредност од 100 евра по акција, во сопственост на Република Северна Македонија.

Основна дејност на друштвото е коцкање и обложување. Друштвото има право за приредување:

Општи игри на среќа:

- Лото;
- Спортска прогноза;
- Лотарија;
- Инстант лотарија;
- Томбола и
- Наградни игри и

Посебни игри на среќа:

- Обложување на спортски натпревари;
- Обложување на спортски натпревари преку интернет.

На 31 декември 2025 година Друштвото има 76 вработени (2024: 75 вработени).

Членови на Управниот одбор на Друштвото се:

- проф. д-р Александар Климовски, претседател кој носи назив Генерален директор
- Ахмет Мифтари, заменик претседател кој носи назив заменик генерален директор
- Клементина Брзаковска, член
- Маринела Зафирова, член
- Коста Трифуновски, член

Членови на надзорниот одбор на Друштвото се:

- Марјанчо Тодоровски, претседател
- Елена Петрушевска, член (избран за независен)
- Горан Андриевски, член (избран за независен)
- Александар Трајковски, член
- Марин Алексов, член

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

2.1 Основи за подготовка и презентација на единечните финансиски извештаи

Овие единечни финансиски извештаи се подготвени во согласност со Законот за трговските друштва (Службен весник бр. 28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120, 2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015, 6/2016, 30/2016, 61/2016, 88/2017, 192/2017, 64/2018, 120/2018, 290/2020, 215/2021, 99/2022, 272/2024 и 191/2025), како и Правилникот за сметководство објавен во Службен весник бр. 75/2024 (во понатамошниот текст „Правилник"), со кој беа објавени Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ том 2023"). Овој Правилник за сметководство ги опфаќа Меѓународните стандарди за финансиско известување („МСФИ") - МСФИ 1 до МСФИ 17, Меѓународните сметководствени стандарди („МСС") - МСС 1 до МСС 41, Комитетот за толкувања на меѓународното финансиско известување („КТМСФИ") – КТМСФИ 1 до КТМСФИ 23 и применливите Толкувања на Постојаниот комитет за толкувања („ПКТ") од ПКТ 7 до ПКТ 32. Горенаведените стандарди, измени и толкувања (МСФИ, КТМСФИ и ПКТ) се во примена во Република Северна Македонија, почнувајќи од 1 јануари 2025 година, освен МСФИ 17 кој ќе биде во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година. Исто така, со измената на Правилникот објавена во Службен весник бр. 274/2024, МСФИ 9 во Република Северна Македонија стапува во примена почнувајќи од 1 јануари 2028 година, притоа според насоките објавени од страна на Советот за унапредување и надзор на сметководствената професија на Република Северна Македонија, МСС 39 како што е објавен во Службен весник бр. 159/2009 останува важечки сметководствен стандард за финансиските инструменти до тој датум.

Друштвото ги примени сите релевантни стандарди, измени и толкувања кои беа објавени во Службен весник бр. 75/2024 и бр. 274/2024. Меѓутоа, бидејќи МСФИ 9 и МСФИ 17 не се во примена за периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година, единечните финансиските извештаи на Друштвото се подготвени во согласност со сметководствените стандарди што се применуваат во Република Северна Македонија, како што е објавено во Правилникот и објаснето погоре. Притоа, бидејќи МСФИ 1 не беше применлив, Друштвото ги примени специфичните преодни одредби за сите важечки сметководствени стандарди како што е објаснето подолу.

Притоа, приложената единечна годишна сметка на Друштвото е прикажана во согласност со билансните шеми објавени во Правилникот за формата и содржината на годишната сметка ("Службен весник" бр. 60/2014), чијашто презентација во поединечни делови отстапува од начинот на презентација на одредени биланси позиции во единечните финансиските извештаи предвидени со усвоениот МСС 1 – Презентирање на финансиските извештаи.

Придружните единечни финансиски извештаи се составени во согласност со принципот на набавна вредност, освен ако не е поинаку наведено во сметководствените политики кои се дадени во натамошниот текст. Во составувањето на овие единечни финансиски извештаи Друштвото ги применува сметководствените политики наведени во белешката 3.

Износите содржани во единечните финансиски извештаи на Друштвото се прикажани во илјади македонски денари. Денарот претставува официјална валута на известување во Република Северна Македонија.

Преод кон ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување

Со примена од 1 јануари 2025 година, Друштвото изврши преод кон примената на ажурираните Меѓународни стандарди за финансиско известување, усвоени во Република Македонија согласно Правилникот за водење сметководство ("Службен весник" бр. 75/2024).

Преодот кон ажурираните МСФИ не претставува прва примена на МСФИ, туку преод помеѓу различни верзии на МСФИ. Согласно тоа, Друштвото ги применуваше преодните одредби утврдени во поединечните стандарди, без примена на МСФИ 1 – Прва примена на МСФИ.

Ефектите од примената на новите и изменетите стандарди, доколку ги има, се признаени во почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година, во согласност со релевантните преодни одредби на поединечните стандарди.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми

Влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми, кој е ефективен за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година.

МСФИ 16 – Наеми воведува нови или изменети барања во однос на сметководственото евидентирање на наемите. Стандардот носи значајни промени во сметководството кај закупопримачите, со тоа што ја укинува разликата помеѓу оперативен и финансиски наем и бара признавање на средство со право на користење и обврска врз основа на наем на датумот на започнување на наемот, за сите наеми, освен за краткорочни наеми и наеми на средства со ниска вредност, кога се применуваат исклучоци од признавање. За разлика од сметководството кај закупопримачите, барањата за сметководството кај закуподавачите остануваат во голема мера непроменети. Подетално објаснување на новите барања, како и влијанието од усвојувањето на МСФИ 16 – Наеми врз единечните финансиски извештаи на Друштвото, се прикажани подолу.

Датумот на првична примена на МСФИ 16 – Наеми за Друштвото е 1 јануари 2025 година. Друштвото го примени МСФИ 16 – Наеми за договори за наем кои претходно биле класифицирани како оперативни договори за наем, врз основа на точка B8(б) од МСФИ 16 – Наеми, односно:

- Призна обврска за наеми на датумот на прва примена за наемот кој претходно бил класифициран како оперативен наем со примена на МСС 17 – Наеми. Друштвото ја измери таа обврска за наеми според сегашната вредност на преостанатите плаќања врз основа на наеми, дисконтирани со користење на инкременталната каматна стапка на позајмување на датумот на прва примена.
- Призна средство за право на користење на датумот на прва примена кај договори за наеми кои претходно биле класифицирани како оперативни наеми со примена на МСС 17 – Наеми, кое е еднакво на обврската за наем.

Овој пристап не бара повторно прикажување на споредбените периоди.

Влијание од новата дефиниција на наем

Друштвото ја применува дефиницијата за наем и поврзаните насоки утврдени во МСФИ 16 – Наеми на сите договори за наеми склучени или изменети на или по 1 јануари 2025 година (без разлика дали Друштвото е закупопримач или закуподавач во договорот). Како подготовка за првичната примена на МСФИ 16 – Наеми, Друштвото спроведе проект за имплементација. Проектот покажа дека новата дефиниција во МСФИ 16 – Наеми нема значително да го промени опфатот на договорите кои ги исполнуваат условите за признавање како договори за наем за Друштвото.

Сметководствено влијание

(i) Поранешни оперативни наеми

МСФИ 16 – Наеми го менува начинот на кој Друштвото ги евидентира наемите што претходно беа класифицирани како оперативни согласно МСС 17 – Наеми. Со примена на МСФИ 16 – Наеми, за сите наеми, Друштвото:

а) Признава средства со право на користење и обврски врз основа на наем во извештајот за финансиска состојба, првично мерени по сегашна вредност на идните плаќања врз основа на наем, согласно МСФИ 16:B8(b);

б) Признава амортизација на средствата со право на користење и камата на обврските врз основа на наем во извештајот за сеопфатната добивка;

в) Ги раздвојува вкупните исплати во готовина на дел за главнина (прикажан во рамки на готовинските текови од финансиски активности) и дел за камата (исто така прикажан во финансиски активности) во извештајот за паричните текови.

Согласно МСФИ 16 – Наеми, средствата со право на користење се предмет на тестирање за обезвреднување согласно МСС 36 – Обезвреднување на средства.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.1 МСФИ 16 – Наеми (продолжение)

Влијание од новата дефиниција на наем

(ii) Поранешни финансиски наеми

За наемите кои беа класифицирани како финансиски согласно МСС 17 – Наеми, сметководствената вредност на средствата добиени преку наем и обврските врз основа на финансиски наем измерени согласно МСС 17 – Наеми непосредно пред датумот на првична примена се рекласифицирани во средства со право на користење и обврски врз основа на наем, без дополнителни прилагодувања, освен во случаи кога Друштвото одлучува да ја примени олеснителната опција за наеми со ниска вредност.

Финансиско влијание од првичната примена на МСФИ 16 – Наеми

Пондерираниот просечен трошок применет на обврските врз основа на наеми признати во извештајот за финансиската состојба на 1 јануари 2025 година изнесува 4.65%. Друштвото на 1 јануари 2025 година призна средства со право на користење во износ од 34,732 илјади денари и обврски врз основа на наеми во истиот износ при транзицијата на МСФИ 16 – Наеми, при што нема разлика за признавање во акумулираната добивка на тој датум. Следната табела ги прикажува обврските врз основа на наеми, средствата со право на користење и влијанието задржаната добивка, признати во единечниот извештај за финансиската состојба на датумот на првичната примена.

	На 1 јануари 2025	На 31 декември 2024
Обврски врз основа на наеми	34,732	-
Средства со право на користење	34,732	-
Акумулирана добивка	-	-

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Влијание од првичната примена на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи

Во тековната година, Друштвото го примени МСФИ 15 Приходи од договори со купувачи, кој е во примена за годишни периоди што започнуваат на или по 1 јануари 2025 година. МСФИ 15 воведе пристап во 5 чекори за признавање на приходите:

1) Идентификување на договор со купувач;
2) Идентификување на обврските за извршување во договорот;
3) Утврдување на цената на трансакцијата;
4) Распределување на цената на трансакцијата на обврските за извршување;
5) Признавање приход кога (или откако) ќе биде исполнета обврската за извршување.

Новиот стандард воспоставува модел на признавање на приход заснован на пренос на контрола и обезбедува дополнителни насоки во многу области кои претходно не беа детално регулирани, вклучувајќи го начинот на сметководствено третирање на договори кои содржат повеќе обврски за извршување, променливи цени, права на рефундација, опции за повторно откупување од добавувачот и други вообичаени комплексни трансакции.

Главните извори на приходи на Друштвото кои спаѓаат во делокругот на МСФИ 15 се однесуваат на следните категории:

- Приходи од лотариски игри на среќа,
- Приходи од интернет игри на среќа,
- Приходи од електронски игри на среќа.

2. ОСНОВИ ЗА ПОДГОТОВКА И ПРЕЗЕНТАЦИЈА НА ЕДИНЕЧНИТЕ ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ (продолжение)

2.1.2 МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи (продолжение)

При анализата на примената на МСФИ 15 – Приходи од договори со купувачи, Друштвото утврди дека начинот на признавање на приходите согласно ажурираните барања на стандардот е во суштина конзистентен со сметководствениот третман применуван во претходните периоди.

Врз основа на извршената анализа, раководството утврди дека примената на МСФИ 15 немаше материјално влијание врз признавањето, мерењето и временската распределба на приходите, ниту врз почетните салда на средствата, обврските и главнината на 1 јануари 2025 година.

Како резултат на тоа, примената на МСФИ 15 не резултираше со корекции на почетните салда при преодот кон ажурираните МСФИ.

2.2 Принцип на континуитет

Единечните финансиски извештаи на 31 декември 2025 година се подготвени врз основа на претпоставката дека Друштвото ќе продолжи да работи според принципот на континуитет и дека истото ќе продолжи со својата работа во предвидлива иднина.

Друштвото ги превзема сите неопходни активности за прилагодување кон микро и макро економските состојби, при што и во следниот период ќе биде фокусирано на одржување на квалитетот на работењето, ефикасно управување со трошоците, унапредување на доброто корпоративно управување и на практиките за одржлив развој.

Друштвото ги следи сите услови во државата, макроекономските показатели и глобалните случувања. Врз основа на спроведените анализи според тековните случувања, Друштвото утврди дека во моментов не се очекуваат дополнителни тешкотии во работењето поврзани со ликвидност и сервисирањето на обврските спрема добавувачите.

Долгорочно гледано, можни се последици на обемот на продажбите, паричните текови и профитабилноста. Без разлика на тоа, на датумот на издавање на единечните финансиски извештаи Друштвото ги исполнува своите обврски во рокот на доспевање и продолжение да го применува принципот на континуитет како сметководствена претпоставка за подготовка на единечните финансиски извештаи.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ

3.1 Признавање на приходи

Друштвото евидентира договор со купувач доколку се исполнети сите од следните критериуми:

- Договорот е одобрен од страните во договорот (писмено, усно или во согласност со друга вообичаена деловна пракса) и се посветени на исполнување на своите обврски;
- Друштвото може да ги идентификува правата на секоја од страните во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Друштвото може да ги идентификува условите за плаќање во врска со добрата или услугите што ќе бидат пренесени;
- Договорот има комерцијална суштина (т.е. ризикот, периодот или износот на идните готовински текови на Друштвото се очекува да се променат како резултат на договорот); и
- Веројатно е дека Друштвото ќе добие надомест на кој ќе има право во замена за добрата или услугите што ќе му бидат пренесени на купувачот. Кога прави проценка на тоа дали е веројатна наплатливоста на определен износ на надомест, Друштвото ги зема предвид способноста и намерата на купувачот да го плати износот на надомест тогаш кога ќе доспее. Износот на надомест на кој Друштвото ќе има право може да биде помал од цената што е наведена во договорот доколку надоместокот е варијабилен затоа што Друштвото може да му понуди ценовен попуст на купувачот.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.1 Признавање на приходите (продолжение)

Друштвото ги признава приходите кога контролата врз услугата е пренесена на клиентите, односно кога е исполнета обврската за извршување поврзана со организирање и спроведување на игрите на среќа. Приходите се мерат по фер вредност на надоместокот кој Друштвото очекува да го наплати, намалени за исплатени добивки, бонуси и други директни одбитоци. Приходите од игри на среќа се признаваат на нето основа, односно како разлика помеѓу остварените уплати и исплатените добивки.

Приходи од лотариски игри на среќа

(а) Приходи од Лото и Џокер
Приходите од игрите Лото и Џокер се признаваат во моментот на извлекување на резултатите, кога Друштвото ја исполнува својата обврска за извршување. Приходот се утврдува како разлика помеѓу остварените уплати и исплатените добивки.

(б) Приходи од инстант грепки
Приходите од инстант грепки се признаваат во моментот на продажба на грепките, кога играчот добива право на учество и потенцијално добивање. Исплатените добивки се признаваат како намалување на приходот.

Приходи од интернет игри на среќа

Приходите од интернет играта на среќа, Мегавин, се признаваат во моментот кога секоја игра е завршена и резултатот е познат. Приходот претставува разлика помеѓу влоговите на играчите и исплатените добивки.

Приходи од електронски игри на среќа

Приходите од Кено се признаваат во моментот на извлекување на резултатите за секој поединечен круг на игра. Приходот се утврдува како нето износ од вкупните уплати намалени за исплатени добивки.

3.2 Износи искажани во странска валута

Трансакциите настанати во странска валута се искажуваат во денари со примена на официјалните курсеви на Народна банка на Република Северна Македонија кои важат на денот на трансакцијата. Средствата и обврските деноминирани во странска валута се искажуваат со примена на официјални курсеви кои важат на денот на единечниот извештај за финансиска состојба. Нето позитивни и негативни курсни разлики, кои произлегуваат од конверзија на износите искажани во странска валута, се вклучуваат во единечниот извештај за сеопфатна добивка во периодот на настанување.

3.3 Наеми

Друштвото како закупопримач

Друштвото оценува дали договорот претставува или содржи елементи на наем на датумот на неговото склучување. Друштвото признава средство со право на користење и соодветна обврска врз основа на наеми за сите договори за наем во кои се јавува како закупопримач, освен за краткорочни наеми (дефинирани како наеми со рок до 12 месеци) и наеми на средства со ниска вредност (како таблет-уреди, персонални компјутери, мали парчиња канцелариски мебел и телефони). За овие наеми, Друштвото ги признава плаќањата врз основа на наеми како оперативен расход на линеарна основа за времетраењето на наемот, освен ако друга систематски основа не е порепрезентативна за употреба на економските користи од средството.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.3 Наеми (продолжение)

Друштвото како закупопримач (продолжение)

Првично мерење на обврската врз основа на наем

Обврската врз основа на наем се мери првично по сегашна вредност на обврските за плаќање на наем што не се подмирени на датумот на започнување на наемот, дисконтирани со:

- каматната стапка имплицитна во наемот, или
- ако оваа стапка не може лесно да се утврди — инкременталната стапка на задолжување на закупопримачот.

Плаќања врз основа на наем вклучени во мерењето на обврската:

- Фиксни плаќања, намалени за сите примени стимулативни услови од наемот;
- Променливи плаќања кои зависат од индекс или стапка, првично мерени со користење на индексот или стапката на датумот на започнување;
- Износот кој се очекува да биде платен во рамки на гарантирана остаточна вредност;
- Цена за купување доколку закупопримачот е разумно сигурен дека ќе ја искористи опцијата за купување;
- Казни за раскинување на наемот, доколку рокот на наемот го рефлектира користењето на опцијата за раскинување.

Обврската врз основа на наем се прикажува како посебна ставка во извештајот за финансиската состојба.

Последователно мерење на обврската врз основа на наеми

Обврската врз основа на наеми се мери последователно:

- со зголемување на сметководствената вредност за признавање на камата (применувајќи го методот на ефективна каматна стапка), и
- со намалување на сметководствената вредност за извршените плаќања врз основа на наеми.

Повторно мерење на обврската врз основа на наеми

Друштвото повторно ја мери обврската врз основа на наеми (и соодветно го прилагодува средството со право на користење) секогаш кога:

- Ќе се промени рокот на наемот или се случи значаен настан или промена на околности кои ја менуваат проценката за искористување на опцијата за купување. Во овие случаи, обврската врз основа на наеми повторно се мери со дисконтирање на ревидираните плаќања по нова дисконтна стапка.
- Ќе се променат плаќањата врз основа на наеми поради промени во индекс, стапка или очекувани плаќања по гарантирана остаточна вредност. Во овие случаи се применува иста дисконтна стапка, освен доколку промената се должи на промена во плаќањата врз основа на варијабилна каматна стапка, кога се применува ревидирана дисконтна стапка.
- Договорот за наем е изменет и измената не претставува засебен наем. Во такви случаи, обврската повторно се мери користејќи ревидирани плаќања дисконтирани со ревидирана дисконтна стапка на датумот на ефективност на измената.

Друштвото не изврши такви прилагодувања во периодите што се презентирани.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.3 Наеми (продолжение)

Средства со право на користење

Средствата со право на користење вклучуваат:

- почетно признавање на обврската по основ на наем.
- уплати по основ на наем направени на или пред датумот на започнување на наемот, намалени за било какви добиени стимулации (lease incentives);
- сите првични директни трошоци поврзани со договорот за наем.

Правото на користење средства се мери последователно по цена на чинење намалена за акумулирана амортизација и загуби од обезвреднување. Доколку Друштвото е должно да го демонтира или отстрани изнајмениот имот или да го врати во првобитна состојба согласно договорот за наем се признава резервација согласно МСС 37 – Провизии, условни обврски и условни средства. Во делот во кој овие трошоци се однесуваат на средството со право на користење, тие се вклучуваат во неговата сметководствена вредност, освен ако не се поврзани со производство на залихи.

Средствата со право на користење се амортизираат во тек на пократкиот период од рокот на наемот и корисниот век на основното средство. Доколку со наемот се пренесува сопственоста или доколку постои разумна сигурност дека Друштвото ќе ја искористи опцијата за купување, амортизацијата се врши во тек на корисниот век на средството. Амортизацијата започнува на денот на отпочнување на наемот.
Средствата со право на користење се презентираат како посебна ставка во билансот на состојба.

Друштвото го применува МСС 36 – Обезвреднување на средства за да утврди дали постојат индикации за обезвреднување на средствата со право на користење и ги признава сите утврдени загуби од обезвреднување.
Практична олеснителна одредба

Како практично олеснување, МСФИ 16 му дозволува на закупопримачот да не ги раздвојува компонентите на наем од компонентите кои не се наем, туку да го третира целиот договор како еден аранжман. Друштвото не го користи ова практично олеснување. За договори кои содржат компонента на наем и една или повеќе дополнителни компоненти (закупни или незакупни), Друштвото го распределува надоместокот од договорот на секоја компонента на наем врз основа на релативната самостојна продажна цена на компонентата на наем и збирната самостојна продажна цена на другите компоненти.

Сметководствени политики применливи пред 1 јануари 2025 година

Наемите се класифицираа како финансиски наеми кога условите на договорот пренесуваа суштински дел од ризиците и користите од сопственоста на закупопримачот. Сите останати наеми се класифицираа како оперативни наеми.

Друштвото како закупопримач (политики согласно МСС 17)

Средствата обезбедени со финансиски наеми се признаваа како средства на Друштвото по нивната објективна вредност или, доколку е пониска, по сегашна вредност на минималните плаќања по основ на наем, определени на датумот на започнување на наемот. Соодветната обврска кон закуподавачот се вклучуваше во извештајот за финансиска состојба како обврска по основ на финансиски наем.

Плаќањата по финансиски наем се распределуваа меѓу финансиски расход и намалување на обврската, така што се постигнуваше постојана стапка на камата врз остатокот на обврската. Финансиските расходи се признаваа веднаш во добивка или загуба, освен ако не беа директно атрибутивни на квалификувачки средства, при што се капитализираа согласно општата политика на Друштвото за трошоци за заеми.

Наемите што се плаќаат по основ на оперативни наеми се признаваат како расход на линеарна основа за периодот на траење на соодветниот наем, освен кога друг посистематски основ е попрепрепрезентативен за моделот на консумирање на економските придобивки од средството предмет на наем.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.4 Оданочување

Тековен данок на добивка

Тековниот данок на добивка е пресметан според пропишаните даночни прописи и стапки кои биле на сила на денот на подготвување на единечниот извештај за финансиска состојба. Крајниот данок за 2025 година се пресметува по стапка од 10% на добивката утврдена во единечниот извештај за сеопфатна добивка коригирана за одредени непризнати трошоци согласно законските одредби.

Одложен данок на добивка

Одложен данок на добивка се утврдува со примена на методот на обврски во единечниот извештај за финансиска состојба за сите временски разлики кои се јавуваат помеѓу даночната основа на средствата и обврските и нивната сметководствена вредност во единечните финансиски извештаи. Стапката на данок на добивка на денот на билансот на состојба се употребува за утврдување на одложените даночни средства и обврски. Одложените даночни обврски се признаваат за сите оданочливи временски разлики. Одложени даночни средства се признаваат за одбитните временски разлики и ефектите од даночните загуби, кои се пренесуваат во обем во којшто постои веројатност дека ќе се оствари оданочлива добивка со цел да се овозможи одбитните временски разлики и пренесените даночни загуби да бидат искористени. Во овие единечни финансиски извештаи не постојат значајни временски разлики кои би се јавиле како основа за одложен данок на добивка.

3.5 Користи за вработените

Друштвото учествува во пензискиот фонд со уплатување на определени придонеси утврдени со домашната легислатива. Придонесите кои зависат од висината на платите се уплатуваат во Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Република Северна Македонија. Во Друштвото не постојат дополнителни обврски во однос на пензиските планови.

Друштвото, исто така, исплаќа двократен износ од просечно исплатената нето плата во Република Северна Македонија како отпремнина во случај на заминување во старосна пензија. Друштвото нема резервирано средства за ваквите отпремнини бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз единечните финансиски извештаи. Друштвото нема резервирано средства за отпремнини за технолошки вишок бидејќи смета дека истите нема да имаат значаен ефект врз единечните финансиски извештаи.

3.6 Недвижности, опрема и нематеријални средства

Недвижностите и опремата се евидентираат според набавната вредност, намалена за акумулираната амортизација и загубата поради обезвреднување, доколку постои. Почетното признавање ги вклучува фактурната вредност, увозните царински трошоци, други давачки при набавката кои се без право на враќање и сите други трошоци кои се прават со цел средството да се стави во работна состојба.

Нематеријалните средства се состојат од лиценца за приредување на посебни игри на среќа и софтвер. Набавната вредност се амортизира во текот на проценетиот корисен век на нематеријалните средства. Амортизацијата на лиценцата за приредување игри на среќа е во текот на времетраењето на лиценцата, согласно со периодот за кој се доделува од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија.

Амортизацијата се пресметува на праволиниска основа по пропишани стапки со цел набавната вредност на опремата и нематеријалните средства да се алоцира во текот на нивниот проценет корисен век. Амортизација на автоматите за приредување на игри на среќа и опремата се пресметува од моментот кога средствата се стават во употреба.

Применетите годишни стапки на амортизација за 2025 и 2024 година се следните:

Недвижности	2.5%
Компјутери, апарати, казино опрема и опрема за телекомуникација	10-25%
Софтвер	25%
Лиценци	25%
Возила	25%

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.6 Недвижности, опрема и нематеријални средства (продолжение)

На средствата кои немаат сегашна вредност, а сé уште се во употреба, не им се пресметува амортизација.

Добивките или загубите кои произлегуваат од отуѓувањето или повлекувањето од употреба на опремата и нематеријалните средства се определуваат како разлика меѓу приливите од отуѓувањето и сметководствената вредност на средството и истите се признаваат како приходи или расходи во единечниот извештај за сеопфатна добивка. Трошоците за редовно одржување и поправки на опремата и нематеријалните средства се евидентираат на товар на деловните трошоци во моментот на нивното настанување.

3.7. Залихи

Залихите главно се состојат од грепки за игри на среќа и при иницијалното признавање се евидентираат по нивната набавна вредност. Делот од вредноста на грепките што согласно правилата на играта е наменет за исплата на добивки се издвојува и се признава како обврска за фонд на добивки, додека преостанатиот дел претставува пресметана нереализирана добивка за Друштвото. Залихите се вреднуваат по пониската меѓу нивната сметководствена вредност и нето реализационата вредност. Трошокот на продадени грепки се признава во периодот во кој е остварен соодветниот приход од игрите на среќа.

3.8. Финансиски инструменти

Финансиските средства и финансиските обврски се признаваат во моментот кога Друштвото станува страна во договорните обврски по овој инструмент. Финансиските средства и финансиските обврски иницијално се евидентирани по објективната вредност.

3.8.1 Пари и парични еквиваленти

За целите на единечниот извештај за паричните текови, парите и паричните еквиваленти се состојат од денарски и девизни средства во банка и депозити во банки со договорен период на доспевање до три месеци.

3.8.2 Побарувања од купувачи и останати побарувања

Побарувањата од купувачи и останатите побарувања почетно се признаваат по трансакциската цена. Последователно тие се мерат по амортизирана набавна вредност, користејќи го методот на ефективна каматна стапка, намалена за исправка на вредноста поради обезвреднување. Исправка на вредноста на побарувањата се врши кога постои објективен доказ дека Друштвото нема да може да ги наплати сите долгови според првичните услови на побарувањата.

3.8.3 Финансиски пласмани

Финансиските пласмани се одобруваат на трети страни и се признаваат по нивната номинална вредност, што не е во согласност со МСС 39 – Финансиски инструменти признавање и мерење, кој е во примена во Република Северна Македонија и кој бара истите да бидат признати по амортизирана набавна вредност, со користење на методот на ефективна каматна стапка, намалени за евентуалното обезвреднување. Проценка на раководството на Друштвото е дека евентуалното отстапување од МСС 39 нема материјален ефект врз приложените единечни финансиски извештаи.

3.8.4 Обврски кон добавувачи и други обврски

Обврските кон добавувачите и другите обврски се прикажуваат според објективната вредност, при што по иницијалното признавање обврските последователно се водат по амортизирана набавна вредност. Метода на ефективна камата е метода на пресметување на амортизирана набавна вредност на финансиската обврска и на распределба на трошокот од камата во текот на релевантниот период. Ефективната каматна стапка е стапката која точно ги дисконтира очекуваните идни парични плаќања или примања во текот на очекуваниот животен век на инструментот или, до нето сметководствената вредност на финансиската обврска, при иницијалното признавање.

3. ПРЕГЛЕД НА ЗНАЧАЈНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПОЛИТИКИ (продолжение)

3.9. Подружници

Подружниците се правни лица над кои Друштвото има контрола. Контрола постои кога Друштвото има право на варијабилни приноси од својата вклученост во подружницата и има способност да влијае врз тие приноси преку својата моќ над подружницата. Во овие единечни финансиски извештаи, вложувањата во подружници се евидентираат по нивната набавна вредност, која ја претставува објективната вредност на даденото средство на датумот на стекнување, намалена за евентуално обезвреднување. Вложувањата во подружници претставуваат капитална инвестиција во Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (51.00% сопственост), 77 БИТС ДОО Скопје (74.55% сопственост), ВЕЗУВ ДОО Скопје (74.55% сопственост) и МОЗЗАРТ ДОО Скопје (74.55% сопственост). Постапката за престанување на НОВО ВЛТ ДОО Скопје заврши во 2025 година (2024: Друштвто има 51.00% сопственост) (Белешка 14).

3.10. Дивиденди

Друштвото ги евидентира обврските по дивиденди кон акционерот, по одобрување на обврската за дивиденда на годишното Собрание.

3.11. Јавни набавки

Трансакциите поврзани со јавните набавки се евидентираат согласно Законот за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.87/21 и 14/25) и интерна процедура за спроведување на јавните набавки на Друштвото. Јавните набавки се спроведуваат врз основа на претходно усвоен Годишен план за јавни набавки, кој е усогласен со финансискиот план и расположивите буџетски средства.

Набавките се евидентираат според нивната набавна вредност, која ја вклучува фактурната вредност и сите директно поврзани трошоци неопходни за набавка на средствата или услугите.

Авансните плаќања поврзани со јавните набавки се признаваат како побарувања сè до моментот на нивно порамнување преку прием на стоки или услуги, по што се признава соодветен расход или средство.

Друштвото води евиденција за склучените договори, рамковните спогодби и нивната реализација, при што се врши контрола на искористеноста на договорената вредност, роковите и квалитетот на испораката, согласно договорните одредби. Друштвото воспоставува систем на контроли во процесот на јавните набавки, кој вклучува повеќестепено одобрување, следење на реализацијата и обезбедување целосна документација, со цел обезбедување законитост, транспарентност и ефикасно користење на средствата.

За годината што завршува на 31 декември 2025 година, Друштвото склучи 48 договори за набавка на услуги, стоки и градежни работи во вкупен износ од 172,384 илјади денари, без данокот на додадена вредност.

Измените на договорите за јавни набавки се признаваат само доколку се во согласност со законските одредби и соодветно се евидентираат преку корекција на обврските и набавките.

Набавките на услуги се признаваат во единечниот извештај за сеопфатна добивка во периодот кога се настанати.

3.12. Споредбени информации

Со цел да се одржи конзистентност со презентацијата во тековната година, одредени ставки беа рекласифицирани за компаративни цели. Таквите рекласификации не резултираа во значајни промени на содржината и формата на финансиските информации презентирани во единиечните финансиски извештаи.

4. КРИТИЧНИ СМЕТКОВОДСТВЕНИ ПРОЦЕНКИ И ПРЕТПОСТАВКИ

Презентацијата на единечните финансиски извештаи бара од Раководството на Друштвото да врши најдобри проценки и да користи разумни претпоставки кои имаат влијание на: износите на средствата и обврските, обелоденувањата на потенцијалните обврски и побарувања на датумот на подготовка на единечните финансиски извештаи како и во однос на приходите и расходите кои произлегуваат во сметководствениот период. Овие проценки и претпоставки базираат на достапните информации на датумот на подготовка на единечните финансиски извештаи. Меѓутоа, реалните резултати може да варираат на база на овие проценки. Основните претпоставки кои се однесуваат на идни настани и останатите значајни извори на неизвесност во спроведувањето на проценки на датумот на единечниот извештај за финансиската состојба, кои носат ризик што може да доведе до корекција на нето вредноста на средствата и обврските во последователната година се следните:

4.1 Објективна вредност

Во Република Северна Македонија не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на побарувањата како и на другите финансиски средства и обврски со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации. Како резултат на ова објективната вредност не може соодветно и веродостојно да се одреди во отсуство на активен пазар. Раководството ја проценува целосната изложеност на ризици и во случаи кога проценките за објективната вредност на средствата не се реализираат, се признава резервација. Мислењето на раководството е дека обелоденетите сметководствени вредности се валидни во однос на тековните услови на пазарот. Објективната вредност на финансиските инструменти со кои што не се тргува на активниот пазар се одредува со користење на техники на вреднување. Објективната вредност на краткорочните побарувања од купувачите и другите побарувања и објективната вредност на обврските кон добавувачите и другите обврски е приближна на нивната сметководствена вредност намалена за проценетите исправки на вредноста земајќи ги во предвид историските податоци и фактот дека достасуваат за краток период. Објективната вредност на останатите финансиски средства и обврски за целите на обелоденување е одредена со дисконтирање на идните договорни готовински текови со употреба на тековните пазарни каматни стапки кои се на располагање на Друштвото за слични финансиски инструменти.

4.2 Корисен век на средствата

Одредувањето на корисниот век на средствата се заснова на искуството за слични такви средства, како и очекуваниот технолошки развој и промени во поширокота економија, индустриските фактори или локалните пазари. Соодветноста на проценката на корисните векови се прегледува на годишна основа, или во било кој момент кога ќе постои индикација за значајна промена во употребените претпоставки.

4.3 Обезвреднување на финансиските средства

Обезвреднувањето на сомнителните побарувања се заснова на проценетите загуби од неможноста на третите страни да ги исполнат своите договорни обврски. Проценките кои се користат при проценката на адекватноста на обезвреднувањето на сомнителните побарувања се старосната структура на побарувања и историјата на отпис на побарувањата, кредитната способност на комитентите, како и промените во услови за плаќање. Проценките ги вклучуваат и претпоставките за идното однесување на комитентите и идните готовински наплати. Доколку се влоши финансиската способност на комитентите, реалните отписи на сегашните побарувања може да бидат поголеми отколку очекуваните, при што тие може да го надминат тековното ниво на евидентираните резервации за загуби поради обезвреднување. Раководството проценува дека не е потребно дополнително зголемување на резервациите за загуби поради обезвреднување од веќе прикажаните во единечните финансиски извештаи.

5. ПРИХОДИ ОД ПРОДАЖБА

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Приходи од лотариски игри на среќа:		
- приходи од Лото	198,169	266,337
- приходи од Џокер	30,676	32,946
- приходи од инстант грепки	140,622	134,456
- приходи од среќни топчиња	-	-
	369,467	433,739
Приходи од интернет игри на среќа:		
- приходи од Мегавин (започнува од декември 2023 година)	1,801,141	1,174,477
Приходи од електронски игри на среќа:		
- приходи од Кено	87,141	114,249
Приходи од поврзани страни	2,277	2,834
	2,260,026	1,725,299

6. ТРОШОЦИ ЗА СУРОВИНИ, МАТЕРИЈАЛИ И ЕНЕРГИЈА

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Потрошена енергија	3,205	3,286
Потрошени материјали	21,466	11,524
Потрошено гориво	1,713	2,960
Ситен инвентар	109	512
	26,493	18,282

7. ТРОШОЦИ ЗА УСЛУГИ

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Провизија од игри на среќа	205,739	202,802
Реклама и пропаганда	126,805	131,142
Маркетинг услуги	46,988	68,580
Транспортни и комунални услуги	39,537	40,805
Одржување	27,103	37,741
Закупнина	4,942	34,072
Наем на софтвер за игри на среќа	863,005	621,377
Трошоци за продукција	2,490	21,104
Останати услуги	2,290	740
	1,318,899	1,158,363

8. ТРОШОЦИ ЗА ВРАБОТЕНИ

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Нето плати	63,250	52,247
Придонеси на плати	26,835	22,215
Даноци од плати	5,858	4,877
Трошоци за регрес за годишни одмори	4,526	4,162
Останати трошоци за вработени	6,698	9,329
	107,167	92,830

9. ОСТАНАТИ ТРОШОЦИ ОД РАБОТЕЊЕТО

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	 2024
Надоместок за електронски и интернет игри на среќа	255,440	170,127
Персонален дакон од игра на среќа – Мегавин	215,780	117,213
Спонзорства и донации	70,990	84,967
Договор на дело	49,965	50,276
Посебна давачка за лотариски игри на среќа	34,824	38,735
Утврдени трошоци од УЈП контрола	-	14,810
Надоместоци на членови на Управен и Надзорен одбор	1,850	1,774
Репрезентација	2,275	4,386
Професионални услуги	4,514	2,836
Членарини и административни такси	1,842	1,442
Осигурување	691	120
Банкарски провизии	7,139	6,475
Отпис на побарувања	-	391
Кусок од попис	-	7,486
Останато	1,361	2,665
	646,671	503,703

Во согласност со постојниот Закон за игрите на среќа и за забавните игри (Службен весник бр.24/11, 51/11, 132/11, 148/11, 74/12, 171/12, 27/14 139/14, 61/15, 154/15, 23/16, 178/16, 90/17 и 251/22):

- за приредување на лотариските игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 4% на вкупно остварените уплати, односно средства прибрани преку продажба на лозови, на месечна основа.
- за приредување на електронските игри на среќа, приредувачот на игрите плаќа надоместок во износ од 30 евра во денарска противвредност по средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија на денот на уплатата, месечно по терминал.
- за приредување на интернет игри на среќа се плаќа посебна давачка во износ од 0.5% од вкупната вредност на уплатите, на месечна основа, до 15 во месецот за претходниот месец.

10. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ, НЕТО

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември	
	2025	**2024**
Негативни курсни разлики	(316)	(81)
Расходи по камати	(5,496)	(4,376)
	(5,812)	(4,457)
Позитивни курсни разлики	101	7
Приходи од камати	4,577	3,639
Приходи од дивиденда	612,402	612,784
	617,080	616,430
	611,268	611,973

11. ДАНОК НА ДОБИВКА

Во 2025 година, данокот на добивка се пресметува по законска стапка од 10% на утврдената добивка од Единечниот извештај за сеопфатна добивка, коригирана за одредени ставки согласно законските одредби и износот на непризнати трошоци за даночни цели.

Усогласувањето на данокот на добивка за годината што завршува на 31 декември 2025 година е како што следува:

	Во илјади денари Година што завршува на	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Добивка пред оданочување	740,976	547,541
Непризнати расходи за даночни цели	29,110	20,800
Дивиденди остварени со учество во капиталот на друг даночен обврзник	(612,402)	(612,784)
Даночна основа	157,684	(44,443)
Пресметан данок на добивка (10%)	15,768	-
Ефективна даночна стапка	2.13%	-

12. НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА

Во илјади денари

	Градежни објекти	Компјутерска опрема за игри на среќа	Возила	Средства во подготовка	Вкупно материјални средства	Софтвер за игри на среќа	Останати софтвери и лиценци	Вкупно нематеријални средства
Набавна вредност								
Состојба, 1 јануари 2024	112,893	181,138	10,434	-	304,465	57,413	8,156	65,569
Набавки	-	26,813	-	596,128	622,941	-	1,573	1,573
Продажба и отписи	-	(9,329)	(106)	-	(9,435)	-	-	-
Состојба, 31 декември 2024	112,893	198,622	10,328	596,128	917,971	57,413	9,729	67,142
Набавки	-	425	5,807	-	6,232	-	-	-
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2025	112,893	199,047	16,135	596,128	924,203	57,413	9,729	67,142
Исправка на вредност								
Состојба, 1 јануари 2024	37,653	142,597	9,737	-	189,987	57,413	8,156	65,569
Трошок за годината	2,811	14,432	158	-	17,401	-	116	116
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2024	40,464	157,029	9,895	-	207,388	57,413	8,272	65,685
Трошок за годината	2,811	14,433	158	-	17,402	-	115	115
Продажба и отписи	-	-	-	-	-	-	-	-
Состојба, 31 декември 2025	43,275	171,462	10,053	-	224,790	57,413	8,387	65,800
Сметководствена вредност - 31 декември 2025	69,618	27,585	6,082	596,128	699,413	-	1,342	1,342
Сметководствена вредност - 31 декември 2024	72,429	41,593	433	596,128	710,583	-	1,457	1,457

12. НЕДВИЖНОСТИ, ОПРЕМА И НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (продолжение)

Средствата во подготовка во износ од 596,128 илјади денари се однесуваат на видеолотариски терминали и нивна придружна опрема набавени во текот на 2024 година, но до датумот на овие финансиски извештаи истите не беа активирани и беа складирани во магацински простории. Нивната идна употреба остана неизвесна, имајќи го предвид автентичното толкување на член 7 од Законот за игри на среќа и забавни игри, донесено од Собранието на Република Северна Македонија на 13 август 2024 година и објавено во „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 168/2024 од 14 август 2024 година, според кое приредувањето на електронските и интернет игри на среќа може да се врши само од едно трговско друштво, а правото за вршење на оваа дејност на територијата на Република Северна Македонија веќе е доделено на друго друштво. Дополнително, во врска со околностите поврзани со набавката и можноста за користење на наведената опрема се водат постапки пред надлежните органи, чиј исход не може да се утврди до датумот на овие финансиски извештаи. Притоа, Друштвото не изврши и нема на располагање тестирање, односно проверка дали средствата во подготовка се обезвреднети на 31 декември 2025 година, односно дали нивната надоместлива вредност е помала од вредностите искажани во единечните финансиски извештаи, во согласност со Меѓународниот сметководствен стандард (МСС) 36 „Обезвреднување на средства" што е во примена во Република Северна Македонија.

Дополнително, Друштвото не располага со воспоставен системски регистар на недвижности и опрема и нематеријални средства во рамките на сметководствениот информациски систем. Евиденцијата за недвижностите и опремата и нематеријалните средства не е централизирана, ниту е обезбедена соодветна поврзаност помеѓу аналитичката евиденција и главната книга. Поради тоа, пресметката на акумулираната амортизација на 31 декември 2025 година во износ од 290,590 илјади денари и пресметката на амортизацијата за 2025 година во износ од 17,517 илјади денари не се вршат директно преку сметководствениот систем, туку врз основа на вонсистемски помошни евиденции.

Понатаму, утврдените разлики по пописот, односно кусоците и вишоците, не беа евидентирани во материјалната и финансиската евиденција согласно Извештајот за извршен попис на средствата од 10 март 2026 година.

13. СРЕДСТВА СО ПРАВО НА КОРИСТЕЊЕ

	Градежни објекти	Вкупно,
Набавна вредност		
Состојба на 1 јануари 2025 Ефект од почетна примена на МСФИ 16 - Договори за наем	34,732	34,732
Зголемување	3,943	3,943
Состојба на 31 декември 2025	38,675	38,675
Акумулирана амортизација		
Состојба на 1 јануари 2024	-	-
Трошок за годината	14,230	14,230
Состојба на 31 декември 2025	14,230	14,230
Нето сметководствена вредност на: 31 декември 2025	24,445	24,445

14. ВЛОЖУВАЊЕ ВО ПОДРУЖНИЦИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (51.00% сопственост)	384,373	384,373
НОВО ВЛТ ДОО Скопје (51.00% сопственост)	-	313,688
77 БИТС ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,008	139,008
ВЕЗУВ ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,008	139,008
МОЗЗАРТ ДОО Скопје (74.55% сопственост)	139,007	139,007
	801,396	1,115,084

За износот на уделите во подружниците од 801,396 илјади денари, Друштвото евидентираше премии од акции за удели во трговски друштва (Белешка 19). Овие вложувања произлегуваат од основање и учество во подружници во кои Друштвото има контролен удел, при што како придонес е внесено одредено право чија вредност не е поткрепена со соодветна документација, независна проценка или друг објективен и мерлив критериум врз основа на кој може да се утврдат евидентираните износи. Отсуството на соодветна правна и фактичка основа за внесувањето и вреднувањето на вложувањата укажува дека вложувањето е извршено спротивно на важечките законски прописи и на основните начела на законито и одговорно работење. Следствено, утврдената незаконитост не се однесува само на начинот на сметководствено евидентирање, туку и на самото преземање и реализирање на вложувањето.

На 24 септември 2024 година, Владата на Република Северна Македонија ја разгледа Информацијата во врска со потребата за престанување на друштвото НОВО ВЛТ ДОО Скопје и друштвата МОЗЗАРТ ДОО Скопје, 77 БИТС ДОО Скопје и ВЕЗУВ ДОО Скопје и го одобри работењето на Управниот одбор на Друштвото во врска со отпочнувањето на постапката за престанување на овие трговски друштва за приредување на електронски игри на среќа, во кои Друштвото е содружник. До датумот на одобрување на овие единечни финансиски извештаи, постапката за престанување е целосно завршена само за НОВО ВЛТ ДОО Скопје, додека постапките за останатите друштва се во тек. Друштвото не изврши детална проценка на нивната надоместлива вредност и не направи тест за обезвреднување на вложувањето во подружниците.

Поради очекуваните измени во Законот, Владата на Република Северна Македонија на 169-та седница одржана на 5 мај 2026 година, ја разгледа Информацијата за постапката за истапување на Друштвото од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа и укажува на Друштвото, преку своите надлежни органи, да ги преземе сите потребни правни, статусни и договорни дејствија за спроведување на постапката за истапување, да изврши усогласување на договорната и корпоративната документација, да ги донесе потребните одлуки и други правни акти и да ја подготви и поднесе потребната документација до Централниот регистар на Република Северна Македонија. Исто така, му укажа на Друштвото да достави до Владата посебна информација за правните постапки поврзани со избор на деловен соработник за контрола и организација на продажната мрежа за уплата на влогови преку видеолотариски терминали, по пат на објава на јавен повик. (Белешка 28).

15. ЗАЛИХИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Материјали и суровини	3,343	3,686
Залиха на грепки од игри на среќа	332,738	466,353
	336,081	470,039

Обврските за фонд на добивки во износ од 399,721 илјади денари се директно поврзани со евиденцијата на залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на инстант лозовите усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, според сметководствената евиденција на Друштвото за неисплатениот фонд на добивки на 31 декември 2025 година, износот е помал од износот во централниот online систем за 75,690 илјади денари.

15. ЗАЛИХИ (продолжение)

Дополнително, залихите на инстант лозовите од играта на среќа инстант лотарија не се усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари (Белешка 20).

16. ПОБАРУВАЊА ОД КУПУВАЧИ И ОСТАНАТИ ПОБАРУВАЊА

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Побарувања од купувачи во земјата	4	4
Побарувања од екстерни агенти	71,150	50,080
Побарувања од интерни трансакции со сопствени продажни места	26,425	11,809
Побарувања од игрите Кено	23,451	20,419
Побарувања од поврзани страни	786	116
	121,816	82,428
Побарување од гарантен депозит	1,149	1,149
Побарувања поврзани со играта Мегавин	106,794	84,790
Аванси за мали добивки	26,504	42,190
Спорни ненаплатени дневни пазари	6,628	12,636
Побарувања од вработени	320	607
Однапред платени трошоци	46,707	72,836
Останато	1,085	1,082
	189,187	215,290
	311,003	297,718

Побарувањата од купувачи во износ од 121,816 илјади денари вклучуваат побарувања од екстерни агенти во износ од 71,150 илјади денари, кои не се усогласени со евиденциите на екстерните агенти. Дополнително, за овие побарувања Друштвото не располага со соодветна старосна анализа на 31 декември 2025 година. Понатаму, во рамките на побарувањата од купувачи се евидентирани салда во износ од 26,425 илјади денари кои произлегуваат од интерни трансакции со сопствени продажни места на Друштвото, како и салда врз основа на приредување на игрите Кено во вкупен износ од 23,451 илјади денари. Врз основа на нивната природа и економска суштина, овие салда не произлегуваат од договорен однос кој создава право на Друштвото да прими парични средства од друга страна.

Останатите побарувања во износ од 189,187 илјади денари вклучуваат побарувања поврзани со приредувањето интернет игри на среќа преку онлајн платформата „Мегавин во износ од 106,794 илјади денари. Врз основа на природата на работењето преку онлајн платформата „Мегавин", кое се одвива со уплати и исплати на безготовинска основа, како и начинот на водење на евиденцијата, депозитите на играчите, неисплатените добивки и поврзаните безготовински движења, не треба да претставуваат побарувања на Друштвото. Понатаму, во рамките на останатите побарувања се евидентирани аванси за исплата на мали добивки во износ од 26,504 илјади денари, кои во најголемиот дел се однесуваат на средства дадени на уплатно – исплатни места од примарната продажна мрежа на Друштвото за потребите на тековното работење и исплата на добивки, а уплатно – исплатни места на Друштвото не претставуваат посебни правни субјекти и ваквите салда по својата економска суштина не претставуваат побарувања од трети лица. Дополнително, наведените салда не се усогласени со евиденциите на продажните места. Исто така, во рамките на останатите побарувања се евидентирани спорни ненаплатени дневни пазари во износ од 6,628 илјади денари, кои се неусогласени, а нивната наплатливост е неизвесна. Поврзано со сето горенаведено, во сметководствената евиденција се вршени значајни преноси и прекнижувања помеѓу сметките за депозити на играчи, неисплатени добивки, парични средства, преодни конта, интерни задолжувања и други поврзани салда, без јасна економска основа и без соодветна поткрепувачка документација.

Однапред платените трошоци во износ од 46,707 илјади денари на 31 декември 2025 година (2024: 72,836 илјади денари), се однесуваат на набавени станови, автобомили, скутери и други средства, наменети за стокови добивки од инстант лотариски игри на среќа, кои сеуште не се доделени.

17. КРАТКОРОЧНИ ПОЗАЈМИЦИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
АД Електрани на Република Северна Македонија,	92,543	92,543
ЈП Комуналец Битола	10,000	10,000
Пошта на Република Севера Македонија	180,000	150,000
	282,543	252,543

Краткорочните позајмици во износ од 282,543 илјади денари се бескаматни и имаат договорен рок на доспевање од 3-12 месеци. Овие позајмици вклучуваат краткорочни позајмици од минати години во износ од 252,543, кои имаат рок од 3-6 месеци, повеќекратно пролонгиран. До датумот на овие финансиски извештаи, позајмиците се со истечен рок на доспевање и склучени се анекси кон договорите со кој се утврдил рокот на враќање на позајмиците, при што Друштвото има последователно наплатено само 10,000 илјади денари од АД Електрани на Република Северна Македонија, од кои се очекува целосна наплата до крајот на 2026 година. Од останатите друштва нема реализирана наплата, ниту постојат утврдени планови или договорена динамика за нивно подмирување.

18. ПАРИ И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Тековна сметка:		
- во денари	854,161	278,755
Средства за исплата на добивки од игра на среќа	62,500	-
Пари во благајна:		
- во денари	(18,014)	1,018
- во странска валута	175	33
	898,822	279,806

Средствата за исплата на добивки од игра на среќа во износ од 62,500 илјади денари, во текот на првата половина од 2025 година беа повлечени од жиро-сметка на Друштвото во неколку наврати за исплата на добивки од игри на среќа и на 31 декември 2025 година сè уште се евидентирани на преодни сметки. Меѓутоа, овие средства не претставуваат расположливи парични средства на 31 декември 2025 година, ниту истите се потврдени со попис на парични средства на тој датум. Дополнително, парите во благајна вклучуваат и негативен износ од 18,014 илјади денари, кој произлегува од користење на преодни сметки, неусогласени побарувања и обврски и други привремени книжења, без соодветна поткрепувачка документација.

19. ГЛАВНИНА

Основна главнина

Согласно регистрацијата во Централен регистар на Република Северна Македонија, основната главнина на 31 декември 2025 година изнесува 4,500,000 евра, односно 276,355 илјади денари (2024: 4,500,000 евра, односно 276,355 илјади денари), од кои 1,000,000 евра се паричен влог, а 3,500,000 евра се непаричен влог. Основната главнина е распоредена на 45.000 обични акции кои ги поседува единствениот акционер, Република Северна Македонија, со номинална вредност од 100 евра по акција.

Премии на емитирани акции

Врз основа на Статутот на Друштвото (Службен весник на Република Северна Македонија, 10/2020), премијата на издадените акции е во износ од 6,244,898 евра, или 384,373 илјади денари, кој претставува основачки влог во подружницата Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје. Овој износ не е усогласен со сметководствената евиденција на премиите на емитирани акции, во износ од 1,115,084 илјади денари, а кој ги вклучува и вложувањата во останатите подружници (Белешка 13).

19. ГЛАВНИНА (продоллжение)

Законски резерви

Во согласност со локалната законска регулатива, Друштвото е обврзано секоја година да издвојува задолжителна резерва, која се формира по пат на зафаќање на 5% од нето добивката. Издвојувањето се врши додека резервата не достигне износ кој е еднаков на една десетина од основната главнина. До достигнување на законскиот минимум оваа резерва може да се користи само за покривање на загуба, а кога ќе го надмине предвидениот минимум вишокот може да се користи за исплата на дивиденди.

20. ОБВРСКИ КОН ДОБАВУВАЧИ И ОСТАНАТИ ОБВРСКИ

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Обврски кон добавувачи во земјата	47,823	73,332
Обврски кон добавувачи во странство	74,614	63,901
Обврски кон поврзани страни	357	348
	122,794	137,581
Обврска за примени аванси	7,711	1,598
Посебна давачка од игри на среќа	3,039	1,803
Обврски за паушали за игри на среќа	24,118	9,276
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
Обврска за дивиденда	790,083	487,043
Обврска за ДДВ	21,972	30,362
Обврска за данок на добивка	31,548	11
Обврски за останати даноци	37,501	1,092
Пресметани трошоци	13,829	8,385
Останати обврски	867	802
	1,331,508	995,398
	1,454,302	1,132,979

Обврските за фонд на добивки во износ од 399,721 илјади денари се директно поврзани со евиденцијата на залихите на грепки за игри на среќа, имајќи предвид дека залихите се евидентираат по целосната вредност на грепките усогласена за делот од добивката што му припаѓа на Друштвото, додека делот кој се однесува на добивките се евидентира како обврска за фонд на добивки. Притоа, според сметководствената евиденција на Друштвото за неисплатениот фонд на добивки на 31 декември 2025 година, износот е помал од износот во централниот online систем за 75,690 илјади денари. Дополнително, залихите на грепки за игри на среќа не се усогласени помеѓу сметководствената евиденција и централниот online систем, при што вкупната нето-разлика покажува дека залихите во сметководствената евиденција се поголеми за износ од 3,066 илјади денари (Белешка 15).

На 25 септември 2025 година, Друштвото исплати 244,501 илјади денари од обврската за дивиденда на сопственикот Република Северна Македонија. Понатаму, во согласност со Заклучоците од 167-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 април 2026 година, на Друштвото му е укажано да обезбеди финансиски средства во износ од 300,000 илјади денари од нераспределената дивиденда, наменети за спонзорирање на настани по повод одбележувањето на 35 години од независноста на државата. Во насока на реализација на оваа обврска, Друштвото спроведе постапка за избор на реализатор и склучи договор за спонзорство со друштвото СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, врз основа на јавен повик и донесена одлука за избор на најповолен понудувач. На 11 мај 2026 година, Друштвото изврши исплата на 300,000 илјади денари на СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, и за истиот износ ја намали обврската за дивиденда кон сопственикот Република Северна Македонија (Белешка 28).

21. ОБВРСКИ ЗА НАЕМ

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
Долгорочни	14,363	-
Краткорочни	14,029	-
		-
	28,392	-

	На 31 декември 2025	На 31 декември 2024
До 3 месеци	3,507	-
Од 3 месеци до 1 година	10,522	-
Од 1 до 5 години	14,363	-
		-
	28,392	-

22. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ

Поврзани страни на Друштвото се неговите подружници. Трансакциите се извршуваат во нормален тек на работење и нивната вредност не се разликува значително од условите кои преовладуваат во пазарните трансакции:

	Во илјади денари Година што завршува на 31 декември 2025	2024
Продажби на поврзани страни		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје	2,277	2,834
	2,277	2,834
Приходи од дивиденда:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје	612,402	612,784
	612,402	612,784

	Во илјади денари 31 декември 2025	2024
Побарувања од поврзани субјекти:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопј	786	116
	786	116
Обврски кон поврзани субјекти:		
Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопј	357	348
	357	348
Побарувања за краткорочни позајмици		
АД Електрани на Република Северна Македонија,	92,543	92,543
ЈП Комуналец Битола	10,000	10,000
Пошта на Република Севера Македонија	180,000	150,000
	282,543	252,543

22. ТРАНСАКЦИИ СО ПОВРЗАНИ СУБЈЕКТИ (продолжение)

Обврски за дивиденда:		
Влада на Република Северна Македонија	790,083	487,043
	790,083	487,043

Вкупните исплати за членовите на Управен одбор и Надзорен одбор изнесуваат 1,850 илјади денари (2024: 1,774 илјади денари).

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ

23.1 Управување со ризикот на капиталот

Друштвото управува со капиталот за да се обезбеди дека ќе продолжи да работи и во иднина според принципот на континуитет преку настојување да постигне оптимален баланс помеѓу долговите и вкупната главнина.

Структурата на главнината на Друштвото се состои од основна главнина, законски резерви и реинвестирана и акумулирана добивка.

Показател на задолженост

Раководството ја следи структурата на изворите на финансирање на Друштвото на годишна основа. Како дел од ова следење, Раководството ги анализира трошокот на капиталот и ризиците поврзани со секоја одделна класа на капиталот.

Показателот на задолженост е како што следува:

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Пари и парични еквиваленти	(898,822)	(279,806)
Нето долг	(898,822)	(279,806)
Вкупно главнина	1,872,352	1,994,251
Показател на задолженост	-	-

23.2 Категории на финансиски инструменти

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Финансиски средства		
Пари и парични еквиваленти	898,822	279,806
Побарувања од купувачи	121,816	82,428
Краткорочни позајмици	282,543	252,543
	1,303,181	614,777
Финансиски обврски		
Обврски кон добавувачи	122,794	137,581
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
Обврски за наем	28,392	-
	552,026	592,607

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.3 Цели на управување со финансиските ризици

Финансиските ризици го вклучуваат пазарниот ризик (девизен ризик и каматен ризик), кредитен ризик и ликвидносен ризик. Финансиските ризици се следат на временска основа, и се избегнуваат првенствено преку намалувањето на изложеноста на Друштвото на овие ризици. Друштвото не користи било какви специјални финансиски инструменти за да ги избегне овие ризици затоа што ваквите инструменти не се во широка употреба во Република Северна Македонија.

23.4 Пазарен ризик

Во текот на своето работење Друштвото е изложено првенствено на финансиските ризици од промена на курсот на странските валути и каматните стапки. Изложеноста на пазарниот ризик се следи преку анализата на сензитивноста. Немаше промена во изложеноста на Друштвото на пазарните ризици или начинот на кој Друштвото управува или го мери ризикот.

23.5 Управување со девизниот ризик

Друштвото е изложено на девизен ризик првенствено од орочените краткорочни депозити во банка и долгорочните обврски по основ на лиценци, како и обврските кон добавувачите и парите и паричните еквиваленти кои се деноминирани во странска валута. Друштвото не употребува посебни финансиски инструменти за намалувањето на овој ризик бидејќи таквите инструменти не се вообичаени во употреба во Република Северна Македонија.

Сметководствената вредност на монетарните средства и обврски на Друштвото деноминирани во странски валути е како што следува:

Во илјади денари

	СРЕДСТВА 31 декември 2025	ОБВРСКИ 31 декември 2025	СРЕДСТВА 31 декември 2024	ОБВРСКИ 31 декември 2024
ЕУР	175	74,614	33	63,901
	175	74,614	33	63,901

Анализа на сензитивноста на странски валути

Друштвото е единствено изложено на ЕУР. Следнава табела детално ја прикажува осетливоста на 10% зголемување и намалување на денарот во споредба со ЕУР. Анализата на сензитивноста ги вклучува единствено монетарните ставки деноминирани во странска валута на крајот на годината, при што се врши корекција на нивната вредност при промена на курсот на странската валута за 10%. Позитивниот износ подолу означува зголемување на добивката или на останатиот капитал и се јавува во случај доколку денарот ја зголеми својата вредност во однос на странската валута за 10%, додека негативниот износ означува намалување на добивката или на останатиот капитал и се јавува во случај доколку денарот ја намали својата вредност во однос на странската валута за 10%.

Во илјади денари

	Години што завршуваат на 31 декември	
	2025	2024
Добивка/(Загуба)	(7,444)	(6,387)

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.6 Управување со каматниот ризик

Друштвото е изложено на ризик од промени на каматните стапки првенствено од депозитите во банки со променливи каматни стапки. Друштвото управува со овој ризик преку следење на движењето на каматните стапки на пазарот и обновување на договорите со деловните банки.

	Во илјади денари	
	31 декември 2025	**31 декември 2024**
Финансиски средства		
Некаматоносни:		
- Пари и парични еквиваленти	898,822	279,806
- Побарувања од купувачи	121,816	82,428
- Краткорочни позајмици	282,543	252,543
	1,303,181	614,777
Финансиски обврски		
Некаматоносни:		
Обврски кон добавувачи	122,794	137,581
Фонд на добивки	399,721	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,007
	523,634	592,607
Фиксна каматна стапка:		
Обрски за наем	28,392	-
	552,026	592,607

Анализа на сензитивноста на каматни стапки

Анализата на сензитивноста е одредена врз основа на изложеноста на Друштвото на промена на каматните стапки на финансиските инструменти на денот на единечниот извештај за финансиска состојба. За финансиските инструменти со варијабилни каматни стапки, анализата е подготвена под претпоставка дека износите на крајот на годината биле непроменети во текот на целата година. При подготвувањето на анализата на сензитивноста на промените на каматните стапки, користено е зголемување или намалување на каматните стапки за 2 процентни поени, што претставува разумна процена на раководството за можните промени на каматните стапки.

На 31 декември 2025 и 2024 година Друштвото нема каматоносни финансиски инструменти.

23.7 Управување со кредитниот ризик

Кредитниот ризик се однесува на ризикот од неисполнување на договорените обврски од страна на деловните партнери, што би резултирало во финансиски загуби за Друштвото.

Сметководствената вредност на финансиските средства презентирани во овие финансиски извештаи ја претставува максималната изложеност на друштвото на кредитен ризик. Финансиските средства не се обезбедени со било каков колатерал.

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2025 година е како што следува:

			Во илјади денари
	Бруто изложеност	**Исправка на вредноста**	**Нето изложеност**
Доспеани, но необезвреднети побарувања	121,816	-	121,816
Доспеани, обезвреднети побарувања	12,364	(12,364)	-
	134,180	(12,364)	121,816

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.7 Управување со кредитниот ризик (продолжение)

Структурата на побарувањата од купувачите на 31 декември 2024 година е како што следува:

	Бруто изложеност	Исправка на вредноста	Во илјади денари Нето изложеност
Доспеани, но необезвреднети побарувања	82,428	-	82,428
Доспеани, обезвреднети побарувања	12,364	(12,364)	-
	94,792	(12,364)	82,428

Друштвото не располага со старосна анализа на доспеаните, но необезвреднетите побарувања за годината што завршува на 31 декември 2025 и 2024.

23.8 Управување со ликвидносниот ризик

Табели за ликвидносен и каматоносен ризик

Следните табели детално ја прикажуваат преостаната договорна доспеаност на недериватните финансиски обврски. Табелите се изготвени врз основа на недисконтираните готовински текови на финансиските обврски.

Во илјади денари
31 декември 2025

	Просечна пондер. ефект. каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Со фиксна каматна стапка	4.65%	1,169	2,338	10,522	14,363	-	28,392
Некаматоносни	0%	523,634	-	-	-	-	523,634
		524,803	2,338	10,522	14,363	-	552,026

Во илјади денари
31 декември 2024

	Просечна пондер. ефект. каматна стапка	До 1 месец	Од 1-3 месеци	Од 3 месеци до 1 година	Од 1-5 години	Над 5 години	Вкупно
Некаматоносни	0%	592,607	-	- -	- -	-	592,607
		592,607	-	- -	- -	-	592,607

23. ФИНАНСИСКИ ИНСТРУМЕНТИ (продолжение)

23.9 Објективна вредност на финансиските инструменти

Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски е одредена на следниот начин:

- Објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски со стандардни услови, со кои се тргува на активните ликвидни пазари, се одредува врз основа на котираните пазарни цени;
- Објективната вредност на останатите финансиски средства и финансиски обврски (со исклучок на деривативните инструменти) се одредува во согласност со општо прифатените модели на вреднување кои се базираат на анализа на готовинските текови, со користење на цени од објавените тековни пазарни трансакции и понудени цени од деловните партнери за слични инструменти.

Сметководствена вредност во споредба со објективната вредност

Сметководствената вредност во споредба со објективната вредност е како што следува:

Во илјади денари

	31 декември 2025		31 декември 2024	
	Сметко-водствена вредност	Објективна вредност	Сметко-водствена вредност	Објективна вредност
Финансиски средства				
Пари и парични еквиваленти	898,822	898,822	279,806	279,806
Побарувања од купувачи	121,816	121,816	82,428	82,428
Краткорочни позајмици	282,543	282,543	252,543	252,543
	1,303,181	1,303,181	614,777	614,777
Финансиски обврски				
Обврски кон добавувачи	122,794	122,794	137,581	137,581
Фонд на добивки	399,721	399,721	454,019	454,019
Обврски за исплата на добитници	1,119	1,119	1,007	1,007
Обврски за наем	28,392	28,392	-	-
	552,026	552,026	592,607	592,607

Претпоставки користени при одредувањето на објективната вредност на финансиските средства и финансиските обврски

Со оглед на фактот дека не постои доволно пазарно искуство, стабилност и ликвидност за купувањата и продажбите на финансиските средства и обврски, како и со оглед на тоа дека не постојат објавени пазарни информации, за целите на обелоденувањата поврзани со објективната вредност на финансиските средства и обврски, Друштвото ја користеше техниката на анализа на дисконтираните готовински текови. При ваквата техника на вреднување се користат каматните стапки за финансиски инструменти со слични карактеристики, со цел да се добијат релевантни проценки на цените од тековните пазарни трансакции. Земајќи ја предвид краткорочноста на побарувањата не постои значајно отстапување на нивната сметководствена вредност во однос на нивната објективна вредност.

24. ДАНОЧЕН РИЗИК

Во Република Северна Македонија тековно во сила се неколку даночни закони, кои се воведени од страна на Министерството за финансии на Република Северна Македонија. Овие даноци вклучуваат: данок на додадена вредност, данок на добивка, персонален данок на доход и останати даноци. Освен тоа, регулативите кои се однесуваат на овие даноци не беа на сила подолг период, спротивно на сличната легислатива во развиените пазарни економии. Дополнително, регулативите кои ја дефинираат имплементацијата на овие закони, често се нејасни или воопшто не постојат. Постојат спротивставени мислења, кои се однесуваат на правното толкување на регулативата, помеѓу различни министерства и државни организации. На тој начин се креираат неизвесности, како и правни конфликти. Даночните биланси, вклучувајќи ги и сите останати полиња на даночна регулатива (како што се увозните царини), можат да бидат предмет на преглед и контрола од неколку соодветни даночни власти, кои можат да проценат значајни казни и пенали.

Толкувањето на даночната легислатива од страна на даночните власти, применета врз трансакциите и активностите на Друштвото, може да не коинцидира со толкувањата на Раководството. Како резултат на тоа, трансакциите можат да бидат оспорени од даночните власти и од Друштвото може да биде побарано да плати дополнителни даноци, пенали и камати, кои можат да бидат значајни. Документацијата на Друштвото останува отворена за контрола од страна на даночните и царинските власти, за период од пет години. Ова практично значи дека даночните власти можат да одредат плаќање на дополнителни обврски во период од пет години од настанувањето на даночната обврска. Горенаведените објаснувања создаваат даночни ризици во Република Северна Македонија, кои се суштински позначајни од оние кои се вообичаени во земјите со повеќе развиени даночни системи.

Друштвото остварува значајни трансакции со поврзаните страни. Исто така, раководството на Друштвото смета дека поседува доволна и адекватна документација во врска со трансферните цени, но постои одредена неизвесност во поглед на барањата и толкувањата на даночните и другите органи кои можат да се разликуваат од оние на раководството. Раководството на Друштвото смета дека различните толкувања нема да имаат значајни ефекти врз единечните финансиски извештаи на Друштвото.

25. СПРОВЕДЕНИ ПОСТАПКИ ОД ОСНОВНОТО ЈАВНО ОБВИНИТЕЛСТВО СКОПЈЕ

Јавен обвинител од Основното јавно обвинителство Скопје на 16 декември 2025 година донесе Наредба за спроведување истражна постапка за проневера во Друштвото, против две лица за кои постои основано сомнение дека како соизвршители сториле кривично дело - Проневера во службата од член 354 став 3 во врска со став 1 од Кривичниот законик. За уште четири лица е поведена постапка за кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување од член 353 став 5 во врска со став 4 и став 1 од Кривичниот законик.

На 26 декември 2025 година, Основното јавно обвинителство Скопје, постапувајќи по кривична пријава од Управата за финансиска полиција, поведе постапка против две физички и едно правно лице за злоупотреба при јавни набавки во Друштвото.

26. РЕВИЗИЈА НА РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО ОД СТРАНА НА ДРЖАВНИОТ ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

Актуелното раководство на Друштвото, со допис број 02-6328/1 од 12 септември 2024 година, се обрати до Државниот завод за ревизија поради утврдени неправилности и нерегуларности во финансиското работење на Друштвото, со барање да се изврши ревизија на работењето во претходниот период. По спроведената ревизија, во периодот од април до крајот на октомври 2025 година, во Извештајот на Државниот завод за ревизија беа констатирани сериозни и системски неправилности во финансиското работење на Друштвото, настанати во периодот на управување од страна на поранешното раководство.

Заради воспоставување засилена внатрешна контрола, обезбедување законито, транспарентно и одговорно постапување, како и спречување на повторување на исти или слични неправилности во иднина, Генералниот директор на Друштвото донесе соодветни Протоколи со кои се уредуваат постапките, надлежностите, одговорностите и механизмите за контрола при финансиското и административното работење на Друштвото. Со донесувањето и примената на овие Протоколи се воспоставува јасна трага на постапување, се зајакнува системот на внатрешни контроли и се обезбедуваат услови за навремено откривање, спречување и санкционирање на евентуални неправилности.

27. ДЕВИЗНИ КУРСЕВИ

Официјалните девизни курсеви користени при искажувањето на билансните позиции деноминирани во странска валута, на 31 декември се следните:

		Во денари
	31 декември 2025	31 декември 2024
ЕУР	61.4950	61.4950

28. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ

Спроведување на истражна постапка

Во врска со спроведувањето истражна постапка за проневера во Друштвото (Белешка 23), на 23 февруари 2026 година, излезе соопштение од Основното јавно обвинителство Скопје дека второосомничениот, осомничен заедно со уште пет лица, доброволно се пријавил на органите на прогонот и изразил подготвеност да соработува со надлежните органи. Основното јавно обвинителство Скопје ќе ја продолжи постапката за истиот со цел донесување на јавнообвинителска одлука. На барање на второосомничениот, преку неговата одбрана, истиот беше спроведен пред надлежниот обвинител каде вршеше увид во списите на предметот, но поради обемноста на доказниот материјал увидот ќе продолжи, по што на второосомничениот ќе му биде овозможено да ја даде својата одбрана.

Обврска за дивиденда

Во согласност со Заклучоците од 167-та седница на Владата на Република Северна Македонија одржана на 28 април 2026 година, на Друштвото му е укажано да обезбеди финансиски средства во износ од 300,000 илјади денари од нераспределената дивиденда, наменети за спонзорирање на настани по повод одбележувањето на 35 години од независноста на државата. Во насока на реализација на оваа обврска, Друштвото спроведе постапка за избор на реализатор и склучи договор за спонзорство со друштвото СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, врз основа на јавен повик и донесена одлука за избор на најповолен понудувач. На 11 мај 2026 година, Друштвото изврши исплата на 300,000 илјади денари на СТАРДАСТ ДООЕЛ Скопје, и за истиот износ ја намали обврската за дивиденда кон сопственикот Република Северна Македонија (Белешка 20).

Истапување од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје

Во Република Северна Македонија се работи на измени на Законот за игри на среќа, при што Владата на Република Северна Македонија, поднесе Предлог на закон за игрите на среќа и за забавните игри до Собранието на Република Северна Македонија на 12 мај 2026 година. Една од значајните предлог измени се однесува на член 7 од Законот, според кој приредувањето на игрите на среќа и забавните игри е право на Република Северна Македонија, односно, лотариските игри на среќа, освен томболата од затворен тип, електронските и интернет игрите на среќа Република Северна Македонија самостојно ги приредува со основање на трговско друштво за приредување на игрите на среќа во кое Република Северна Македонија е единствен акционер. Трговското друштво интернет игрите на среќа ќе ги приредува врз основа на добиена лиценца за приредување на интернет игри на среќа. За целите за приредување на електронски и интернет игри на среќа, трговското друштво може да ангажира надворешни правни лица избрани преку јавен повик.

28. НАСТАНИ ПО ПЕРИОДОТ НА ИЗВЕСТУВАЊЕ (продолжение)

Истапување од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје (продолжение)

Поради очекуваните измени во Законот, Владата на Република Северна Македонија на 169-та седница одржана на 5 мај 2026 година, ја разгледа Информацијата за постапката за истапување на Друштвото од Државна видеолотарија на Македонија - Касинос Аустриа ДОО Скопје, со цел повлекување на непаричниот влог кој се состои од правото за приредување електронски игри на среќа и ја усвои со следните заклучоци:

- Се укажува на Друштвото, преку своите надлежни органи, да ги преземе сите потребни правни, статусни и договорни дејствија за спроведување на постапката за истапување, да изврши усогласување на договорната и корпоративната документација, да ги донесе потребните одлуки и други правни акти и да ја подготви и поднесе потребната документација до Централниот регистар на Република Северна Македонија.
- Се укажува на Друштвото да достави до Владата посебна информација за правните постапки поврзани со избор на деловен соработник за контрола и организација на продажната мрежа за уплата на влогови преку видеолотариски терминали, по пат на објава на јавен повик (Белешка 14).

Престанок на подружниците на Друштвото

Во врска со Одлуката на Владата на Република Северна Македонија од 24 септември 2024 година за престанок на подружниците (Белешка 13), постапките за нивен престанок се наоѓаат во следните фази:

- Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС“ ДОО Битола се наоѓа во фаза на одлучување пред второстепениот суд, по жалбата изјавена од туженото друштво против првостепената пресуда со која во целост е усвоено тужбеното барање на Друштвото и е изречен престанок на туженото друштво.
- Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ“ ДОО Скопје се наоѓа во завршна фаза. Имајќи го предвид дотогашниот тек на постапката, се очекува донесување пресуда со која тужбеното барање на Друштвото ќе биде усвоено во целост и ќе биде изречен престанок на туженото друштво.
- На 26 јуни 2026 година, во писарницата на Државна лотарија е примена Пресудата 58 ТС1-289/24 на Основниот граѓански суд Скопје, со која во целост е усвоено тужбеното барање на Друштвото и е изречен престанок на Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ“ ДОО Скопје.

Друштвото продолжува да го следи текот на постапките и да ги презема потребните правни дејствија за заштита на своите права и интереси. Имајќи ги предвид донесените првостепени пресуди и дотогашниот тек на постапките, се очекува нивно завршување со позитивен исход за Друштвото.

Нема други настани по периодот на известување кои бараат корекција или дополнително обелоденување во единечните финансиски извештаи за годината што завршува на 31 декември 2025 година.

ПРИЛОГ 1 – ЕДИНЕЧЕН ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

АКЦИОНЕРСКО ДРУШТВО ЗА ПРИРЕДУВАЊЕ ИГРИ НА СРЕЌА

ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА

ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО
ЗА ДЕЛОВНАТА 2025 ГОДИНА

Скопје, јуни 2026 година

С О Д Р Ж И Н А

ВОВЕД 3

ИСТОРИЈАТ НА ДРУШТВОТО 4

ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ И ОСНОВНА ЦЕЛ НА ДРУШТВОТО ..... 5.

ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО НА ДРУШТВОТО 6

АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА ..... 7.

ОРГАНИ НА УПРАВУВАЊЕ 7

ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО ..... 9.

СТРАТЕГИЈА И МИСИЈА НА ДРУШТВОТО 15

ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ НА ДРУШТВОТО 16

ПРОДАЖБА И ПРОДАЖНА МРЕЖА 22

КОМЕРЦИЈАЛНИ И ЛОГИСТИЧКИ РАБОТИ 24

КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА И МАРКЕТИНГ 26

ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ 31

РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ НАБАВКИ.....38

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО.....39

СПРЕЧУВАЊЕ ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ ТЕРОРИЗАМ.....52.

КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ.....57

ЗАКЛУЧОК.....61

ВОВЕД

Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2025 година, претставува систематизиран и сеопфатен приказ на работењето, остварените резултати и развојните определби на Друштвото во текот на извештајниот период.

Во Извештајот се опфатени историјатот на Друштвото, предметот на работење и неговата основна цел, главните фактори и околности што влијаеле врз работењето во текот на 2025 година, акционерскиот капитал и сопственичката структура, органите на управување и надзор, како и организациската поставеност на Друштвото.

Посебно се разработени стратегијата и мисијата на Друштвото, постигнувањата и перспективите за натамошен развој, активностите во областа на продажбата и продажната мрежа, маркетиншката соработка и промоцијата, како и финансиските резултати од работењето.

Извештајот содржи и осврт на активностите поврзани со спречувањето перење пари и финансирање тероризам, како и на корпоративната општествена одговорност, преку која Друштвото го остварува својот придонес кон проекти и иницијативи од поширок јавен и општествен интерес.

Во завршниот дел се содржани заклучни согледувања за работењето на Друштвото во 2025 година, со осврт на постигнатите резултати, предизвиците во извештајниот период и основните насоки за неговиот натамошен развој.

I. ИСТОРИЈАТ НА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост – Државна лотарија на Република Северна Македонија е основано како акционерско друштво во целосна сопственост на Република Северна Македонија. Друштвото е запишано во Трговскиот регистар што се води при Централниот регистар на Република Северна Македонија на 17 декември 2008 година, а со организирано приредување игри на среќа официјално започнува во 2010 година.

Во периодот што следува, Друштвото бележи континуиран институционален и деловен развој, преку воведување нови видови игри на среќа, унапредување и модернизација на постојните производи, како и континуирано приспособување на своето работење кон современите технолошки, пазарни и регулаторни барања. Посебно внимание се посветува на обезбедувањето транспарентност, регуларност и сигурност во сите фази на приредувањето на игрите на среќа.

Паралелно со развојот на производното портфолио и продажната мрежа, Друштвото континуирано ги унапредува техничките, информациските и безбедносните системи, со цел обезбедување сигурно, доверливо и контролирано приредување на игрите на среќа, како и соодветна заштита на интересите на учесниците и на јавниот интерес.

Од почетокот на 2016 година, Државната лотарија започнува со засилена промоција и практична примена на концептот на одговорно играње, преку реализација на едукативни и информативни кампањи, воспоставување соработка со релевантни институции и организации и подигнување на јавната свест за одговорното учество во игрите на среќа. Во истиот период беше воспоставен и нов корпоративен визуелен идентитет, насочен кон унапредување на имиџот на Друштвото и зголемување на препознатливоста и конзистентноста на брендот.

Почнувајќи од 5 август 2024 година, Државната лотарија влегува во нова фаза на стратешка и организациска трансформација, насочена кон унапредување на деловната ефикасност, воведување иновативни решенија, јакнење на корпоративното управување и општествената одговорност, како и обезбедување долгорочна финансиска, оперативна и институционална одржливост.

Во рамките на своето работење, Државната лотарија континуирано ги применува начелата и стандардите на законитост, безбедност, транспарентност, отчетност и контрола на регуларноста, со цел обезбедување квалитетна, сигурна и професионална услуга за сите корисници. Овие принципи претставуваат основа на довербата што Друштвото ја гради и одржува во јавноста и се од суштинско значење за неговиот понатамошен развој и институционален интегритет.

Следејќи ги добрите практики на европските и светските лотариски организации, Државната лотарија посветува особено внимание на натамошното унапредување на принципите на одговорно играње. Преку едукативни активности, информативни кампањи, институционална соработка и поддршка на општествено значајни иницијативи, Друштвото придонесува кон подигнување на јавната свест за социјалните аспекти на игрите на среќа и кон заштитата на јавниот интерес во Република Северна Македонија.

II. ПРЕДМЕТ НА РАБОТЕЊЕ И ОСНОВНА ЦЕЛ НА ДРУШТВОТО

Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија е основано како акционерско друштво во целосна сопственост на државата и е регистрирано за вршење на основната дејност со шифра 92.000 – Дејности на коцкање и обложување.
Основната дејност на Друштвото е организирање и приредување игри на среќа во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива на Република Северна Македонија, Статутот и општите акти на Друштвото, при доследна примена на високи стандарди на регуларност, транспарентност, безбедност, отчетност и одговорност во работењето.

Основната цел на основањето и функционирањето на Друштвото е обезбедување одржлив, законски уреден и општествено одговорен модел на приредување игри на среќа, кој, од една страна, создава можности за забава и рекреација на граѓаните, а од друга страна придонесува кон развојот на заедницата и остварувањето на поширокиот јавен интерес.
Преку вршењето на својата дејност, Друштвото остварува приходи што претставуваат значаен извор на средства за Буџетот на Република Северна Македонија. На тој начин, работењето на Државната лотарија има пошироко економско и општествено значење, надминувајќи ја исклучиво комерцијалната димензија на приредувањето игри на среќа.

Дел од средствата што се обезбедуваат преку приредувањето игри на среќа се насочуваат кон финансирање програми и активности од јавен и општествен интерес, вклучително и активности на здруженија и организации што работат со лица со попреченост, организации што придонесуваат за развојот и унапредувањето на спортот, како и хуманитарни активности и иницијативи, меѓу кои и поддршката на Црвениот крст на Република Северна Македонија.
Дополнително, Друштвото е посветено на промовирање одговорно играње, подигнување на јавната свест за социјалните аспекти на игрите на среќа и обезбедување висококвалитетна, етичка и општествено прифатлива услуга.

На овој начин, Државната лотарија не само што извршува економски и законски значајна функција, туку активно учествува и во создавањето позитивни општествени вредности, поддршката на проекти од јавен интерес и унапредувањето на квалитетот на животот во заедницата.

III. ГЛАВНИ ФАКТОРИ И ОКОЛНОСТИ ОД ВЛИЈАНИЕ ВРЗ РАБОТЕЊЕТО ВО 2025 ГОДИНА

Деловната 2025 година се одвиваше во сложено и динамично економско окружување, обележано со продолжено влијание на глобалните економски, геополитички и пазарни неизвесности. Нивните ефекти се одразуваа врз меѓународната трговија, ценовната стабилност, пазарот на трудот, финансиските текови, како и врз фискалните и монетарните политики.
Економските активности во текот на 2025 година беа под влијание на сè уште заострените глобални финансиски услови, умереният раст на меѓународната трговија и променливата доверба кај деловните субјекти и потрошувачите. Геополитичките тензии, нарушувањата во синџирите на снабдување и нестабилноста на енергетските и суровинските пазари дополнително придонесуваа кон создавање неизвесно и комплексно деловно окружување.

Секторот на игрите на среќа, како составен дел од поширокиот економски и општествен амбиент, исто така беше изложен на влијанието на овие фактори. Промените во потрошувачките навики, зголемените оперативни трошоци, забрзаниот технолошки развој и растечките очекувања на корисниците наметнаа потреба од навремено приспособување, внимателно планирање и стратешко управување со расположливите ресурси.

Во такви услови, Државната лотарија како приоритет ги постави одржувањето на тековната ликвидност, финансиската стабилност, континуитетот на деловните процеси и законитото и ефикасно извршување на основната дејност.Преку преземање навремени, внимателно планирани и одговорни мерки, Друштвото во текот на 2025 година обезбеди континуитет во работењето и реализација на активностите во согласност со утврдените цели и надлежности. И покрај сложените надворешни околности, Друштвото ја заврши деловната година со изразена институционална и оперативна отпорност, одговорност и доследност во остварувањето на својата мисија.

IV. АКЦИОНЕРСКИ КАПИТАЛ И СОПСТВЕНИЧКА СТРУКТУРА

Основната главнина на Друштвото изнесува 276.345.000 денари, односно 4.500.000 евра, од кои 3.500.000 евра претставуваат непаричен влог, согласно со проценка извршена од овластен проценител, додека 1.000.000 евра претставуваат паричен влог, пресметан според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија и уплатен при уписот на Друштвото.

Основната главнина е поделена на 45.000 обични акции, во сопственост на акционерот Република Северна Македонија. Номиналната вредност на секоја акција изнесува 100 евра, пресметана според средниот курс на Народната банка на Република Северна Македонија, објавен еден ден пред денот на усвојувањето на Одлуката за изменување на Статутот.

Управно-административното седиште на Државната лотарија се наоѓа во Скопје, на булевар „Гоце Делчев" бр. 8.

V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Управувањето и надзорот над работењето на Друштвото се остваруваат преку статутарно утврдените органи, во согласност со нивните права, обврски и надлежности определени со Законот за трговските друштва, Законот за игрите на среќа и забавните игри, Статутот на Друштвото и другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

Органи на Друштвото се Собранието, Надзорниот одбор и Управниот одбор.

Во рамките на корпоративното управување, активностите на органите на Друштвото се спроведуваат врз основа на соодветна фактичка, правна и документарна основа, со почитување на начелата на законитост, отчетност, транспарентност, финансиска одржливост и оперативна ефикасност.

Собрание на Друштвото

Собранието е највисок орган на Друштвото.

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Северна Македонија, во својство на претставник на единствениот акционер – Република Северна Македонија.

Надзорен одбор

Надзорниот одбор врши надзор над материјално-финансиското работење на Друштвото, како и надзор и контрола над работењето и управувањето што го врши Управниот одбор, во рамките на надлежностите утврдени со закон и со Статутот на Друштвото.

Согласно со Статутот на Друштвото, Надзорниот одбор го сочинуваат пет члена, од кои двајца се независни членови. Членовите на Надзорниот одбор ги избира Собранието на Друштвото, односно Владата на Република Северна Македонија.

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор го сочинуваа пет члена, избрани од Собранието на Друштвото.

Во текот на деловната 2025 година, Надзорниот одбор одржа вкупно 9 (девет) состаноци. Во рамките на своите законски и статутарни надлежности, на состаноците беа разгледувани прашања од значење за законитото, финансиски одржливото и оперативно ефикасното работење на Друштвото, како и актуелни прашања и предизвици со кои Друштвото се соочуваше во извештајниот период.

Сите состаноци на Надзорниот одбор беа навремено и стручно подготвени, при што на членовите им беа доставувани соодветни пишани материјали поврзани со предложениот дневен ред.

За секој одржан состанок се водеа записници, кои беа потпишани од присутните членови на Надзорниот одбор и претставуваат составен дел од архивскиот и документарниот материјал создаден во текот на 2025 година во Друштвото.

Во текот на извештајниот период, Надзорниот одбор донесе повеќе акти и одлуки од значење за работењето на Друштвото, во согласност со своите законски и статутарни надлежности. Надзорниот одбор, исто така, даваше мислења, предлози и насоки на органите на управување и раководење на Друштвото во однос на правците на развој и реализација на активностите поврзани со приредувањето на игрите на среќа и другите сегменти од работењето на Друштвото.

Управен одбор

Управниот одбор го сочинуваат пет члена. Согласно со член 12 од Статутот на Друштвото и одредбите од Законот за трговските друштва, членовите на Управниот одбор ги избира Надзорниот одбор.

Согласно со Статутот на Друштвото, претседателот на Управниот одбор го носи називот генерален директор на Друштвото, додека заменик-претседателот на Управниот одбор го носи називот заменик-генерален директор на Друштвото.

Во текот на деловната 2025 година, Управниот одбор одржа вкупно 21 (дваесет и еден) состанок.

На состаноците на Управниот одбор беа разгледувани и се одлучуваше за прашања од значење за редовното, финансиското, развојното и оперативното работење и функционирање на Друштвото.
Работењето на Управниот одбор во извештајниот период се одликуваше со професионален и одговорен пристап, како и со активна вклученост на членовите во разгледувањето и одлучувањето за прашањата од нивна надлежност.

Сите состаноци на Управниот одбор беа навремено и стручно подготвени, при што на членовите им беа доставувани пишани материјали поврзани со точките од предложениот дневен ред.За секој одржан состанок се водеа записници, кои беа потпишани од присутните членови на Управниот одбор и претставуваат составен дел од архивскиот и документарниот материјал на Друштвото.
Во периодот опфатен со овој Извештај, Управниот одбор донесе повеќе акти и одлуки од значење за законитото, ефикасното и непречено работење на Друштвото.

Стручната, правната и административната подготовка на материјалите за органите на Друштвото придонесуваше одлуките да се донесуваат врз основа на соодветна правна аргументација, целосна документарна основа и формално-правна усогласеност, што е од особено значење за правната сигурност, транспарентноста и отчетноста во корпоративното управување.

VI. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ДРУШТВОТО

Работењето на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост – Државна лотарија на Република Северна Македонија е организирано врз принципот на функционално и стручно извршување на следните групи работи:

– работи поврзани со организирањето и приредувањето игри на среќа;
– материјално-финансиски работи;
– комерцијални и продажни работи;
– нормативно-правни работи и работи од областа на управувањето со човечките ресурси;
– стручно-аналитички работи;
– информатичко-комуникациски работи;
– стручно-административни работи; и
– оперативни и други работи неопходни за непречено вршење на дејноста на Друштвото.

Заради обединување на повеќе меѓусебно поврзани функции, рационално организирање на работата и работните процеси, како и обезбедување сеопфатно следење, координација и контрола на деловните активности, работењето на Друштвото е организирано во сектори и служби.

Со секторите раководат директори на сектори, додека со службите раководат соодветно определени раководни лица. Раководните лица за својата работа, законитото и навремено извршување на задачите и реализацијата на утврдените цели му одговараат на генералниот директор на Друштвото.
Организациската поставеност на Друштвото е насочена кон обезбедување јасна распределба на надлежностите и одговорностите, функционална поврзаност на организационите единици, навремено донесување и спроведување на деловните одлуки, како и целосна следливост и документираност на работните процеси.

На 31 декември 2025 година, во Друштвото беа вработени вкупно 96 (деведесет и шест) лица, со следната квалификациска структура:

Степен на стручна подготовка	**Број на вработени**
Средна стручна подготовка – ССС	28
Виша стручна подготовка – ВШС	/
Висока стручна подготовка – ВСС	68
Вкупно	96

Согласно со склучениот менаџерски договор, бруто-платата на генералниот директор е утврдена во износ од 199.653,00 денари.
Согласно со склучениот менаџерски договор со заменик-генералниот директор, неговата бруто-плата е утврдена во износ од 169.705,00 денари.
Месечниот нето-надоместок на членовите на органите на управување и надзор на Државната лотарија, за периодот од 1 јануари 2025 до 31 декември 2025 година, изнесуваше:

Управен одбор

Функција	**Месечен нето - надоместок**
Претседател	18.000,00 денари
Член	15.000,00 денари

Надзорен одбор

Функција	Месечен нето - надоместок
Претседател	10.310,00 денари
Член	10.310,00 денари

Имајќи предвид дека успешноста, стабилноста и развојот на Друштвото во значителна мера зависат од професионалноста, стручноста и ангажираноста на неговите вработени, Државната лотарија од почетокот на своето работење континуирано воспоставува и поддржува високи стандарди на интегритет, одговорност, професионалност и етичко однесување.

Вработените во Државната лотарија континуирано се поттикнуваат да ја имаат предвид важноста на своите работни задачи, овластувања и одговорности, да постапуваат совесно и професионално и да придонесуваат кон законито, транспарентно, ефикасно и одговорно работење на Друштвото.

Преку доследно почитување на професионалните и етичките стандарди, вработените непосредно придонесуваат за одржување и натамошно зголемување на довербата во Државната лотарија, за заштита на нејзиниот институционален углед и за обезбедување квалитетно извршување на дејноста од јавен интерес.

Друштвото континуирано го насочува своето внимание кон унапредување на корпоративната култура, стручното усовршување на вработените, развивањето на нивните професионални компетенции и обезбедувањето безбедни, достоинствени и соодветни услови за работа.

На овој начин се создаваат предуслови Друштвото да постапува во согласност со принципите на корпоративното управување, деловната и професионалната етика, нормативната усогласеност и општествената одговорност. Доследната примена на овие принципи придонесува кон јакнење на институционалниот углед, финансиската стабилност, оперативната ефикасност и долгорочната одржливост на Друштвото.

Во текот на 2025 година, Секторот за правни работи преземаше активности поврзани со подготовка, правна обработка, проверка и усогласување на договори и анекси кон договори од значење за работењето на Друштвото.

Овие активности опфаќаа договорни односи од повеќе области, меѓу кои:

- договори и анекси поврзани со финансиски односи и обезбедување на средства;
- договори за деловна соработка поврзани со продажната мрежа и реализацијата на игрите на среќа;
- договори поврзани со обезбедување софтверски и онлајн платформски услуги со играчки содржини за приредување интернет игри на среќа;
- договори за спонзорства и донации;
- договори поврзани со закуп и други потреби за редовно функционирање на Друштвото;
- други договори и правни инструменти произлезени од одлуките на надлежните органи.
-

Посебно значење во договорното работење имаше подготовката и правното следење на договорите за деловна соработка преку кои се обезбедува функционалноста на продажната мрежа на Друштвото. Со овие договорни односи се уредуваат прашања поврзани со приемот на уплати за игрите на среќа што ги приредува Друштвото, исплатата на добивките до законски дозволениот износ, административните и сметководствените работи поврзани со продажбата и исплатата на добивките, како и други активности поврзани со продажбата на игрите на среќа согласно со насоките и правилата на Друштвото.

Правната обработка на договорите беше спроведувана со цел да се обезбеди јасно утврдување на правата и обврските на договорните страни, заштита на интересите на Друштвото, контрола на потенцијалните договорни ризици и создавање сигурна правна основа за реализација на деловните активности.

СУДСКИ И ДРУГИ ПОСТАПКИ И ПРАВНА ЗАШТИТА НА ИНТЕРЕСИТЕ НА ДРУШТВОТО

Важен сегмент од работењето на Секторот за правни работи во извештајниот период претставуваше следењето и координацијата на судските и другите постапки што се водат пред надлежните судови, државни органи и институции, а во кои Друштвото има својство на странка, учесник или субјект од кој се бара определено постапување.

Во рамките на оваа функција, Секторот:

- водеше и ажурираше евиденција за судските и другите предмети;
- обезбедуваше прибирање, подготвување и систематизирање на потребната документација;
- остваруваше континуирана координација со ангажираните правни застапници на Друштвото;

- учествуваше во подготовка на правни информации, мислења и одговори поврзани со конкретни предмети;
- се грижеше за навремено и уредно постапување по барања и достави од надлежни органи.

Ваквиот пристап овозможуваше навремена правна реакција, подобра контрола на предметите и соодветна заштита на правните и имотните интереси на Друштвото. Истовремено, систематското следење на предметите придонесува кон управување со правниот ризик и обезбедување институционална подготвеност за постапување во секој конкретен случај.

Во текот на извештајниот период беа преземени активности за престанок на учеството на АД Државна лотарија во НОВО ВЛТ ДОО Скопје. Како модел за спроведување на постапката беше утврдена статусна промена преку поделба, согласно член 517 и член 518 од Законот за трговските друштва. Беа одржани повеќе средби и преговори со содружникот ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, кој поседува удел од 49%, заради усогласување на правната форма, условите и временската динамика на постапката. Беше изработен План за поделба на НОВО ВЛТ ДОО Скопје, со кој беше предвидена комбинирана поделба со раздвојување со основање и раздвојување со преземање, основање ново друштво ДООЕЛ НГДМ Скопје во 100% сопственост на ХТЛ Македонија ДООЕЛ Скопје, како и повлекување и преземање на непаричниот влог на АД Државна лотарија.

За спроведување на постапката беа изготвени потребните правни акти и прилози, вклучително и Изјава за основање и Изјава за преземање на влог.

На собирот на содружниците, одржан на 14.11.2025 година, беа разгледани Планот за поделба, Изјавата за основање на ДООЕЛ НГДМ Скопје и одлуките поврзани со престанокот на НОВО ВЛТ ДОО Скопје.

Со спроведувањето на статусната промена, НОВО ВЛТ ДОО Скопје престанува да постои, непаричниот влог на АД Државна лотарија се враќа, а членството и учеството на АД Државна лотарија во друштвото престануваат.

Во текот на извештајниот период беа преземени активности во врска со можноста АД Државна лотарија да го преземе уделот од 49% што Друштвото за приредување игри на среќа „Касинос Аустриа Интернационал Македонија" ДОО Скопје го поседува во Друштвото за приредување игри на среќа „Државна видеолотарија на Република Македонија – Касинос Аустриа" ДОО Скопје. Државна лотарија поседува удел од 51% во основната главнина и во правото на одлучување во Државна видеолотарија, додека преостанатиот удел од 49% го поседува „Касинос Аустриа Интернационал Македонија" ДОО Скопје.

Предложеното преземање на уделот беше насочено кон стекнување целосна сопственост и контрола врз Државна видеолотарија, зголемување на економската ефикасност, задржување на целокупната остварена добивка во рамките на државниот систем и трансформација на друштвото во друштво со ограничена одговорност основано од едно лице. Во таа насока беше подготвена и доставена Информација до Владата на Република Северна Македонија, во која беа образложени финансиските, правните и стратешките аспекти на предложеното преземање, како и постапката што требаше да се спроведе согласно Законот за трговските друштва, Статутот на Државна лотарија и актите на друштвото.

Паралелно со доставувањето на Информацијата, беа водени преговори со „Касинос Аустриа Интернатионал Македонија" ДОО Скопје за утврдување на условите под кои би се извршило пренесувањето и преземањето на уделот. Во текот на преговорите не беше постигната согласност меѓу страните во однос на условите за пренос на уделот, поради што предложената постапка за негово преземање не беше реализирана.

Во текот на 2025 година пред надлежните судови продолжија постапките за престанок на Друштвото за приредување електронски игри на среќа „Нова Државна Видео Лотарија – НОВО ВЛТ" ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ" ДОО Скопје, Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС" ДОО Битола и Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ" ДОО Скопје.

Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – 77 БИТС" ДОО Битола се наоѓа во фаза на одлучување пред второстепениот суд, по жалбата изјавена од туженото друштво против првостепената пресуда со која во целост е усвоено тужбеното барање на Државна лотарија и е изречен престанок на туженото друштво.

Постапката поведена против Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА – ВЕЗУВ" ДОО Скопје се наоѓа во завршна фаза. Согласно дотогашниот тек на постапката, се очекува донесување пресуда со која тужбеното барање на Државна лотарија ќе биде усвоено и ќе биде изречен престанок на туженото друштво.

Со Пресудата 58 ТС1-289/24 на Основниот граѓански суд Скопје, со која во целост е усвоено тужбеното барање на Државна лотарија и е изречен престанок на Друштвото за приредување интернет игри на среќа „ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА МОЗЗАРТ" ДОО Скопје.

Надлежните служби на Друштвото продолжуваат континуирано да го следат текот на наведените постапки и да ги преземаат сите потребни правни дејствија за заштита на интересите на Државна лотарија. Имајќи ги предвид донесените првостепени пресуди и досегашниот тек на постапките, се очекува нивно завршување со позитивен исход за Друштвото.

VII. СТРАТЕГИЈА И МИСИЈА НА ДРУШТВОТО

Стратегиската определба на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија, е насочена кон обезбедување долгорочно, стабилно, законито и општествено одговорно работење, преку современо и контролирано приредување игри на среќа, создавање одржливи извори на приходи и обезбедување средства наменети за поддршка и финансирање проекти и активности од јавен интерес.

Друштвото ја остварува својата дејност имајќи ја предвид нејзината поширока економска и општествена димензија. Преку приредувањето игри на среќа, Државната лотарија, од една страна, им овозможува на учесниците пристап до разновидни, современи и атрактивни содржини за забава и рекреација, а од друга страна, создава вредност што придонесува кон реализацијата на општествено значајни проекти и унапредувањето на јавниот интерес.

Во таа насока, трајна определба на Друштвото е промовирањето на солидарноста, хуманоста и филантропијата, како вредности преку кои дел од средствата создадени со приредувањето игри на среќа се насочуваат кон поддршка на лицата и категориите на кои помошта им е најпотребна, како и кон развој на спортот, културата, образованието, науката, здравството, хуманитарните активности и други области од пошироко општествено значење.

Мисијата на Државната лотарија е да приредува игри на среќа на законит, сигурен, транспарентен и одговорен начин, обезбедувајќи квалитетна и доверлива услуга за учесниците, при истовремено создавање средства и вредности што придонесуваат кон општото добро и развојот на заедницата.
Во остварувањето на својата мисија, Друштвото се раководи од принципите на законитост, професионалност, интегритет, отчетност, транспарентност, сигурност и општествена одговорност. Овие принципи претставуваат основа за градење и одржување на довербата на учесниците, акционерот, надлежните институции, деловните соработници и пошироката јавност.
Стратегијата на Друштвото е насочена кон континуирано унапредување на квалитетот и ефикасноста на работењето, развој и модернизација на производното портфолио, воведување нови и иновативни игри на среќа, примена на современи технолошки решенија, развој и унапредување на продажната мрежа, како и обезбедување висок степен на достапност, функционалност и квалитет на услугите.

Посебно значење во реализацијата на стратегиските цели има развојот на стручни, професионални и ефикасни човечки ресурси, способни да ги следат современите трендови во индустријата на игрите на

среќа, технолошките промени, пазарните движења и зголемените очекувања на корисниците. Континуираното стручно усовршување на вработените, унапредувањето на корпоративната култура и јасното утврдување на надлежностите и одговорностите претставуваат значајни предуслови за успешно остварување на мисијата и долгорочните цели на Друштвото.

Државната лотарија настојува да ја зацврсти својата позиција како институција препознатлива по сигурноста, доверливоста, професионалноста и регуларноста на работењето. Во таа смисла, Друштвото континуирано ги унапредува системите за контрола, техничката и информациската инфраструктура, внатрешните процедури и механизмите за следење на деловните процеси, со цел обезбедување целосна заштита на интегритетот на игрите на среќа и интересите на учесниците.

Во своето работење, Државната лотарија применува високи стандарди на сигурност, контрола и транспарентност во сите фази на приредувањето игри на среќа, настојувајќи да обезбеди професионална, навремена и беспрекорна услуга за своите корисници. Истовремено, Друштвото е насочено кон континуирано унапредување на корпоративното управување, финансиската дисциплина, нормативната усогласеност и институционалната отчетност.

Следејќи ги добрите практики и искуствата на европските и светските лотариски организации, Државната лотарија посветува особено внимание на создавањето и унапредувањето на предусловите за одговорно играње. Овој концепт претставува составен дел од стратегиското и оперативното работење на Друштвото и подразбира информирање и едукација на јавноста, заштита на ранливите категории, поттикнување умерено и одговорно учество во игрите на среќа и развивање свест за потенцијалните ризици поврзани со прекумерното играње.

Преку континуирано промовирање на принципите на одговорно играње, Друштвото придонесува кон развојот на свеста на граѓаните за социјалниот аспект на игрите на среќа и кон воспоставување рамнотежа меѓу забавниот карактер на игрите, економските резултати од дејноста и заштитата на јавниот интерес.
Долгорочната визија на Државната лотарија е да биде модерно, стабилно, технолошки напредно и општествено одговорно друштво, кое преку законито, транспарентно и ефикасно работење создава трајна вредност за акционерот, учесниците, вработените и целокупната заедница. Остварувањето на оваа визија подразбира континуирано приспособување кон современите деловни и технолошки трендови, внимателно управување со ризиците, унапредување на квалитетот на услугите и доследно почитување на највисоките професионални и етички стандарди.

VIII. ПОСТИГНУВАЊА И ПЕРСПЕКТИВИ НА ДРУШТВОТО

Во текот на 2025 година, Друштвото беше насочено кон натамошно унапредување и проширување на обемот на приредување игри на среќа, збогатување на разновидноста на понудените производи и подобрување на нивната достапност за граѓаните на Република Северна Македонија.

Активностите во извештајниот период се реализираа во согласност со стратегиските определби на Друштвото, со посебен акцент на развојот и модернизацијата на портфолиото на игри на среќа, примената на современи технолошки решенија, унапредувањето на квалитетот на услугите и обезбедувањето сигурно, транспарентно и одговорно приредување на игрите.

Остварените резултати во 2025 година укажуваат на значително зголемување на вкупниот обем на работење на Друштвото. Вкупната уплата од сите игри на среќа изнесуваше 6.856.716.341 денар, што претставува зголемување од 40 проценти во однос на 2024 година. Вкупната исплата изнесуваше 4.509.156.365 денари и бележи раст од 39 проценти, додека вкупниот приход достигна 2.347.559.976 денари, односно беше зголемен за 42 проценти во споредба со претходната година.
Наведените резултати претставуваат значајно деловно постигнување и ја потврдуваат способноста на Друштвото да обезбеди раст, континуитет и финансиска стабилност во услови на динамично пазарно и технолошко окружување.
Во текот на 2025 година, Друштвото ги приредуваше следните игри на среќа:

Лото 7/37

Играта на среќа Лото 7/37 се приредуваше со цена од 30 денари за една комбинација. Во текот на 2025 година беа приредени вкупно 104 редовни кола.

Вкупната уплата од оваа игра изнесуваше 403.510.650 денари, исплатата на добивки изнесуваше 141.159.515 денари, додека остварениот приход изнесуваше 262.351.135 денари.
И покрај намалувањето на вкупната уплата во однос на 2024 година, приходот од оваа игра беше зголемен за 4 проценти, што укажува на поповолен однос меѓу уплатата и исплатените добивки во текот на извештајниот период.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	531.599.520	278.682.540	252.916.980
2025	403.510.650	141.159.515	262.351.135
Промена	намалување од 24%	намалување од 49%	зголемување од 4%

Џокер

Играта Џокер се приредуваше во рамките на играта Лото 7/37, со цена од 30 денари за една комбинација. Во текот на 2025 година беа приредени вкупно 104 кола.
Вкупната уплата изнесуваше 54.933.510 денари, исплатата на добивки изнесуваше 23.749.196 денари, додека остварениот приход изнесуваше 31.184.314 денари.
Во споредба со 2024 година, кај оваа игра беше забележано намалување на уплатата и исплатата за 18 проценти, додека приходот беше намален за 17 проценти.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	66.735.630	29.138.570	37.597.060
2025	54.933.510	23.749.196	31.184.314
Промена	намалување од 18%	намалување од 18%	намалување од 17%

Инстант лотарија

Во текот на 2025 година, инстант лотаријата беше застапена со 14 различни видови инстант лозови, со што на учесниците им беше понуден разновиден и достапен асортиман на производи.
Вкупниот промет од инстант лозовите изнесуваше 389.554.610 денари, исплатата на добивки изнесуваше 224.893.279 денари, додека остварениот приход изнесуваше 164.661.331 денар.

Во однос на 2024 година, уплатата беше зголемена за 5 проценти, исплатата за 6 проценти, а приходот за 5 проценти, што укажува на стабилен и континуиран раст на овој сегмент од работењето.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	369.326.870	212.989.708	156.337.162
2025	389.554.610	224.893.279	164.661.331
Промена	зголемување од 5%	зголемување од 6%	зголемување од 5%

Електронски игри- Кено

Електронските игри Кено опфаќаа три игри, Кено, Кено Лаки и Кено Рејсинг Дог. Игрите се приредуваа во рунди, односно извлекувања, во однапред определени временски термини и интервали.

Во текот на 2025 година, вкупната уплата од овие игри изнесуваше 553.101.861 денар, исплатата на добивки изнесуваше 470.413.811 денари, додека остварениот приход изнесуваше 82.688.050 денари.

Во однос на 2024 година, уплатата беше зголемена за 5 проценти, а исплатата за 14 проценти. Поради повисокиот раст на исплатените добивки, приходот од овој сегмент беше намален за 28 проценти.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	527.494.166	413.135.122	114.359.044
2025	553.101.861	470.413.811	82.688.050
Промена	зголемување од 5%	зголемување од 14%	намалување од 28%

Електронски игри на среќа преку видео лотариски терминали

Електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали, ВЛТ, во текот на 2025 година остваруваат вкупна уплата од 37.442.097 денари и исплата на добивки во износ од 31.581.142 денари, при што остварениот приход изнесуваше 5.860.955 денари.

Во споредба со 2024 година, овој сегмент оствари исклучително висок раст. Уплатата беше зголемена за 889 проценти, исплатата за 869 проценти, додека приходот беше зголемен за 1.012 проценти.

Ваквите резултати укажуваат на значително зголемување на обемот на приредување и на учеството на електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали во вкупното работење на Друштвото.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	3.785.685	3.258.481	527.204
2025	37.442.097	31.581.142	5.860.955
Промена	зголемување од 889%	зголемување од 869%	зголемување од 1.012%

Интернет игри на среќа преку платформата „Мегавин“

Интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин“ претставуваа еден од најзначајните двигатели на растот на Друштвото во текот на 2025 година.

Вкупниот износ на уплатени средства, IN, изнесуваше 5.418.173.613 денари, додека вкупниот износ на исплатени средства, OUT, изнесуваше 3.617.359.422 денари. Разликата меѓу уплатените и исплатените средства изнесуваше 1.800.814.191 денар.

Вкупниот износ на облози, BET, изнесуваше 50.977.299.856 денари, додека износот на добивки, WIN, изнесуваше 49.176.159.154 денари. Разликата меѓу вкупните облози и добивки изнесуваше 1.801.140.702 денари.

Во однос на 2024 година, износот на IN беше зголемен за 60 проценти, OUT за 58 проценти, додека разликата меѓу овие две категории беше зголемена за 64 проценти.
Истовремено, BET и WIN бележат раст од по 54 проценти, додека разликата меѓу нив е зголемена за 39 проценти.

Преглед на IN и OUT

Година	IN	OUT	Остаток
2024	3.391.628.800	2.296.281.724	1.095.347.076
2025	5.418.173.613	3.617.359.422	1.800.814.191
Промена	зголемување од 60%	зголемување од 58%	зголемување од 64%

Преглед на BET и WIN

Година	BET	WIN	Остаток
2024	33.163.470.428	31.871.780.150	1.291.690.278
2025	50.977.299.856	49.176.159.154	1.801.140.702
Промена	зголемување од 54%	зголемување од 54%	зголемување од 39%

Вкупни резултати

Споредбениот приказ на вкупните резултати од сите игри на среќа укажува на значително подобрување на обемот и финансискиот ефект од работењето на Друштвото во 2025 година.

Година	Уплата	Исплата	Приход
2024	4.890.570.671	3.233.486.145	1.657.084.525

Година	Уплата	Исплата	Приход
2025	6.856.716.341	4.509.156.365	2.347.559.976
Промена	зголемување од 40%	зголемување од 39%	зголемување од 42%

Вкупниот приход од приредувањето на сите игри на среќа во 2025 година е зголемен за 42 проценти во однос на 2024 година. Растот во најголема мера произлегува од значителното зголемување на обемот на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", проширувањето на активностите поврзани со електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали, како и стабилниот раст на инстант лотаријата.

Позитивните резултати остварени во 2025 година претставуваат основа за понатамошен развој и модернизација на работењето на Друштвото. Во наредниот период, перспективите на Државната лотарија се поврзани со продолжување на дигиталната трансформација, развој на нови и иновативни производи, унапредување на постојните игри, проширување и оптимизација на продажната мрежа и подобрување на достапноста и квалитетот на услугите.

Посебно внимание ќе биде посветено на понатамошниот развој на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", електронските игри на среќа преку видео лотариски терминали и современите електронски канали, имајќи ги предвид променетите навики на корисниците и забрзаниот развој на дигиталните технологии.

Истовремено, Друштвото ќе продолжи да ги унапредува техничките, безбедносните и контролните системи, со цел обезбедување сигурно, транспарентно и регуларно приредување на игрите на среќа.
Во рамките на идните активности, Друштвото ќе настојува да обезбеди балансиран развој на сите сегменти од своето портфолио, со внимателно следење на пазарните движења, потребите и интересите на учесниците и финансиската оправданост на поединечните производи.

Остварувањето на идните развојни цели ќе се темели врз принципите на законитост, финансиска дисциплина, одговорно играње, технолошка иновативност, професионалност и општествена одговорност. На овој начин, Друштвото ќе продолжи да ја зацврстува својата пазарна и институционална позиција и да создава долгорочна вредност за акционерот, корисниците и пошироката општествена заедница.

X. ПРОДАЖБА И ПРОДАЖНА МРЕЖА НА ДРУШТВОТО

Во текот на деловната 2025 година, активностите во областа на продажбата и комерцијалните работи беа насочени кон унапредување на продажните резултати, проширување и модернизација на продажната мрежа, подобрување на оперативната ефикасност и зајакнување на пазарната позиција на Друштвото.
Работењето во овие области се одвиваше во согласност со утврдените стратегиски цели и деловни приоритети, со посебен акцент на зголемување на достапноста на производите и услугите, подобрување на квалитетот на услугата, унапредување на логистичките и дистрибутивните процеси и создавање услови за понатамошен стабилен и одржлив раст.

Развој на продажната мрежа

Едно од позначајните постигнувања во текот на 2025 година претставуваше проширувањето на продажната мрежа преку отворање нови продажни места. Со реализацијата на овие активности се овозможи поголема територијална достапност на производите и услугите на Друштвото, подобра покриеност на пазарот и дополнително зајакнување на неговото присуство меѓу корисниците.

Новоотворените продажни места придонесоа кон зголемување на продажниот капацитет, подобрување на пристапноста на игрите на среќа и создавање услови за поефикасна комуникација и непосредна услуга на корисниците. Истовремено, проширувањето на продажната мрежа овозможи подобро позиционирање на производите на Друштвото и создаде дополнителен потенцијал за раст на продажбата и приходите.
Во рамките на продажните активности, особено внимание беше посветено на унапредувањето на квалитетот на услугата во продажните места. Во таа насока, беа преземени мерки за подобрување на професионалниот настап на продажниот персонал, стандардизација на визуелниот идентитет и создавање поуредна, препознатлива и доверлива продажна средина.

Вработените во продажните места на Државната лотарија беа униформирани, со што беше воспоставен усогласен и професионален визуелен настап. Унифицираниот изглед придонесе кон поголема препознатливост на продажниот персонал, подобрување на корпоративниот имиџ и зајакнување на довербата на корисниците во услугите на Друштвото.

Оваа активност имаше пошироко значење од самото визуелно уредување, бидејќи придонесе кон создавање корпоративна култура заснована на професионалност, уредност, одговорност и конзистентност во односот со корисниците.

Во текот на годината беа реализирани и повеќе промотивни и продажно поттикнувачки активности, насочени кон зголемување на интересот на корисниците, подобро позиционирање на производите и поддршка на продажните резултати. Промотивните активности беа планирани и спроведувани во согласност со деловните цели на Друштвото и придонесоа кон зголемување на видливоста на производите и кон остварување позитивни продажни ефекти.

Преку внимателно осмислените промотивни механизми и нивната навремена реализација, беше поттикнат интересот на корисниците, зголемена активноста во продажната мрежа и создадена дополнителна вредност за Друштвото. Остварените резултати ја потврдуваат важноста на координираното поврзување на продажните, маркетиншките и оперативните активности.

X. КОМЕРЦИЈАЛНИ И ЛОГИСТИЧКИ РАБОТИ

Комерцијалните работи во текот на 2025 година беа насочени кон обезбедување услови за непречено и ефикасно функционирање на продажната мрежа, унапредување на логистичката поддршка и рационално управување со ресурсите потребни за реализација на деловните активности. Во рамките на овие активности беше реализирана значајна обнова на возниот парк, со што се подобрија условите за транспорт, дистрибуција и теренско извршување на работните задачи.

Модернизацијата на возниот парк овозможи поголема оперативна сигурност, навремена достава на потребните материјали и производи, подобра мобилност на вработените и поефикасна поддршка на продажните места. Оваа инвестиција придонесе кон намалување на оперативните ограничувања, подобрување на организацијата на работата и зголемување на функционалноста на логистичките процеси.

Обновата на возниот парк претставува значаен сегмент од поширокаta определба на Друштвото за модернизација на работењето и создавање современи услови за извршување на деловните активности. Со подобрувањето на логистичката инфраструктура се обезбедуваат поголема сигурност, навременост и континуитет во поддршката на продажната мрежа.

Комерцијалните активности опфаќаа и континуирано следење на потребите на продажните места, координација на дистрибуцијата, обезбедување материјални и технички услови за работа, како и поддршка при реализацијата на новите деловни иницијативи.

Посебно значење имаше координацијата меѓу продажните, комерцијалните, логистичките и другите организациски функции на Друштвото. Со подобрување на меѓусебната комуникација и навремената размена на информации се овозможи поефикасно планирање, побрзо решавање на оперативните прашања и подобра реализација на утврдените деловни приоритети.

Перспективи за натамошен развој

Резултатите остварени во текот на 2025 година претставуваат стабилна основа за натамошен развој на продажбата и комерцијалните работи. Во наредниот период, активностите ќе бидат насочени кон понатамошно проширување и оптимизација на продажната мрежа, отворање нови продажни можности, модернизација на продажните места и унапредување на квалитетот и достапноста на услугите.

Посебно внимание ќе биде посветено на анализа на продажните резултати по производи и продажни канали, идентификување на пазарните потенцијали и приспособување на продажните активности кон потребите и интересите на корисниците. Ваквиот пристап ќе овозможи поефикасно планирање, рационално користење на ресурсите и навремено насочување на активностите кон сегментите со најголем развоен потенцијал.

Во областа на комерцијалните работи, перспективите се поврзани со натамошно унапредување на логистичките и дистрибутивните процеси, подобрување на техничката и материјалната поддршка на продажната мрежа и воведување поефикасни механизми за планирање, координација и контрола.
Истовремено, ќе продолжат активностите за модернизација на работењето, дигитализација на деловните процеси и развој на нови производи и услуги, со цел Друштвото навремено да одговори на современите пазарни и технолошки предизвици.

Натамошниот развој ќе се темели врз јасна визија, професионален пристап, одговорно управување со ресурсите и континуирано унапредување на квалитетот на работењето. Целта е обезбедување стабилен раст, подобрување на продажните резултати, зголемување на оперативната ефикасност и создавање долгорочна вредност за Друштвото, корисниците и акционерот.

Со надградување на постигнатите резултати од 2025 година, Друштвото ќе продолжи да ги развива продажните и комерцијалните активности како значајни носители на неговата деловна стабилност, пазарна препознатливост и долгорочен развој.

XI. КОМУНИКАЦИСКА СТРАТЕГИЈА И МАРКЕТИНГ

Стратегиските комуникации претставуваат еден од клучните предуслови за долгорочен развој, одржливо позиционирање и унапредување на вредноста на корпоративниот бренд. Преку планско, доследно и професионално комуницирање се создаваат услови за градење доверба, зголемување на препознатливоста и воспоставување трајна и позитивна поврзаност со јавноста, корисниците и учесниците во игрите на среќа.

Во рамките на Државната лотарија, активностите од областа на комуникациската стратегија и маркетингот имаат суштинско значење за обликувањето, позиционирањето и понатамошниот развој на корпоративниот бренд. Преку стратегиски пристап во планирањето и реализацијата на комуникациските и маркетиншките активности, Друштвото настојува да го зацврсти својот идентитет како сигурен, транспарентен и општествено одговорен приредувач на игри на среќа, кој создава вредност за корисниците и придонесува кон развојот на заедницата.

Растот на корпоративниот бренд, успешното позиционирање на производите и ефектите од поединечните кампањи во значителна мера зависат од внимателно осмислените стратегиски комуникации. Нивната функција е мисијата, вредностите и деловните цели на Друштвото да ги преточат во јасна, креативна, конзистентна и влијателна комуникација, приспособена на карактеристиките и очекувањата на различните целни групи.

Во текот на 2025 година, активностите во оваа област се реализираа преку континуирана индивидуална и тимска ангажираност, како и преку соработка со надворешни деловни соработници и добавувачи. Во динамично и креативно работно окружување се развиваа и имплементираа идеи, се организираа и координираа кампањи и промотивни активности и се обезбедуваше навремен одговор на потребите и барањата на пазарот, индустријата, учесниците во игрите на среќа, медиумите и поширокаата јавност.
Посебно внимание беше посветено на развојот на комуникациските концепти и содржини на корпоративниот бренд, односно на систематското обликување на приказните, пораките и визуелните решенија преку кои се претставуваат Друштвото, неговите производи и неговите општествени вредности.
Активностите опфаќаа осмислување на начинот на пласман, претставување и рекламирање на постојните игри на среќа, како и обликување на идентитетот и комуникацискиот концепт за пласман на нови игри, производи и понуди. Разновидноста на портфолиото на Друштвото наметнуваше паралелна реализација на повеќе проекти со различна содржина, целни групи и комуникациски цели, покрај редовните тековни активности.

Значаен сегмент од комуникациската стратегија претставуваше популаризацијата на учеството во игрите на среќа, претставувањето на видовите добивки и еднаквите можности за остварување добивка, како и информирањето на јавноста за карактеристиките и начинот на учество во поединечните игри.
Паралелно со промотивниот аспект, континуирано се комуницираа и принципите на одговорно приредување и одговорно учество во игрите на среќа. Овие принципи претставуваат составен дел од општествената одговорност на Друштвото и се непосредно поврзани со природата и специфичноста на неговата основна дејност.

Стратегиско позиционирање на корпоративниот бренд

Функцијата на стратегиските комуникации се остварува преку двонасочна комуникација меѓу Друштвото и пазарот. Од една страна, Друштвото ги претставува своите вредности, производи, активности и резултати, додека од друга страна ги следи потребите, очекувањата и реакциите на корисниците, медиумите, деловната заедница и поширокаата јавност.

Ваквата комуникација овозможува навремено согледување на пазарните движења, приспособување на пораките кон различните целни групи и воспоставување содржински релевантна и доверлива комуникација. Корпоративните вредности на Државната лотарија се длабоко вградени во нејзината мисија, особено во делот на законитото и одговорно приредување игри на среќа, сигурноста, транспарентноста и придонесот кон јавниот интерес. Комуникацијата на овие вредности подразбира висок степен на професионална одговорност, јасност и доследност.

Истовремено, разновидноста на игрите на среќа и понудите на Друштвото бара креативен и иновативен пристап, приспособен на спецификите на секој производ и на критериумите, интересите и очекувањата на различните категории корисници.

Сите комуникациски и маркетиншки активности се реализираа во согласност со интерните правила, процедури и стандарди на Друштвото, како и со современите трендови во маркетингот на игрите на среќа и маркетингот воопшто.

Во рамките на комуникацијата меѓу брендот и пазарот, посебно значење имаше и континуираната комуникациска и промотивна поддршка на директната и индиректната продажна мрежа. Оваа поддршка овозможуваше усогласено претставување на производите, поголема видливост на продажните места и подобра информираност на корисниците.

Во текот на 2025 година, активностите беа насочени кон натамошна реализација и надградување на плановите, целите и задачите поставени во втората половина на 2024 година.
Посебен комуникациски акцент беше ставен на промоцијата на вредностите на Државната лотарија како одговорен приредувач на игри на среќа и општествено одговорно друштво, кое во 2025 година одбележа 15 години од започнувањето со приредување игри на среќа.

Јубилејот претставуваше можност да се истакнат континуираниот развој на Друштвото, инвестициите во заедницата, придонесот кон проекти од јавен интерес и бројните добитни и позитивни приказни создадени во текот на неговото работење.

По повод одбележувањето на 15 годишнината беше организиран тематски квиз, за чии потреби беа подготвени повеќе од 400 прашања и соодветни одговори. Преку забавен, интерактивен и едукативен пристап, на јавноста ѝ беа доближени значајни податоци од историјатот на Државната лотарија, нејзините корпоративни вредности и игрите на среќа што Друштвото започна да ги приредува на 23 април 2010 година.

Оваа активност овозможи јубилејот да се одбележи на начин што истовремено информира, едуцира и поттикнува позитивна поврзаност на јавноста со корпоративниот бренд.

Односи со јавноста и медиумска комуникација

Во текот на 2025 година продолжи активната и професионална соработка со претставниците на традиционалните и дигиталните медиуми. Медиумската комуникација беше насочена кон редовно, навремено и транспарентно информирање за новините во работењето, корпоративните активности, игрите на среќа, доделените добивки и проектите од општествен интерес.
Континуираните активности од областа на односите со јавноста имаа цел да го градат и заштитуваат угледот на Државната лотарија, да ја зголемуваат нејзината видливост и да ја потврдуваат мисијата на Друштвото пред поширокатa јавност.

Особено значење во градењето доверба имаше транспарентното комуницирање на доделените добивки и претставувањето на добитните приказни. Средбите со добитниците овозможуваа непосредно согледување на позитивното влијание на игрите на среќа врз нивните животи и создаваа автентични содржини преку кои се потврдуваа регуларноста, сигурноста и доверливоста на Друштвото.
Организирањето на доделувањата на стоковни премии и симболични чекови за парични добивки од различни игри на среќа, како и објавувањето на добитните приказни, се реализираа исклучиво по

претходно добиена согласност од добитниците.Со ваквиот пристап се почитуваа приватноста и личниот избор на добитниците, а истовремено се обезбедуваше веродостојна и транспарентна комуникација со јавноста.Во текот на извештајниот период, преку активности од областа на односите со јавноста беа промовирани и проектите од областа на корпоративната општествена одговорност, како и бројни други деловни и организациски новини.

Соработката со релевантните медиуми придонесе кон поголема видливост на овие активности и кон појасно претставување на придонесот на Државната лотарија кон заедницата.

Маркетиншка поддршка на игрите на среќа

Значителен дел од маркетиншките активности во 2025 година беше насочен кон промоција на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", како современ и динамичен сегмент од понудата на Друштвото.
Промотивните активности имаа цел да ја зголемат информираноста на корисниците, да ги претстават разновидноста и карактеристиките на понудените содржини и да придонесат кон понатамошен развој на овој продажен и комуникациски канал.
Паралелно, се реализираа комуникациски и маркетиншки активности за постојните игри на среќа, преку кампањи приспособени на нивните специфики, целни групи и продажни цели.
Преку соодветно дизајнирани комуникациски кампањи се инвестираше во зголемување на информираноста и интересот за игрите на среќа, при што се истакнуваа можностите за учество и добивка, но и поширокиот општествен придонес што произлегува од работењето на Друштвото.
Во сите активности континуирано се промовираа начелата на умерено и одговорно учество во игрите на среќа.
Значајно место во работењето имаа и видеопроектите на Државната лотарија, за кои беа осмислувани концептите, содржините, продукциските решенија и начинот на нивната промоција и дистрибуција. Овие проекти имаа важна улога во современото визуелно претставување на игрите, корпоративните вредности и активностите на Друштвото.

Во извештајната година паралелно се реализираа активности насочени кон зајакнување на препознатливоста и вредноста на корпоративниот бренд, унапредување на начините на промоција и рекламирање на постојните игри на среќа, комуникациска поддршка на новите производи и зајакнување на присуството на Друштвото во јавноста.

Во текот на годината беа креирани и реализирани пет нови телевизиски проекти, со што беше проширено присуството на Државната лотарија во аудиовизуелниот медиумски простор и беа создадени нови можности за современо, атрактивно и содржински усогласено претставување на игрите и корпоративниот бренд.

По насоки на генералниот директор беше започнат и процесот на воспоставување на првото официјално бренд лице на Државната лотарија. Оваа активност бараше плански, сеопфатен и внимателно структуриран пристап, имајќи ја предвид улогата на бренд лицето во претставувањето на корпоративниот идентитет, вредностите и комуникациските пораки на Друштвото.

Во функција на зголемување на видливоста и промовирање на вредностите на корпоративниот бренд, претставници на Друштвото беа присутни на повеќе од 100 локации на поддржани јавни манифестации и настани. На овие локации беа поставувани соодветни материјали за брендирање и промоција, со што се обезбедуваше препознатливо и усогласено присуство на Државната лотарија.

Во текот на 2025 година беа реализирани 104 емисии од играта Лото 7/37, со што се обезбеди континуитет во телевизиското претставување и транспарентното спроведување на извлекувањата. Иако во извештајниот период не беше доделена главната добивка од категоријата лото, континуираното приредување на играта, редовното информирање и промотивните активности придонесуваа кон одржување на интересот и довербата на учесниците

Портфолиото на инстант лотаријата беше збогатено со два нови инстант лоза, за кои беа подготвени соодветни комуникациски, визуелни и промотивни решенија.

Во текот на годината беа претставени и бројни нови добитници, а нивните добитни приказни, по добиена согласност, беа документирани и споделувани со јавноста. Овие содржини придонесоа кон човечко и автентично претставување на резултатите од дејноста на Друштвото и кон дополнително зајакнување на довербата во корпоративниот бренд.

Извештајната година беше заокружена со присуство на Државната лотарија на новогодишната прослава организирана на Плоштадот „Македонија" во центарот на Скопје, поддржана од Друштвото. Со оваа активност беше обезбедена висока јавна видливост на брендот и беше потврдена определбата за поддршка на настани од интерес за граѓаните и локалната заедница.

Значаен дел од комуникациските активности беше посветен на проектите од областа на корпоративната општествена одговорност. Преку соодветно осмислени комуникациски и промотивни активности, јавноста беше информирана за поддржаните проекти, нивната цел, општественото значење и придонесот на Државната лотарија кон спортот, културата, образованието, науката, хуманитарните активности и другите области од јавен интерес. Комуникацијата на општествено одговорните активности не се сведуваше само на промоција на поединечни проекти, туку претставуваше составен дел од долгорочното позиционирање на Државната лотарија како институција која деловниот успех го поврзува со одговорност кон заедницата.
Деловната 2025 година во областа на комуникациската стратегија и маркетингот беше обележана со значајни предизвици, организациско и кадровско зајакнување, висока динамика на работење и интензивна продуктивност.

Реализираните активности ја потврдија способноста за истовремено управување со повеќе сложени проекти, навремено одговарање на комуникациските и пазарните потреби и создавање содржини што придонесуваат кон растот на вредноста и препознатливоста на корпоративниот бренд.

Остварените резултати претставуваат основа за натамошно унапредување на стратегиските комуникации, развој на современи и иновативни маркетиншки решенија, поголема употреба на дигиталните комуникациски канали и дополнително зајакнување на односите со корисниците, медиумите, деловните партнери и поширокаата јавност.

Посебно внимание се посветува на унапредувањето на дигиталната комуникација, следењето на современите маркетиншки трендови, подобро разбирање на потребите на различните целни групи и развој на комуникациски пристапи што бара истите истовремено бидат креативни, професионални, одговорни и мерливи. На овој начин, стратегиските комуникации и маркетингот ќе продолжат да претставуваат значаен двигател на развојот, довербата, јавната препознатливост и долгорочната вредност на Државната лотарија.

XII. ИНФОРМАТИЧКИ ТЕХНОЛОГИИ

Во текот на 2025 година, Друштвото, во областа на информатичките технологии, навремено и соодветно одговори на секојдневните оперативни и технолошки предизвици поврзани со одржувањето на деловниот континуитет и обезбедувањето непречена информатичка поддршка на деловните процеси.

Активностите на Секторот за информатички технологии беа насочени кон обезбедување стабилност, достапност и сигурност на лотариските онлајн систем, корпоративната компјутерска и комуникациска инфраструктура, системите за складирање и заштита на податоците, како и кон обезбедување континуирана техничка и корисничка поддршка за вработените, продажната мрежа, деловните соработници и корисниците на услугите на Друштвото.

Во извештајниот период беа преземени повеќе мерки за унапредување на безбедноста на лотариските онлајн систем и корпоративната информатичка инфраструктура. Посебно внимание беше посветено на превентивното идентификување, следење и намалување на ризиците што би можеле да влијаат врз достапноста, интегритетот и сигурноста на информатичките системи, како и врз непреченото одвивање на деловните процеси.

За таа цел беше воспоставен интерен Регистар на критични точки во Секторот за информатички технологии, во кој беа идентификувани позначајните ризични точки што потенцијално би можеле негативно да влијаат врз работењето на информатичките системи и да предизвикаат штетни последици врз работењето на Друштвото.

Врз основа на утврдените ризици и препораките содржани во Регистарот, Секторот презеде повеќе активности насочени кон нивно намалување и соодветно управување. Во таа насока се реализираа обврските од склучените договори, а Планот за јавни набавки за 2025 година беше соодветно усогласуван со потребите за набавка на стоки и услуги неопходни за намалување на оперативните и информатичко-безбедносните ризици.

Преку спроведување на соодветните постапки за јавни набавки беа обезбедени потребните стоки, услуги, лиценци, техничка опрема и одржување, со што се придонесе кон унапредување на функционалноста, безбедноста и расположливоста на информатичката инфраструктура на Друштвото.

Позначајни проекти и активности

Како позначајни проекти и активности од областа на информатичките технологии реализирани во текот на 2025 година се издвојуваат:

• набавка на комуникациски услуги за АПН мрежа и услуги за закуп на компјутерски ресурси за период од две години;

• набавка на лотариски оптички скенери;
• набавка на лиценци за напредни системи за сајбер-безбедност;
• набавка на комуникациски услуги за фиксна телефонија, VoIP и интернет;
• одржување на системот за видеонадзор, системот за евиденција на работното време и системот за контрола на пристап, со обезбедување резервни делови;
• набавка на претплатнички лиценци за информатичко-безбедносни системи;
• набавка и испорака на компјутерска галантерија;
• одржување на два високопрецизни климатизациски уреди во систем-салата, со обезбедување резервни делови;
• склучување договор за едногодишно изнајмување софтвер за лотариските систем;
• одржување на компјутерската и комуникациската опрема и на уредите за непрекинато напојување, УПС, во податочниот центар, со цел обезбедување деловен континуитет на Друштвото;
• одржување на мрежните преклопници;
• набавка на мултифункциски уреди и печатачи;
• одржување на противпожарниот систем FM200, со обезбедување резервни делови;
• набавка на услуги за одржување и ракување со миксерите за извлекување;
• набавка на услуги за овозможување веб-базирани сервиси потребни за проверка на валидноста и поврзаноста на податоците за трансакциска сметка и единствен матичен број на граѓанинот;
• набавка на комуникациски услуги за мобилна телефонија;
• одржување на дизел-агрегатот;
• обезбедување услуги за одржување и претплатнички лиценци за серверот за електронска пошта и заштитниот модул за електронска пошта;
• набавка на тонери и одржување на копир-апаратите.

Реализацијата на наведените проекти придонесе кон зголемување на стабилноста и расположливоста на информатичките системи, подобрување на техничката подготвеност на Друштвото, зајакнување на системите за заштита и создавање услови за непречено извршување на основните и поддржувачките деловни процеси.

Континуирано следење и одржување на информатичките системи

Во рамките на своите надлежности, Секторот за информатички технологии континуирано ги извршуваше редовните оперативни задачи поврзани со следењето, администрирањето, одржувањето и заштитата на информатичките системи.

Овие активности особено опфаќаа:

• секојдневна проверка на достапноста и функционалноста на мрежната и комуникациската опрема на онлајн системот, со цел обезбедување негово нормално и непречено функционирање;

• секојдневно обезбедување податоци во XML формат за добитниците, за потребите на надлежната организациска единица за спречување перење пари и финансирање тероризам;

• секојдневно следење и проверка на софтверот за управување со шасиите;

• секојдневно следење и проверка на системот за заштита од неовластен пристап и недозволен мрежен сообраќај преку заштитниот мрежен систем, firewall, како и конфигурирање на соодветните правила;

• секојдневно следење и проверка на системите и опремата од производителите Lenovo и Dell;

• секојдневно следење и проверка на системот за резервни копии преку tape library;

• секојдневно следење и проверка на системите за резервни копии Data Domain и Storage Compellent;

• следење и проверка на логовите од серверите, како и континуирано следење на нивната достапност;

• секојдневно следење и проверка на антивирусниот систем;

• секојдневно следење и проверка на системот за сајбер-безбедност Acronis Cyber Protect Cloud;

• секојдневна проверка на функционалноста на системот за видеонадзор и системот за евиденција на работното време;

• следење, проверка и контрола на достапноста на виртуелната околина и виртуелните машини преку vSphere Web Client;

• следење и проверка на продукциските сервери за бази на податоци;

• овозможување пристап до системите за известување BIRT и Avalon, за потребите на следењето и анализата на продажбата на игрите на среќа;

• секојдневно следење и проверка на системот за климатизација во систем-салата, составен од два редундантни високопрецизни климатизациски уреди Vertiv и еден касетен тавански климатизациски уред Vertiv;

• ажурирање на онлајн системот на продажната мрежа;

• проверка, конфигурирање и сервисирање на терминалите што се користат во продукциската околина на лотариското систем;

• секојдневна проверка, конфигурирање и техничка поддршка на печатачите и мултифункциските уреди за потребите на вработените;

• следење и проверка на системот IBM QRadar, со цел следење на сите Syslog настани во реално време и анализа на евентуални неовластени пристапи, проблеми во комуникацијата на терминалите, УПС уредите и другата поврзана опрема;

• секојдневно следење и проверка на УПС уредите Socomec и Vertiv во систем-салата;

• следење и проверка на дизел-агрегатот, со цел обезбедување непречено функционирање на опремата во систем-салата во случај на дефект или прекин во електричното напојување;

• секојдневно следење на известувањата пристигнати преку електронска пошта, вклучително и алармите за хардверската опрема и известувањата за успешно или неуспешно извршување на резервните копии.

Администрација на веб-системи, апликации и електронски услуги

Во текот на 2025 година се обезбедуваше континуирана администрација и техничка поддршка на веб-порталите, апликациите и електронските услуги што се користат во работењето на Друштвото.

Активностите во овој сегмент опфаќаа:

- секојдневна проверка, администрација и ажурирање на веб-порталот loto.mk и тестниот портал;
- секојдневна софтверска и хардверска поддршка на корпоративната компјутерска мрежа и корпоративниот информатички систем;
- комуникација и координација со надворешните партнери за потребите на софтверската поддршка;
- поддршка на мобилната апликација за уреди со оперативните системи Android и iOS;
- поддршка на апликацијата за магацинско работење со инстант лозови;
- поддршка на апликациите што ги користи Секторот за финансии, како и инсталирање на потребните дигитални сертификати;
- следење и проверка на VoIP серверот што се користи за потребите на сервисот за корисничка поддршка на порталот megawin.mk;
- соработка и техничка поддршка на интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин";
- секојдневна проверка на успешноста на трансакциите меѓу банкарскиот процесорски систем и порталот loto.mk;
- администрација на Zimbra серверот за електронска пошта;
- следење на Kaspersky Mail Gateway, како систем за антивирусна и безбедносна заштита на електронската пошта;
- следење на Kaspersky Hybrid Cloud, како систем за заштита на виртуелната околина;
- секојдневно следење и проверка на резервниот хост во облачната околина на платформата Acronis Cloud;
- секојдневно следење и проверка на резервните копии на виртуелните машини од еден vCenter кон друг;
- секојдневно следење и проверка на резервните копии на базите на податоци и виртуелните машини, како и на репликациите на виртуелните машини кон оддалечената локација за опоравување од прекин или катастрофа;
- администрација на платформата е-Влада во делот што се однесува на Државната лотарија.

Техничка поддршка на продажната мрежа

Значаен дел од активностите се однесуваше на техничката и системската поддршка на продажната мрежа на Друштвото.

Во оваа област беа реализирани следните активности:

- креирање на потребните системски записи за новите продажни места, вклучително и за агентите, продажните места, продавачите и терминалите;

• активирање на нови продажни места и деактивирање на продажните места што престанале со работа;
• креирање продажни места за игрите Кено, Keno Lucky, Keno Racing и Keno Spin;
• секојдневно обезбедување поддршка на вработените ангажирани во комерцијалните активности, преку обезбедување баркодови за игрите на среќа и техничка поддршка за терминалската опрема;
• секојдневна поддршка на Инфоцентарот, за потребите на надворешните корисници на лотарискиот систем, деловните соработници и играчите;
• генерирање книжни задолженија на неделна основа за надворешните соработници;
• генерирање специфични извештаи за потребите на вработените во другите организациски единици;
• креирање инстант лозови во тестната и продукцискатa околина;
• следење на Alcatel мрежните преклопници на вториот и осумнаесеттиот кат во просториите на Државната лотарија.
Со наведените активности се обезбедуваше континуирана техничка функционалност на продажните места, навремено системско воспоставување на новите продажни капацитети и непречена реализација на продажбата на игрите на среќа.

Техничка поддршка при извлекувањата на Лото 7/37 и Џокер

Секторот за информатички технологии обезбедуваше сеопфатна техничка и системска поддршка при подготовката и реализацијата на извлекувањата на игрите Лото 7/37 и Џокер.
Активностите во оваа област опфаќаа:
• изготвување записници за примените уплати;
• подготовка на електронски медиуми со податоци за уплатените тикети што учествуваат во извлекувањето;
• изготвување листа на сите поништени тикети што не учествуваат во извлекувањето;
• непосредно учество во извлекувањето во студиото;
• внесување на извлечените броеви во Backoffice Offline апликацијата;
• пресметка на добивките и нивно проследување до софтверот за телевизиска презентација;
• рачно внесување на извлечените броеви во Backoffice Online апликацијата, врз основа на записникот од студиото потпишан од овластената комисија;
• споредба на резултатите добиени во студиото со резултатите во Backoffice Online апликацијата;
• изготвување записник за добивките, со податоци за бројот на добитници и вредноста на добивките по поединечни категории;
• доставување на записникот за добивките до сите надлежни организациски единици и лица, за потребите на натамошната обработка и анализа на резултатите;
• подготовка и обезбедување на податоците потребни за нивно објавување на веб-страницата на Друштвото.

Со овие активности беше обезбедена техничка точност, следливост и навремена обработка на податоците поврзани со извлекувањата и добивките, како и соодветна поддршка на транспарентното и регуларно приредување на игрите.

XIII. РЕАЛИЗАЦИЈА НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Согласно со член 75 од Законот за јавните набавки, („Службен весник на Република Македонија" бр. 24/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 87/2021 и 14/25), а врз основа на утврдените извори на финансирање, Друштвото донесе План за јавни набавки за вкупните потреби во текот на 2025 година, по видови стоки, услуги и работи, бр. 02-8780/3 од 30.12.2024 година, со вкупна проценета вредност од 570.140.000,00 денари без ДДВ.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, согласно со потребите на Друштвото, беа извршени две изменувања и дополнувања на Планот за јавни набавки за 2025 година, и тоа:

• Изменување на Планот за јавни набавки бр. 02-1099/3 од 17.02.2025 година, со кое вкупната проценета вредност беше намалена на 474.640.000,00 денари без ДДВ;
• Изменување и дополнување на Планот за јавни набавки бр. 02-4402/5 од 09.07.2025 година, со кое вкупната проценета вредност беше зголемена на 558.020.000,00 денари без ДДВ.
Во текот на извештајниот период, од вкупно 97 планирани набавки, преку Електронскиот систем за јавни набавки, ЕСЈН, беа објавени 63 огласи за 48 набавки, со вкупна проценета вредност од 282.305.000,00 денари без ДДВ.

Две набавки беа спроведени во хартиена форма како посебни услуги, согласно со членовите 121 и 122 од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ. Една набавка беше реализирана без спроведување постапка, согласно со член 121 од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 1.500.000,00 денари без ДДВ.

Дополнително, една набавка беше реализирана без примена на постапка за јавна набавка, согласно со одредбите за општите исклучоци од член 23 став 3 алинеја в) од Законот за јавните набавки, со вкупна проценета вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ.

Врз оваа основа, во текот на 2025 година беа спроведени постапки со вкупна проценета вредност од 366.305.000,00 денари без ДДВ, по кои беа склучени договори и рамковни спогодби за јавна набавка со вкупна вредност од 348.038.416,50 денари без ДДВ.

Од објавените 63 огласи за 48 набавки, со вкупна проценета вредност од 282.305.000,00 денари без ДДВ, беа склучени договори и рамковни спогодби за јавна набавка со вкупна вредност од 264.038.416,50 денари без ДДВ, додека постапките по 15 огласи беа поништени.

Според видот на спроведената постапка, реализацијата е следна:

• Со отворена постапка беа објавени 21 постапка, со вкупна проценета вредност од 247.000.000,00 денари без ДДВ. По 15 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 236.780.832,00 денари без ДДВ, што претставува 68,03% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по шест огласи беа поништени;
• Со поедноставена отворена постапка беа објавени 27 огласи, со вкупна проценета вредност од 29.820.000,00 денари без ДДВ. По 18 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 22.251.027,50 денари без ДДВ, што претставува 6,40% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по девет огласи беа поништени;
• Со постапка за набавка од мала вредност беа објавени 15 огласи, со вкупна проценета вредност од 6.085.000,00 денари без ДДВ. По 12 постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 5.006.557,00 денари без ДДВ, што претставува 1,44% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби, додека постапките по три огласи беа поништени.

Како посебни услуги, согласно со членовите 121 и 122 од Законот за јавните набавки, во хартиена форма беа спроведени постапки за две набавки, со вкупна проценета вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ.
По спроведените постапки беа склучени договори и рамковни спогодби со вкупна вредност од 7.500.000,00 денари без ДДВ, што претставува 2,15% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.
За една набавка на стручни обуки и работилници за вработените, со вкупна проценета вредност од 1.500.000,00 денари без ДДВ, беше донесена Одлука за реализација без спроведување постапка, согласно со член 121 од Законот за јавните набавки. Вредноста на оваа набавка претставува 0,43% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.

Без примена на постапка за јавна набавка, согласно со одредбите за општите исклучоци од член 23 став 3 алинеја в) од Законот за јавните набавки, кои се однесуваат на термини за радио или телевизиско емитување, беа објавени два јавни повика за услуги од електронски медиуми, со вкупна проценета вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ.
По спроведените јавни повици беа склучени договори со вкупна вредност од 75.000.000,00 денари без ДДВ, што претставува 21,55% од вкупниот износ на склучените договори и рамковни спогодби.

Реализацијата на Планот за јавни набавки за 2025 година изнесува 53,61%.

XIV. ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ЗА 2025 ГОДИНА

Во текот на деловната 2025 година, Државната лотарија оствари финансиски резултати што го одразуваат обемот и структурата на реализираните деловни активности, како и ефектите од приредувањето на различните видови игри на среќа.

Финансиското работење на Друштвото се одвиваше во согласност со утврдените деловни цели, плански определби и принципите на одговорно и рационално управување со средствата, со посебно внимание на одржувањето на ликвидноста, финансиската стабилност и континуитетот во работењето.

Во продолжение е даден систематизиран приказ на позначајните финансиски показатели, остварените приходи и расходи, финансискиот резултат, како и другите релевантни податоци што ја отсликуваат финансиската состојба и успешноста на работењето на Друштвото во текот на 2025 година.

Во 2025 година се остварени вкупни приходи од 2.877.764.979,00 денари со следната структура

- Приходи од игри на среќа 2.260.025.078,00 денари
- Приходи од дивиденди 612.401.884,00 денари
- Приходи од камати 4.577.013,00 денари
- Останати приходи 761.004,00 денари

Во 2025 година се остварени вкупни расходи од денари со следната структура

- Вкупни расходи од работењето 2.136.788.481,00 денари

Добивка пред оданочување за деловната 2025 година

- Вкупно 740.976.498,00 денари

Данок на добивка по Образец ДБ

- Вкупно 15.768.432,00 денари

Нето добивка за деловната 2025 г.

- Вкупно 725.208.066,00 денари

Врз основа на евидентираната книговодствена состојба, изготвени се обрасците што ја сочинуваат Годишната сметка на Друштвото за деловната 2025 година, во согласност со важечките законски и подзаконски прописи, како и со применливите сметководствени стандарди.

Финансиските извештаи за 2025 година се изготвени во согласност со релевантната законска регулатива и врз основа на начелата на објективност, веродостојност, конзистентност и транспарентност во финансиското известување. При нивното изготвување беа почитувани основните економски и сметководствени начела утврдени во позитивното законодавство, а беа применети и Меѓународните сметководствени стандарди и Меѓународните стандарди за финансиско известување.

Доследната примена на овие стандарди претставува трајна определба на надлежната организациска единица за сметководствени и финансиски работи, со цел обезбедување целосен, реален и објективен приказ на финансиската состојба, успешноста на работењето и паричните текови на Друштвото.

Биланс на состојба **на ден 31.12.2025 година**

Позиција	Износ	
	Тековна година	Предходна година
1	2	3
	a	b
АКТИВА: А. НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (002+009+020+021+031)	**1.526.595.259**	1.827.124.789
I.НЕМАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (003+004+005+006+007+008)	**1.341.939**	1.457.362
Издатоци за развој		
Концесии, патенти, лиценци, заштитни знаци и слични права	1.341.939	1.457.362
Гудвил		
Аванси за набавка на нематеријални средства		
Нематеријални средства во подготовка		
Останати нематеријални средства		
II. МАТЕРИЈАЛНИ СРЕДСТВА (010+013+014+015+016+017+018+019)	**723.857.130**	710.583.318
Недвижности (011+012)	94.063.093	72.429.022
Земјиште		
Градежни објекти	94.063.093	72.429.022
Постројки и опрема	25.815.094	38.830.572
Транспортни средства	6.081.113	433.338
Алат, погонски и канцелариски инвентар и мебел	1.770.210	2.762.766

Биолошки средства		
Аванси за набавка на материјални средства		
Материјални средства во подготовка	596.127.620	596.127.620
Останати материјални средства		
III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ		
IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)	**801.396.191**	1.115.084.110
Вложувања во подружници	801.396.191	1.115.084.110
Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања		1.827.124.789
Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва		1.457.362
Побарувања по дадени долгорочни заеми		
Вложувања во долгорочни хартии од вредност (027+028+029)		0
Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање		
Вложувања во хартии од вредност расположливи за продажба		
Вложувања во хартии од вредност според објективната вредност преку добивката или загубата		
Останати долгорочни финансиски средства		
V. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (032+033+034)		
Побарувања од поврзани друштва		
Побарувања од купувачи		
Останати долгорочни побарувања		
VI. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТАВА		
Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)	**1.781.737.136**	1.227.270.067
I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)	**336.077.828**	470.039.160
Залихи на суровини и материјали	3.263.338	3.685.635
Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	78.884	
Залихи на недовршени производи и полупроизводи		
Залихи на готови производи		
Залихи на трговски стоки	332.735.606	466.353.525
Залихи на биолошки средства		
II.СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА)		
III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)	**264.293.873**	224.882.757
Побарувања од поврзани друштва	786.415	116.015
Побарувања од купувачи	121.030.943	82.312.279
Побарувања за дадени аванси на добавувачи	1.148.885	1.148.885

Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	176.862	174.504
Побарувања од вработените	319.762	606.635
Останати краткорочни побарувања	140.831.007	140.524.439
IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058)	**282.542.500**	252.542.500
Вложувања во хартии од вредност (054+055)		0
Вложувања кои се чуваат до доспевање		
Вложувања според објективната вредност преку добивката и загубата		
Побарувања по дадени заеми од поврзани друштва		0
Побарувања по дадени заеми	282.542.500	252.542.500
Останати краткорочни финансиски средства		
V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)	**898.822.936**	279.805.650
Парични средства	898.822.936	279.805.650
Парични еквиваленти		
VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)	**46.714.033**	72.834.697
ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)	**3.355.046.429**	3.127.229.553
В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА - АКТИВА		
ПАСИВА : А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)	**1.872.352.211**	1.994.251.055
I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА	276.355.350	276.355.350
II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ	801.396.191	1.115.084.110
III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)		
IV. ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)		
V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА		
VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)	**55.271.070**	55.271.070
Законски резерви		
Статутарни резерви	55.271.070	55.271.070
Останати резерви		
VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА	14.121.534	
VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)		
IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА	**725.208.066**	547.540.525
X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА		0
XI. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО		
XII. НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО		

Б. ОБВРСКИ (082+085+095)	**1.468.865.814**	1.124.593.926
I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084)		0
Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените		
Останати долгорочни резервирања за ризици и трошоци		
II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)	14.363.024	0
Обврски спрема поврзани друштва		
Обврски спрема добавувачи		
Обврски за аванси, депозити и кауции		252.542.500
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		
Обврски по заеми и кредити		
Обврски по хартии од вредност		
Останати финансиски обврски		
Останати долгорочни обврски	14.363.024	
III. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ		
IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до 108)	**1.454.502.791**	1.124.593.926
Обврски спрема поврзани друштва	357.162	348.146
Обврски спрема добавувачи	122.436.082	137.233.950
Обврски за аванси, депозити и кауции	7.712.273	1.598.889
Обврски за даноци и придонеси на плата и на надомести на плати		
Обврски кон вработените	68.980	82.424
Тековни даночни обврски	91.020.897	31.117.419
Краткорочни резервирања за ризици и трошоци		
Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва		
Обврски по заеми и кредити		
Обврски по хартии од вредност		
Обврски по основ на учество во резултатот	790.083.025	487.043.465
Останати финансиски обврски	399.723.163	454.015.536
Останати краткорочни обврски	43.101.209	13.154.097
V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ ВО ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	13.828.404	8.384.572
VI. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА		
ВКУПНО ПАСИВА : ГЛАВНИНА, РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	**3.355.046.429**	3.127.229.553
В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА-ПАСИВА		0

Биланс на успех за период од 01.01.2025 год до 31.12.2025 год

Ред. бр.	Позиција	Износ	
		Тековна година	Предходна година
1	2	3	4
		c	b
1.	**I. ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)**	**2,260,684,674**	1.726.211.332
2.	Приходи од продажба	2,260,025,078	1.725.298.538
3.	Останати приходи	659,596	912.794
4.	Промена на вредноста на залихи на готови производи и недовршено производство		
4.а.	Залихи на готови производи и недовршено производство на почетокот на годината		
4.б.	Залихи на готови производи и недовршено производство на крајот на годината		
5.	Капитализирано сопствени производство и услуги		
6.	**II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)**	**2,130,975,754**	1.790.644.143
7.	Трошоци за суровини и други материјали	26,493,412	18.281.851
8.	Набавна вредност на продадените стоки		
9.	Набавна вредност на продадените материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми		
10.	Услуги со карактер на материјални трошоци	1,318,902,329	1.158.362.250
11.	Останати трошоци од работењето	645,872,892	494.777.132
12.	Трошоци за вработени (214+215+216+217)	**107,166,880**	92.830.413
12.а.	Плати и надоместоци на плата (нето)	63,250,223	52.246.573
12.б.	Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	25,025,556	4.876.957
12.в.	Придонеси од задолжително социјално осигурување	7,667,044	22.214.788

12.г.	Останати трошоци за вработените	11,224,057	13.492.095
13.	Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	31,747,564	17.517.113
14.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства		
15.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековните средства	0	390.594
16.	Резервирања за трошоци и ризици		
17.	Останати расходи од работењето	792,677	8.484.790
18.	**III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)**	**617,080,305**	616.430.067
19.	Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	**612,401,884**	612.784.238
19.а.	Приходи од вложувања во поврзани друштва	612,401,884	612.784.238
19.б.	Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва		
19.в.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва		
19.г.	Останати финансиски приходи од работење со поврзани друштва		
20.	Приходи од вложувања во неповрзани друштва		
21.	Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	4,577,013	3.639.096
22.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	101,408	6.733
23.	Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства		
24.	Останати финансиски приходи		
25.	**IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)**	**5,812,727**	4.456.731
26.	Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238)		
26.а.	Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва		
26.б.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва		
26.в.	Останати финансиски расходи од поврзани друштва		
27.	Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	375,416	4.356.554
28.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	315,928	74.741
29.	Нереализирани загуба (расходи) од финансиски средства		

30.	Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања		390.594
31.	Останати финансиски расходи	5,121,383	25.436
32.	Удел во добивката на придружените друштва		
33.	Удел во загуба на придружените друштва		
34.	Добивка од редовното работење (201+223+244)-(204-205+207+234+245)	**740,976,498**	547.540.525
35.	Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245)-(201+223+244)		
36.	Нето добивка од прекинати работења		
37.	Нето загуба од прекинати работења		
38.	Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	**740,976,498**	547.540.525
39.	Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)		
40.	Данок на добивка	15,768,432	
41.	Одложени даночни приходи		
42.	Одложени даночни расходи		
43.	НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	**725,208,066**	547.540.525
44.	НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)		
45.	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)		
46.	Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	12	12
47.	ДОБИВКА/ЗАГУБА ЗА ПЕРИОД	**725,208,066**	547.540.525
47.а	Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	725,208,066	547.540.525
47.б.	Добивка која им припаѓа на неконтролирано учество		
47.в	Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво		
47.г	Загуба која се однесува на неконтролирано учество		
48.	ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА		
48.а.	Вкупна основна заработувачка по акција		
48.б.	Вкупна разводнета заработувачка по акција		
48.в.	Основна заработувачка по акција од прекинато работење		
48.г.	Разводнета заработувачка по акција од прекинато работење		25.436

ИЗВЕШТАЈ ЗА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

1.	Добивка за годината	725,208,066	547.540.525
2.	Загуба за годината		
3.	Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) - (274+276+278+280+282+284)		
4.	Останата сеопфатна загуба (274+276+278+280+282+284) - (273+275+277+279+281+283)		
5.	Добивки кои произлегуваат од преведување од странско работење		
6.	Загуби кои произлегуваат од преведување од странско работење		
7.	Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба		
8.	Загуби од повторно мерење на финансиски средства расположливи за продажба		
9.	Ефективен дел од добивки од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови		
10.	Ефективен дел од загуби од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови		
11.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (+)		
12.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (-)		
13.	Актуарски добивки на дефинирани планови за користи на вработените		
14.	Актуарски загуби на дефинирани планови за користи на вработените		
15.	Удел во останата сеопфатна добивка на придружени друштва (само за потреби на консолидација)		
16.	Удел во останата сеопфатна загуби на придружени друштва (само за потреби на консолидација)		
17.	Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка		
18.	Нето останата сеопфатна добивка (271-285)		

19.	Нето останата сеопфатна загуби (285-271) или (272+285)		
20.	Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	725,208,066	547.540.525
20.а.	Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	725,208,066	547.540.525
20.б.	Сеопфатна добивка која припаѓа на неконтролираното учество		
21.	Вкупна сеопфатна загуба за годината (270+287) или (270-286) или (287-269)		
21.а.	Сеопфатна загуба која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво		
21.б.	Сеопфатна загуба која припаѓа на неконтролираното учество		

Биланс на состојба(извештај за финансиска состојба) на ден 31.12.2025

во денари

	Средства	2025	2024
1	Парични средства и парични еквиваленти	898,822,936	279.805.650
2	Побарувања од купувачи (краткорочни побарувања)	264,293,873	224.882.757
3	Залихи	336,077,828	470.039.160
4	Краткорочни финансиски средства	282,542,500	252.542.500
5	Други тековни средства (АВР)	46,714,033	72.834.697
6	**Тековни средства(1+2+3+4+5)**	**1,828,451,169**	1.300.104.764
7	Материјални средства и вложувања во недвижности	723,857,130	710.583.318
8	Долгорочни финансиски средства	801,396,191	1.115.084.110
9	Нематеријални средства	1,341,939	1.457.362
10	Долгорочни побарувања	0	0
11	Други долгорочни средства	0	0
12	**Нетековни средства (7+8+9)**	**1,526,595,259**	1.827.124.789

13	**Вкупни средства**	**3,355,046,429**	3.127.229.553
14	Вонбилансна актива		
	Обврски и акционерски капитал		
15	Краткорочни обврски	1,454,502,791	1.124.593.926
16	Одложено плаќање ма трошоци и приходи (ПВР)	13,828,404	8.384.572
17	**Тековни обврски (15+16)**	**1,468,331,195**	1.132.978.498
18	Долгорочни обврскии обврски за нетековни средства	14,363,024	0
19	Долгор. резервирања за ризици и трошоци и одл. дан.обврски	0	0
20	**Нетековни обврски**	14,363,024	0
21	**Вкупни обврски (17+20)**	**1,482,694,218**	1.132.978.498
22	Капитал	1,077,751,541	1.391.439.460
23	Акумулирана добивка	14,121,534	0
24	Резерви	55,271,070	55.271.070
25	Ревалоризациони резерви	0	0
26	Добивка или загуба за деловната година	725,208,066	547.540.525
27	**Вкупен Капитал (22+23+249+25+26)**	**1,872,352,211**	1.994.251.055
28	**Вкупно обврски и капитал (21+27)**	**3,355,046,429**	3.127.229.553
29	Вонбилансна пасива		

	Биланс на успех (извештај за добивки и загуба)	**2025 год**	2024 год
30	Приходи од продажба	2,260,025,078	1.725.298.538
31	Останати оперативни приходи	659,596	912.794
32	Залихи на готови п-ди и недовршено п-во	0	0
33	**Вкупно оперативни приходи (30+31+32)**	2,260,684,674	1.726.211.332
34	Потрошени суровини и материјали	26,493,412	18.281.851
35	Трошоци за вработени	107,166,880	92.830.413
36	Амортизација на материјални средства	31,747,564	17.517.113

37	Вредносно усогласување на тековни средства	792,677	8.875.384
38	Набавна вредност на продадени стоки	0	**0**
39	Останати оперативни расходи	1,964,775,221	1.653.139.382
40	**Вкупно оперативни расходи**	2,130,975,754	1.790.644.143
41	**Оперативна добивка(32-39)**	129,708,920	-64.432.811
42	Приходи од финансирање	617,080,305	616.430.067
43	Расходи од финансисрање	5,812,727	4.456.731
44	**Добивка пред оданочување (39+40-41)**	740,976,498	547.540.525
45	Данок на добивка	15,768,432	**0**
46	Нето добивка/загуба	725,208,066	**547.540.525**

Извештај за парични текови

		2025	**2024**
1	Нето добивка/загуба по оданочување	725,208,066	547.540.525
2	Амортизација на материјални средства	31,747,564	17.517.113
3	Вредносно усогласување на тековни средства	-792,677	-8.875.384
4	Побарувања од купувачите	-13,290,452	-91.150.583
5	**Залихи**	133,961,332	-97.126.190
6	Обврски кон добавувачи	335,352,697	661.821.395
7	Останати усогласувања		0
8	**Парични средства од оперативни активности**	1,212,186,530	1.029.726.876
9	**Парични средства од инвестиции**	45,021,376	613.622.410
10	**Парични средства од финансиски активности**	-283,687,919	577.022.719
11	**Нето зголемување/намалување на парични текови**	973,519,987	2.220.372.005
12	**Парични средства на почеток на периодот**	279,805,650	503.326.626
13	**Парични средства наа крај на периодот**	**898,822,936**	279.805.650

Извештај за промена во капиталот

	2025 год	**2024 год**

1	Номиниран капитал	1,077,751,541	1.391.439.460
2	Нераспределена добивка/загуба на почеток на периодот	14,121,534	0
3	Нето добивка /загуба за деловната година	725,208,066	547.540.525
4	Резерви	55,271,070	55.271.070
5	Реваloризациони резерви		0
6	Дивиденда		0
7	Усогласување на задржаната добивка		0
8	Нераспределена добивка на крајот на периодот	794,600,670	602.811.595
9	**Вкупно капитал**	**2,666,952,880**	2.597.062.650

Континуитетот и стабилноста на оперативното работење во текот на 2025 година имаа непосредно позитивно влијание врз финансиските резултати на Друштвото. Обврските и побарувањата на Друштвото се сервисираа навремено и во рамките на утврдените рокови на достасување, со што се обезбедија финансиска дисциплина, стабилна ликвидност и непречено одвивање на редовните деловни процеси.

Зголемените парични текови дополнително ја потврдуваат поврзаноста меѓу успешното оперативно работење и подобрената финансиска позиција на Друштвото. Остварената ликвидност и расположливите финансиски средства создаваат потенцијал за натамошен развој, модернизација на деловните процеси и реализација на идни инвестиции.

Како непосреден резултат на реализираните оперативни активности и ефикасното финансиско управување, Друштвото во 2025 година оствари позитивен финансиски резултат во износ од 740.976.498,00 денари пред оданочување, односно 725.208.066,00 денари по оданочување.

Врз основа на остварените оперативни и финансиски показатели, може да се констатира дека 2025 година претставува успешна деловна година за Државната лотарија, обележана со стабилно работење, позитивен финансиски резултат, навремено сервисирање на обврските и создавање цврста основа за натамошен раст, развој и инвестициски активности.

XV. СПРЕЧУВАЊЕ НА ПЕРЕЊЕ ПАРИ И ФИНАНСИРАЊЕ НА ТЕРОРИЗАМ

Во текот на 2025 година, Државната лотарија продолжи со систематско унапредување на механизмите за спречување перење пари, поврзани казниви дела и финансирање тероризам, преку доследна примена на законските и подзаконските обврски, зајакнување на интерните контролни процеси и континуирано следење на деловните односи и паричните текови поврзани со приредувањето игри на среќа.

Во функција на исполнување на обврските утврдени со член 69 од Законот за спречување перење пари и финансирање тероризам, „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 151/22, 208/24, 59/25 и 267/25)во рамките на Друштвото дејствува Секторот за спречување перење пари и финансирање тероризам, како специјализирана организациска единица надлежна за воспоставување, спроведување и следење на системот на мерки, дејствија и постапки за откривање и спречување на ризиците од перење пари, поврзани казниви дела и финансирање тероризам.

Работењето на Секторот во извештајниот период беше насочено кон обезбедување целосна нормативна усогласеност на Друштвото, навремено препознавање и проценување на ризиците, проверка на деловните односи и паричните текови, како и кон исполнување на обврските за евидентирање, анализа и известување на надлежните институции.

Преку ваквиот пристап беше обезбедена континуирана контролна и превентивна функција во работењето на Друштвото, особено имајќи ја предвид специфичноста на дејноста на приредување игри на среќа и поврзаните ризици што произлегуваат од обемот, структурата и динамиката на паричните трансакции.

Анализа и следење на деловните односи и паричните текови

Во текот на 2025 година, Секторот вршеше анализа на договорните односи што Државната лотарија ги воспоставува врз основа на договори за деловна соработка, јавни повици и постапки за јавни набавки.
Анализата го опфаќаше текот на паричните средства што се исплаќаат на деловните соработници, идентификацијата на нивните крајни сопственици, трансакциските сметки и преносите на средства, како и вредноста и економската оправданост на воспоставените договорни односи.

Паралелно со следењето на деловните соработници, Секторот вршеше анализа на учесниците и добитниците од игрите на среќа што ги приредува Друштвото, вклучително и на вредноста, зачестеноста и начинот на уплата на влоговите и исплатата на добивките.

Врз основа на Програмата за спречување перење пари и финансирање тероризам и Проценката на ризик на Друштвото, редовните анализи особено ги опфаќаа:

1. учесниците во игрите на среќа што ги приредува Државната лотарија;
2. добитниците на добивки од игрите на среќа што ги приредува Државната лотарија;
3. крајните сопственици на деловните соработници со кои Државната лотарија има воспоставено деловен однос;
4. трансакциските сметки и преносите на средства на деловните соработници;
5. трансакциските сметки и преносите на средства на добитниците од игрите на среќа;
6. вредноста на договорите за деловна соработка;
7. вредноста на добивките остварени од игрите на среќа што ги приредува Друштвото.

Со спроведувањето на овие анализи се обезбедуваше систематско следење на релевантните деловни и финансиски односи, навремено идентификување на потенцијалните ризици и создавање соодветна документарна основа за понатамошно постапување.

Известување за трансакции и добивки над утврдениот законски праг

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, во соработка со Секторот за информатички технологии и Секторот за финансии и сметководство, Секторот за спречување перење пари и финансирање тероризам достави до Агенцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам вкупно 567 електронски записи, односно извештаи во XML формат.

Извештаите се однесуваа на добитници што еднократно или повеќекратно остварile добивка во износ поголем од 60.000 денари, како и на учесници во игрите на среќа на Државната лотарија што еднократно или повеќекратно уплатиле влог во износ поголем од 60.000 денари.

Подготовката и доставувањето на електронските извештаи се реализираа преку координирано постапување на надлежните организациски единици, со цел обезбедување точност, целосност и навременост на податоците што се предмет на законската обврска за известување.

Покрај анализите на добитниците што еднократно или повеќекратно остварile добивка поголема од 60.000 денари, во текот на извештајниот период Секторот спроведуваше и секојдневни анализи преку апликацијата е ПДД на Управата за јавни приходи, за добитниците што еднократно или повеќекратно остварile добивка во износ помал од 60.000 денари.

Со ваквиот сеопфатен пристап, контролата не беше ограничена само на трансакциите над законски утврдениот праг, туку опфаќаше и редовно следење на добивките со пониска вредност, во функција на препознавање на евентуални поврзани, повторливи или невообичаени трансакциски активности.

Анализа и идентификација на учесниците и добитниците

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, Секторот изврши анализа и идентификација на вкупно 91.325 добитници од игрите на среќа што ги приредува Државната лотарија.

Во рамките на спроведената анализа, 2.897 лица беа идентификувани како добитници што остварile добивка од игрите на среќа на Државната лотарија или извршиле уплата за учество во игрите на класичен начин, односно преку уплатните места на деловните соработници на Друштвото, при што добивките им биле исплатени на трансакциска сметка, преку физичко присуство во просториите на Државната лотарија или преку веб страницата за уплата на игрите Лото 7/37 и Џокер, www.loto.mk.

Дополнително, 354 добитници остварile добивки еднакви или поголеми од 60.000 денари од игрите на среќа на Државната лотарија преку веб страницата www.loto.mk, додека 119 различни добитници остварile добивка во износ поголем од 5.000 денари преку истата веб страница.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, 90.971 добитник остварил добивка од интернет игрите на среќа преку платформата „Мегавин", www.megawin.mk.

Наведените добитници беа предмет на анализа од страна на Секторот, при што, врз основа на извршените проверки и утврдените критериуми, до Агенцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам беа доставени наведените 567 извештаи во XML формат.

Обемот на спроведените анализи и бројот на идентификувани добитници го потврдуваат значењето на воспоставените механизми за континуирано следење, обработка и проверка на податоците, како и потребата од координирано дејствување меѓу организациските единици на Друштвото.

Програмска и ризично заснована основа на анализите

Анализите и контролните активности во текот на 2025 година беа спроведувани врз основа на Програмата за спречување перење пари и финансирање тероризам, заведена под архивски број 14-2809/1 од 08.04.2024 година, како и врз основа на Проценката на ризик, заведена под архивски број 14-2809/2 од 08.04.2024 година.

Програмата и Проценката на ризик претставуваат основни интерни документи врз чија основа се определуваат методологијата, интензитетот и опфатот на мерките за следење и контрола.

Примената на пристап заснован врз процена на ризик овозможува ресурсите и контролните активности да бидат насочени кон деловните односи, учесниците, добитниците и трансакциите кај кои е утврдено повисоко ниво на изложеност на ризик.

На тој начин, системот за спречување перење пари и финансирање тероризам не се сведува само на формално исполнување на законските обврски, туку претставува активен механизам за превенција, управување со ризиците и заштита на законитоста и интегритетот на работењето на Друштвото.

Анализа на договорните односи и идентификација на крајните сопственици

Имајќи ја предвид основната дејност на Државната лотарија, односно приредувањето игри на среќа, договорите за деловна соработка што Друштвото ги склучува со деловните соработници, за потребите на анализата во областа на спречувањето перење пари и финансирање тероризам, беа систематизирани во три категории:

1. договори за деловна соработка за прием на уплати и исплата на добивки од лотариските игри на среќа Лото 7/37 и Џокер;
2. договори за деловна соработка за прием на уплати и исплата на добивки од електронските игри на среќа Кено;
3. договори што Државната лотарија ги склучува врз основа на постапка за јавна набавка или јавен повик.

Во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, Државната лотарија склучи 16 договори за деловна соработка за прием на уплати и исплата на добивки од лотариските игри на среќа Лото 7/37 и Џокер.

Во истиот период, Друштвото не склучи договори за деловна соработка за прием на уплати и исплата на добивки од електронските игри на среќа Кено.

По пат на постапки за јавни набавки, во периодот од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година, Државната лотарија склучи 52 договори за деловна соработка.

Во однос на наведените договорни односи, Секторот изврши анализа на деловните соработници и идентификација на нивните крајни сопственици. Со ова се обезбеди поголема транспарентност на сопственичката структура на субјектите со кои Друштвото воспоставува деловни односи, како и соодветна контрола на потенцијалните ризици поврзани со нивниот статус, сопственост и финансиско работење.

Остварени резултати и придонес кон усогласеноста на Друштвото

Резултатите остварени во 2025 година ја потврдуваат функционалноста на воспоставениот систем за спречување перење пари и финансирање тероризам во Државната лотарија.

Преку анализа и идентификација на учесниците и добитниците, следење на паричните текови, проверка на договорните односи и крајните сопственици, секојдневна обработка на податоците и навремено доставување извештаи до надлежната институција, беше обезбедена континуирана примена на законските и интерните контролни механизми.

Во текот на извештајниот период, секторот оствари значаен придонес кон:

- доследното применување на законските и подзаконските обврски;
- унапредувањето на системот на интерни контроли;
- навременото препознавање и проценување на ризиците;
- обезбедувањето следливост и проверливост на релевантните парични текови;
- идентификацијата на учесниците, добитниците, деловните соработници и нивните крајни сопственици;
- навременото и целосно известување на надлежната институција;
- заштитата на правниот, финансискиот и институционалниот интегритет на Друштвото.

На овој начин, функцијата за спречување перење пари и финансирање тероризам претставува значаен сегмент од системот на корпоративно управување, нормативна усогласеност и управување со ризиците во Државната лотарија.

Преку континуираната контрола, евидентирање и анализа на преземените мерки, дејствија и постапки, Друштвото обезбедува соодветна институционална подготвеност за откривање и спречување перење пари, поврзани казниви дела и финансирање тероризам, како и за заштита на законитоста, транспарентноста и довербата во неговото работење.

XVI. КОРПОРАТИВНА ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ

Корпоративната општествена одговорност претставува суштинска компонента на деловната филозофија, корпоративната култура и институционалниот идентитет на Државната лотарија. Таа не се исцрпува единствено преку финансиска поддршка на поединечни проекти и иницијативи, туку претставува трајна определба деловниот успех на Друштвото да се поврзува со создавање поширока општествена вредност, солидарност и непосреден придонес кон заедницата.

Во текот на 2025 година, општествените, економските и развојните предизвици дополнително ја потврдија важноста на солидарноста, заедништвото, човечноста и заемната поддршка. Потребата од навремено препознавање на потребите на граѓаните и заедницата, како и од одговорно и координирано дејствување, претст
авуваше значаен поттик Друштвото да продолжи проактивно да ја остварува својата општествена улога.

Како друштво во целосна државна сопственост, кое својата основна дејност ја врши во функција и на поширокиот јавен интерес, Државната лотарија посветува особено внимание на потребите на организациите, здруженијата, институциите и другите субјекти што реализираат активности од значење за заедницата. Притоа, посебен сензибилитет се покажува кон иницијативите насочени кон поддршка на социјално ранливите и маргинализираните категории, лицата со попреченост, младите, лицата и семејствата изложени на економски и социјални ризици, како и кон проектите што придонесуваат за унапредување на квалитетот на животот.

Стратегијата за корпоративна општествена одговорност се реализира систематски, плански и во согласност со финансиските можности на Друштвото. Поддршката се обезбедува преку доделување донации и спонзорства во рамките на средствата утврдени со Финансискиот план на Акционерското друштво за приредување игри на среќа во државна сопственост, Државна лотарија на Република Северна Македонија за 2025 година, со почитување на законските и интерните процедури и врз основа на одлуки донесени од надлежните органи на Друштвото.

Во текот на 2025 година, Управниот одбор донесе повеќе одлуки за доделување спонзорства и донации, со цел поддршка на проекти, манифестации и иницијативи со значаен јавен и општествен придонес. Преку овие активности, Друштвото обезбеди поддршка во повеќе области, меѓу кои спортот, културата, образованието, науката, уметноста, хуманитарните и социјалните активности, здравствената и рехабилитациската поддршка, развојот на младите, како и проектите од значење за локалните заедници.
Поддршката на спортските активности беше насочена кон афирмирање на спортските вредности, поттикнување здрави животни навики, развој на натпреварувачкиот дух и создавање можности за

вклучување на младите во организирани спортски содржини. Во областа на културата и уметноста, Друштвото придонесе кон реализација на музички, сценски, културни и други уметнички проекти, како и кон зачувување и промовирање на културното наследство и традиционалните вредности.

Во делот на образованието, науката и иновациите, поддршката беше насочена кон активности што придонесуваат за развој на знаењето, истражувањето, креативноста и професионалните компетенции, особено кај младите. Истовремено, преку поддршка на хуманитарни, социјални и здравствени иницијативи, Друштвото ја изрази својата определба за солидарност, човечност и непосредна помош на лицата и категориите на кои таквата поддршка им е најпотребна.

Спонзорствата и донациите се реализираа врз јасна правна и документарна основа, со прецизно утврдени цели, намени, права и обврски на корисниците на поддршката, како и механизми за следење и потврдување на реализацијата на поддржаните активности. На овој начин се обезбедуваа законитост, транспарентност, отчетност и наменско користење на доделените средства.

Општествено одговорното дејствување на Државната лотарија е непосредно поврзано и со нејзината основна дејност. Преку промовирањето на принципите на одговорно приредување и одговорно учество во игрите на среќа, Друштвото придонесува кон подигнување на јавната свест за значењето на умереното и информирано учество, заштитата на ранливите категории и одржувањето рамнотежа меѓу забавниот карактер на игрите и одговорноста кон поединецот и заедницата.

Корпоративната општествена одговорност претставува и значаен фактор во градењето и одржувањето на довербата во Друштвото. Како што се зголемува бројот на позитивни и добитни приказни поврзани со игрите на среќа што ги приредува Државната лотарија, така се зацврстува и нејзиниот идентитет како институција блиска до граѓаните, веродостојна, одговорна и активно вклучена во создавањето подобри услови за живот и развој.

Преку континуираната поддршка на проекти и иницијативи од јавен интерес, Државната лотарија ја потврдува определбата дека деловниот успех добива своја целосна вредност тогаш кога дел од создадената вредност повторно се насочува кон заедницата. Ваквиот пристап ја зајакнува поврзаноста меѓу економската успешност, институционалната одговорност и општото добро.

Државната лотарија верува дека можностите, поддршката и позитивните промени треба да бидат достапни за што поголем број граѓани. Токму оваа визија претставува водечка вредност во активностите што

Друштвото ги создава, поддржува и реализира, определувајќи го неговиот придонес кон похумано, посолидарно и поинклузивно општество.

Остварените активности во 2025 година ја потврдуваат доследноста на Државната лотарија во спроведувањето на нејзината општествено одговорна мисија. Во наредниот период, Друштвото ќе продолжи да ја унапредува оваа област преку планска, транспарентна и одговорна поддршка на проекти што создаваат мерлива и долгорочна вредност за граѓаните и заедницата, во согласност со јавниот интерес, расположливите финансиски средства и стратегиските определби на Друштвото.

ЗАКЛУЧОК

Работењето на Државната лотарија во текот на 2025 година беше обележано со финансиска стабилност, позитивни деловни резултати, зголемена оперативна ефикасност и континуирано унапредување на клучните деловни процеси. Остварените резултати ја потврдуваат способноста на Друштвото успешно да одговори на современите пазарни, технолошки, регулаторни и организациски предизвици, при истовремено обезбедување законито, сигурно, транспарентно и одговорно приредување на игрите на среќа.

Финансиската стабилност и остварениот раст создадоа услови за посветена реализација на стратегиските приоритети на Друштвото, преку зајакнување на маркетиншките и комуникациските активности, проширување и унапредување на примарната и секундарната продажна мрежа, модернизација на информатичката и техничката инфраструктура и воведување нови иницијативи и иновативни решенија во повеќе сегменти од работењето.

Овие активности беа насочени кон подобрување на достапноста и квалитетот на услугите, збогатување на понудата на игри на среќа, зголемување на довербата и задоволството на учесниците, како и кон создавање долгорочна вредност за Друштвото, акционерот и поширокаta општествена заедница.

Зголемената оперативна ефикасност непосредно се одрази врз резултатите од приредувањето на игрите на среќа и врз целокупното работење на Друштвото. Подоброто планирање, координацијата меѓу организациските единици, унапредувањето на продажните, логистичките, информатичките и контролните процеси, како и рационалното управување со ресурсите, придонесоа кон остварување позитивен финансиски резултат и зајакнување на финансиската позиција на Друштвото.

Значајните подобрувања во деловните и финансиските перформанси ја потврдуваат оправданоста на преземените политики и активности и ја зацврстуваат довербата во развојната насока на Друштвото. Остварените резултати истовремено претставуваат основа за поставување поамбициозни долгорочни цели, насочени кон одржлив раст, дигитална трансформација, иновации, диверзификација на понудата и континуирано унапредување на услугите.

Посебна вредност на работењето во 2025 година претставува фактот што деловниот и финансискиот развој се одвиваше паралелно со јакнењето на нормативната усогласеност, корпоративното управување, системите за контрола и управување со ризиците, информатичката безбедност и механизмите за

спречување перење пари и финансирање тероризам. На овој начин се обезбедуваше стабилноста на тековното работење и се создаваше сигурна институционална основа за натамошен развој.

Државната лотарија и во текот на 2025 година ја потврди својата општествена улога преку поддршка на проекти и иницијативи од јавен интерес и преку промовирање на принципите на одговорно приредување и одговорно учество во игрите на среќа. Со поврзувањето на деловната успешност со солидарноста, поддршката на заедницата и создавањето поширока општествена вредност, Друштвото го зацврстува својот институционален идентитет како одговорна, доверлива и општествено ангажирана компанија.

Врз основа на целокупните показатели, може да се констатира дека 2025 година претставува успешна и развојно значајна деловна година за Државната лотарија. Остварените финансиски и оперативни резултати, реализираните проекти, унапредените деловни процеси и зајакнатите институционални капацитети создаваат стабилна основа за продолжување на позитивните трендови и за остварување на стратегиските цели во наредниот период.

Во иднина, Друштвото ќе продолжи да го насочува своето работење кон одржување на финансиската стабилност, зголемување на оперативната ефикасност, развој и модернизација на игрите на среќа, унапредување на продажните и дигиталните канали, зајакнување на професионалните капацитети и доследна примена на највисоките стандарди на законитост, сигурност, транспарентност и општествена одговорност.

Со јасна визија, стабилна финансиска основа, професионален пристап и континуирана посветеност кон развојот и јавниот интерес, Државната лотарија влегува во наредниот период подготвена да ги надгради постигнатите резултати, да ги искористи новите развојни можности и да ја зацврсти својата позиција како современа, успешна и општествено одговорна институција.

Генерален директор

проф. д-р Александар Климовски

Бр. 02 – 4872/2

30.06. **2026 година**

ПРИЛОГ 2 – ЕДИНЕЧНА ГОДИШНА СМЕТКА

ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА

бул. Гоце Делчев бр. 8,
1000 Скопје
тел. (02) 55 11 991

АД ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА

ГОДИШНА СМЕТКА

за работење за период

од 01.01.2025 година до 31.12.2025 година

Скопје, март 2026 година

WWW.LOTO.MK

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
14.	Биолошки средства	016		0	0
15.	Аванси за набавка на материјални средства	017		0	0
16.	Материјални средства во подготовка	018		596,127,620	596,127,620
17.	Останати материјални средства	019		0	0
18.	**III. ВЛОЖУВАЊА ВО НЕДВИЖНОСТИ**	020		**0**	**0**
19.	**IV. ДОЛГОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (022+023+024+025+026+030)**	021		**801,396,191**	**1,115,084,110**
20.	Вложувања во подружници	022		801,396,191	1,115,084,110
21.	Вложувања во придружени друштва и учества во заеднички вложувања	023		0	0
22.	Побарувања по дадени долгорочни заеми на поврзани друштва	024		0	0
23.	Побарувања по дадени долгорочни заеми	025		0	0
24.	Вложувања во долгорочни хартии од вредност (027+028+029)	026		*0*	*0*
24.а.	Вложувања во хартии од вредност кои се чуваат до доспевање	027		0	0
24.б.	Вложувања во хартии од вредност расположиви за продажба	028		0	0
24.в.	Вложувања во хартии од вредност според објективната вредност преку добивката или загубата	029		0	0
25.	Останати долгорочни финансиски средства	030		0	0
26.	**V. ДОЛГОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (032+033+034)**	031		**0**	**0**
27.	Побарувања од поврзани друштва	032		0	0
28.	Побарувања од купувачи	033		0	0
29.	Останати долгорочни побарувања	034		0	0
30.	**VI. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ СРЕДСТВА**	035		**0**	**0**
31.	**Б. ТЕКОВНИ СРЕДСТВА (037+045+052+059)**	036		**1,781,737,135**	**1,227,270,067**
32.	**I. ЗАЛИХИ (038+039+040+041+042+043)**	037		**336,077,828**	**470,039,160**
33.	Залихи на суровини и материјали	038		3,263,338	3,685,635
34.	Залихи на резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	039		78,884	0
35.	Залихи на недовршени производи и полупроизводи	040		0	0
36	Залихи на готови производи	041		0	0
37.	Залихи на трговски стоки	042		332,735,606	466,353,525
38.	Залихи на биолошки средства	043		0	0

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6

39.	**II. СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТУЃУВАЊЕ) НАМЕНЕТИ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА**	044		**0**	**0**
40.	**III. КРАТКОРОЧНИ ПОБАРУВАЊА (046+047+048+049+050+051)**	045		**264,293,872**	**224,882,757**
41.	Побарувања од поврзани друштва	046		786,414	116,015
42.	Побарувања од купувачи	047		121,030,943	82,312,279
43.	Побарувања за дадени аванси на добавувачи	048		1,148,885	1,148,885
44.	Побарувања од државата по основ на даноци, придонеси, царина, акцизи и за останати давачки кон државата (претплати)	049		176,862	174,504
45.	Побарувања од вработените	050		319,762	606,635
46.	Останати краткорочни побарувања	051		140,831,007	140,524,439
47.	**IV. КРАТКОРОЧНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА (053+056+057+058)**	052		**282,542,500**	**252,542,500**
48.	Вложувања во хартии од вредност (054+055)	053		*0*	*0*
48.а.	Вложувања кои се чуваат до доспевање	054		0	0
48.б.	Вложувања според објективната вредност преку добивката или загубата	055		0	0
49.	Побарувања по дадени заеми на поврзани друштва	056		0	0
50.	Побарувања по дадени заеми	057		282,542,500	252,542,500
51.	Останати краткорочни финансиски средства	058			0
52.	**V. ПАРИЧНИ СРЕДСТВА И ПАРИЧНИ ЕКВИВАЛЕНТИ (060+061)**	059		**898,822,936**	**279,805,650**
52.а.	Парични средства	060		898,822,936	279,805,650
52.б.	Парични еквиваленти	061		0	0
53.	**VI. ПЛАТЕНИ ТРОШОЦИ ЗА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ И ПРЕСМЕТАНИ ПРИХОДИ (АВР)**	062		**46,714,033**	**72,834,697**
54.	**ВКУПНА АКТИВА: СРЕДСТВА (001+035+036+044+062)**	063		**3,355,046,427**	**3,127,229,554**
55.	**В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА – АКТИВА**	064		**0**	**0**
56.	**ПАСИВА: А. ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ (066+067-068-069+070+071+075-076+077-078)**	065		**1,872,352,211**	**1,994,251,056**
57.	**I. ОСНОВНА ГЛАВНИНА**	066		**276,355,350**	**276,355,350**
58.	**II. ПРЕМИИ НА ЕМИТИРАНИ АКЦИИ**	067		**801,396,191**	**1,115,084,110**
59.	**III. СОПСТВЕНИ АКЦИИ (-)**	068		**0**	**0**
60.	**IV. ЗАПИШАН, НЕУПЛАТЕН КАПИТАЛ (-)**	069		**0**	**0**
61.	**V. РЕВАЛОРИЗАЦИСКА РЕЗЕРВА И РАЗЛИКИ ОД ВРЕДНУВАЊЕ НА КОМПОНЕНТИ НА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА**	070		**0**	**0**
62.	**VI. РЕЗЕРВИ (072+073+074)**	071		**55,271,070**	**55,271,071**
63.	Законски резерви	072		0	0
64.	Статутарни резерви	073		55,271,070	55,271,071
65.	Останати резерви	074		0	

Реден број	П О З И Ц И Ј А	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
66.	**VII. АКУМУЛИРАНА ДОБИВКА**	075		**14,121,534**	

67.	**VIII. ПРЕНЕСЕНА ЗАГУБА (-)**	076		**0**	
68.	**IX. ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	077		**725,208,066**	**547,540,525**
69.	**X. ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА**	078		**0**	**0**
70.	**XI. ГЛАВНИНА НА СОПСТВЕНИЦИТЕ НА МАТИЧНОТО ДРУШТВО**	079			
71.	**XII. НЕКОНТРОЛИРАНО УЧЕСТВО**	080		**0**	
72.	**Б. ОБВРСКИ (082+085+095)**	081		**1,453,097,381**	**1,124,593,926**
73.	**I. ДОЛГОРОЧНИ РЕЗЕРВИРАЊА ЗА РИЗИЦИ И ТРОШОЦИ (083+084)**	082		**0**	**0**
74.	Резервирања за пензии, отпремнини и слични обврски кон вработените	083		0	
75.	Останати долгорочни резервирања за ризици и трошоци	084		0	
76.	**II. ДОЛГОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 086 до 093)**	085		**14,363,023**	**0**
77.	Обврски спрема поврзани друштва	086		0	
78.	Обврски спрема добавувачи	087		0	
79.	Обврски за аванси, депозити и кауции	088		0	
80.	Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва	089		0	
81.	Обврски по заеми и кредити	090		0	
82.	Обврски по хартии од вредност	091		0	
83.	Останати финансиски обврски	092		0	
84.	Останати долгорочни обврски	093		14,363,023	
85.	**III. ОДЛОЖЕНИ ДАНОЧНИ ОБВРСКИ**	094		**0**	
86.	**IV. КРАТКОРОЧНИ ОБВРСКИ (од 096 до108)**	095		**1,438,734,359**	**1,124,593,926**
87.	Обврски спрема поврзани друштва	096		357,162	348,146
88.	Обврски спрема добавувачи	097		122,436,082	137,233,950
89.	Обврски за аванси, депозити и кауции	098		7,712,273	1,598,889
90	Обврски по основ на даноци и придонеси на плата и надомести на плата	099		0	0
91.	Обврски кон вработените	100		68,980	82,424
92.	Тековни даночни обврски	101		75,252,465	31,117,419
93.	Краткорочни резервирања за ризици и трошоци	102		0	0
94.	Обврски по заеми и кредити спрема поврзани друштва	103		0	
95.	Обврски по заеми и кредити	104		0	

Реден број	П О З И Ц И Ј А	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
96.	Обврски по хартии од вредност	105		0	
97.	Обврски по основ на учество во резултатот	106		790,083,025	487,043,465
98.	Останати финансиски обврски	107		399,723,163	454,015,536
99.	Останати краткорочни обврски	108		43,101,209	13,154,097

100.	V. ОДЛОЖЕНО ПЛАЌАЊЕ НА ТРОШОЦИ И ПРИХОДИ НА ИДНИТЕ ПЕРИОДИ (ПВР)	109		13,828,403	8,384,572
101.	VI. ОБВРСКИ ПО ОСНОВ НА НЕТЕКОВНИ СРЕДСТВА (ИЛИ ГРУПИ ЗА ОТТУЃУВАЊЕ) КОИ СЕ ЧУВААТ ЗА ПРОДАЖБА И ПРЕКИНАТИ РАБОТЕЊА	110		0	0
102.	ВКУПНА ПАСИВА: ГЛАВНИНА И РЕЗЕРВИ И ОБВРСКИ (065+081+094+109+110)	111		3,339,277,994	3,127,229,554
103.	В. ВОНБИЛАНСНА ЕВИДЕНЦИЈА–ПАСИВА	112			

Лице одговорно за составување на билансот:

Име и презиме: Елеонора Марковска

Број од регистарот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија: 0109091

Лице (правен субјект) одговорно за составување на билансот: Елеонора Марковска

Целосен назив на друштвото: 0

ЕМБС: 0

Потпис

Во: 0

На ден: 15.03 2026 година

Име и презиме на законскиот застапник на друштвото

Во, Скопје: АЛЕКСАНДАР КЛИМОВСКИ

На ден: 15.03 2026 година

Потпис

											Период				Контролор											
			0	6	4	3	6	8	4	6	2	1	0	0	6	4	3	6	8	4	6	0	1	5	8
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10	11	12	13	14	15	16	17	18	19	20	21	22	23	24	25	26
Вид работа			Идентификационен број (ЕМБС)								Резервни кодекси														

Назив на друштвото	**АД ДРЖАВНА ЛОТАРИЈА**
Адреса, седиште и телефон	Бул.Гоце Делчев бр.8, Скопје — Скопје — 078/348-692
Адреса за е-пошта	office@loto.mk
Единствен даночен број	4030008053368

БИЛАНС НА УСПЕХ
(ИЗВЕШТАЈ ЗА ДОБИВКА ИЛИ ЗАГУБА)

за периодот од **01.01.** до **31.12.** **2025** година

(во денари)

Реден број	П О З И Ц И Ј А	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
1.	I. **ПРИХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (202+203+206)**	201		**2,260,684,674**	**1,726,211,332**
2.	Приходи од продажба	202		2,260,025,078	1,725,298,538
3.	Останати приходи	203		659,596	912,794
4.	Промена на вредноста на залихи на готови производи и на недовршено производство	XXX	XXX	XXX	XXX
4.а.	Залихи на готови производи и на недовршено производство на почетокот на годината	204		0	0
4.б.	Залихи на готови производи и на недовршено производство на крајот на годината	205		0	0
5.	Капитализирано сопствено производство и услуги	206		0	0
6.	**II. РАСХОДИ ОД РАБОТЕЊЕТО (208+209+210+211+212+213+218+219+220+221+222)**	207		**2,130,975,754**	**1,790,644,143**
7.	Трошоци за суровини и други материјали	208		26,493,412	18,281,851
8.	Набавна вредност на продадени стоки	209		0	0
9.	Набавна вредност на продадени материјали, резервни делови, ситен инвентар, амбалажа и автогуми	210		0	0
10.	Услуги со карактер на материјални трошоци	211		1,318,902,329	1,158,362,250
11.	Останати трошоци од работењето	212		645,872,892	494,777,132
12.	Трошоци за вработени (214+215+216+217)	213		*107,166,880*	*92,830,413*
12.а.	Плати и надоместоци на плати (нето)	214		63,250,223	52,246,573

Реден		Ознака	Број на	Износ

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
12.б.	Трошоци за даноци на плати и надоместоци на плата	215		25,025,556	4,876,957
12.в.	Придонеси од задолжително социјално осигурување	216		7,667,044	22,214,788
12.г.	Останати трошоци за вработените	217		11,224,057	13,492,095
13.	Амортизација на материјалните и нематеријалните средства	218		31,747,564	17,517,113
14.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на нетековни средства	219		0	0
15.	Вредносно усогласување (обезвреднување) на тековни средства	220		0	390,594
16.	Резервирања за трошоци и ризици	221		0	0
17.	Останати расходи од работењето	222		792,677	8,484,790
18.	**III. ФИНАНСИСКИ ПРИХОДИ (224+229+230+231+232+233)**	223		**617,080,305**	**616,430,067**
19.	Финансиски приходи од односи со поврзани друштва (225+226+227+228)	224		*612,401,884*	*612,784,238*
19.а.	Приходи од вложувања во поврзани друштва	225		612,401,884	612,784,238
19.б.	Приходи по основ на камати од работење со поврзани друштва	226		0	
19.в.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва	227		0	
19.г.	Останати финансиски приходи од работење со поврзани друштва	228		0	
20.	Приходи од вложувања во неповрзани друштва	229		0	
21.	Приходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	230		4,577,013	3,639,096
22.	Приходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	231		101,408	6,733
23.	Нереализирани добивки (приходи) од финансиски средства	232		0	
24.	Останати финансиски приходи	233		0	
25.	**IV. ФИНАНСИСКИ РАСХОДИ (235+239+240+241+242+243)**	234		**5,812,727**	**4,456,731**
26	Финансиски расходи од односи со поврзани друштва (236+237+238)	235		0	0
26.а.	Расходи по основ на камати од работење со поврзани друштва	236		0	
26.б.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со поврзани друштва	237		0	
26.в.	Останати финансиски расходи од поврзани друштва	238		0	
27.	Расходи по основ на камати од работење со неповрзани друштва	239		375,416	4,356,554
28.	Расходи по основ на курсни разлики од работење со неповрзани друштва	240		315,928	74,741

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година

1	2	3	4	5	6
29.	Нереализирани загуби (расходи) од финансиски средства	241		0	0
30.	Вредносно усогласување на финансиски средства и вложувања	242		0	0
31.	Останати финансиски расходи	243		5,121,383	25,436
32.	Удел во добивката на придружените друштва	244		0	0
33.	Удел во загубата на придружените друштва	245		0	0
34.	Добивка од редовното работење (201+223+244) - (204-205+207+234+245)	246		740,976,498	547,540,525
35.	Загуба од редовното работење (204-205+207+234+245) - (201+223+244)	247		0	0
36.	Нето добивка од прекинати работења	248		0	0
37.	Нето загуба од прекинати работења	249		0	0
38.	Добивка пред оданочување (246+248) или (246-249)	250		740,976,498	547,540,525
39.	Загуба пред оданочување (247+249) или (247-248)	251		0	0
40.	Данок на добивка	252		15,768,432	0
41.	Одложени даночни приходи	253		0	0
42.	Одложени даночни расходи	254		0	0
43.	НЕТО ДОБИВКА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (250-252+253-254)	255		725,208,066	547,540,525
44.	НЕТО ЗАГУБА ЗА ДЕЛОВНАТА ГОДИНА (251+252-253+254)	256		0	0
45.	Просечен број на вработени врз основа на часови на работа во пресметковниот период (во апсолутен износ)	257			
46.	Број на месеци на работење (во апсолутен износ)	258		12	12
47.	ДОБИВКА / ЗАГУБА ЗА ПЕРИОДОТ	259		725,208,066	547,540,525
47.а.	Добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	260		725,208,066	547,540,525
47.б.	Добивка која припаѓа на неконтролираното учество	261		0	0
47.в.	Загуба која се однесува на имателите на акции на матичното друштво	262		0	0
47.г.	Загуба која се однесува на неконтролираното учество	263		0	0
48.	ЗАРАБОТУВАЧКА ПО АКЦИЈА	264		0	0
48.а.	Вкупна основна заработувачка по акција	265		0	0
48.б.	Вкупно разводнета заработувачка по акција	266		0	0
48.в.	Основна заработувачка по акција од прекинато работење	267		0	0
48.г.	Разводнета заработувачка по акција од прекинато работење	268		0	0

ИЗВЕШТАЈ ЗА ОСТАНАТА СЕОПФАТНА ДОБИВКА

за периодот од **01.01.** до **31.12.** **2025** година

Реден		Ознака	Број на	Износ

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
1.	Добивка за годината	269		**725,208,066**	**547,540,525**
2.	Загуба за годината	270		**0**	**0**
3.	Останата сеопфатна добивка (273+275+277+279+281+283) -(274+276+278+280+282+284)	271		**0**	**0**
4.	Останата сеопфатна загуба (274+276+278+280+282+284) - 273+275+277+279+281+283)	272		**0**	**0**
5.	Добивки кои произлегуваат од преведување на странско работење	273		0	0
6.	Загуби кои произлегуваат од преведување на странско работење	274		0	0
7.	Добивки од повторно мерење на финансиски средства расположиви за продажба	275		0	0
8.	Загуби од повторно мерење на финансиски средства расположиви за продажба	276		0	0
9.	Ефективен дел од добивки од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови	277		0	0
10.	Ефективен дел од загуби од хеџинг инструменти за хеџирање на парични текови	278		0	0
11.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (+)	279		0	0
12.	Промени на ревалоризациските резерви за нетековни средства (-)	280		0	0
13.	Актуарски добивки на дефинирани планови за користи на вработените	281		0	0
14.	Актуарски загуби на дефинирани планови за користи на вработените	282		0	0
15.	Удел во останата сеопфатна добивка на придружни друштва (само за потреби на консолидација)	283		0	0
16.	Удел во останата сеопфатна загуба на придружни друштва (само за потреби на консолидација)	284		0	0
17.	Данок на добивка на компоненти на останата сеопфатна добивка	285		0	0
18.	Нето останата сеопфатна добивка (271-285)	286		0	0
19.	Нето останата сеопфатна загуба (285-271) или (272+285)	287		0	0
20.	Вкупна сеопфатна добивка за годината (269+286) или (286-270)	288		725,208,066	547,540,525
20.а.	Сеопфатна добивка која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	289		725,208,066	547,540,525
20.б.	Сеопфатна добивка која припаѓа на неконтролираното учество	290		0	0
21.	Вкупна сеопфатна загуба за годината (270-286) или (287-269)	291		0	0

Реден број	ПОЗИЦИЈА	Ознака на АОП	Број на белешка	Износ	
				Тековна година	Претходна година
1	2	3	4	5	6
21.а.	Сеопфатна загуба која им припаѓа на имателите на акции на матичното друштво	292		0	0

21.б.	Сеопфатна загуба која припаѓа на неконтролираното учество	293			

ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ПРЕТЕЖНО ОД _____ ДЕЈНОСТ-

(Се назначува главната приходна шифра на дејноста утврдена со НКД согласно член 9 од Законот за едношалтерскиот систем - Службен весник на Република Македонија бр. 84/05, 13/07, 150/07, 140/08, 17/11, 53/11 и 70/13)

Лице одговорно за составување на билансот:

Име и презиме: Елеонора Марковска

Број од регистарот на Институтот на сметководители и овластени сметководители на Република Македонија: 0109091

Лице (правен субјект) одговорно за составување на билансот: Елеонора Марковска

Целосен назив на друштвото: 0

ЕМБС: 0

Потпис _____

Во Скопје

На ден 15.03 2026 година

Име и презиме на законскиот застапник на друштвото

Во, Скопје — АЛЕКСАНДАР КЛИМОВСКИ

На ден 15.03 2026 година — Потпис _____